# БРИТАНСКИТЕ ПЛАНОВИ
# ЗА ПОВОЕНОТО УРЕДУВАЊЕ
# НА БАЛКАНОТ И ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
# 1941-1944

Ph. D. Todor Cepreganov
Doc. D-r Sonja Nikolova

# BRITISH PLANS FOR POSTWAR ARRANGMENTS OF THE BALKANS AND SOUTHEAST EUROPE 1941-1944

SKOPJE, 2017

проф. д-р Тодор Чепреганов
доц. д-р Соња Николова

# БРИТАНСКИТЕ ПЛАНОВИ ЗА ПОВОЕНОТОУРЕДУВАЊЕ НА БАЛКАНОТ И ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

**1941-1944**

СКОПЈЕ, 2017

**CIP**

# ВОВЕД

Кон крајот на 1941 година, британските политички кругови почнале да размислуваат за повоеното уредување на Европа, пред сè да ги заштитат своите интереси, а од другастрана, како одговор на Хитлеровиот „Нов европски поредок“. Затоа, аналитичарите на Форин офис сметале дека земјите што„лежат помеѓу Германија и Италија од една страна и Русија и Турција од друга се очигледни полиња за еден таков експеримент“.[1]

Новата поделба на Балканот помеѓу силите на Оската и нивните сојузници во 1941 година, требало да го претставува „новиот поредок во Европа“. Несомнено, Велика Британија била убедена во победата на сојузниците и од самиот почеток на војната правела разни калкулации зада ги приврзе земјите од Југоисточна Европа и од Балканот кон себе. Затоа постоела и реална основа. Имено, владите на Грција, Југославија, Полска, Чехословачка се наоѓале во Лондон и биле во постојан контакт со политичките кругови на Велика Британија, кои ги помагале. Политичкиот естаблишмент на Велика Британија, уште во 1941 година, почнал со скицирање на планови за федерации, конфедерации и сојузи на земјите од Југоисточна Европа и Балканот и ги охрабрувал сојузничките влади што ги протежирале идеите за такви федерации и конфедерации.

При крајот на 1941 година, во круговите на југословенската влада во емиграција почнала да созрева идејата за

[1] Велика Британија и Македонија. Грчко-Југословенска федерација (1941 – 1942), Документи, Избор, прввод и редакција: д-р Тодор Чепреганов, д-р Теон Џинго, м-р Ирена Авировиќ, м-р Соња Николова, м-р Зоран Нечев, Скопје, 2013, 71.

формирање на југословенска федерација,која би се протегала од Трст до Варна, во која Србија била замислена од Битола до Нови Сад и од Босилеград до Карловац како единствена српска единица во конфедерација, унија на сите Југословени.[2]

Поконкретни планови во однос на иднината на Балканот, почнале да се прават по поразот на Германците пред Москва, при крајот на 1941 година. Тој пораз од страна на Велика Британија бил сфатен како можност СССР да преземе акции за продор на Балканскиот Полуостров, па дури и негово окупирање. Таа опасност била причина Британците посериозно да се зафатат со плановите за формирање на федерации, конфедерации на Балканот и пошироко во Југоисточна Европа, и покрај тоа што тоа било во спротивност со начелата на Атлантската повелба[3].

---

[2]Branko Petranović, Balkanska Federacija 1943-1948, Beograd 1991, 17.

[3]На 9 август 1941 година во заливот Пласенша на Њу Фаудленд, британскиот премиер Винстон Черчил и претседателот на САД Френклин Делано Рузвелт потпишале заедничка декларација позната под името Атлантска повелба во која биле изложени начелата што требало да ја насочат политиката на Велика Британија и САД во ист правец, а за подобра иднина на светот. Меѓу другото, во Повелбата се истакнува:

„Прво, нивните земји не тежнеат за какви било зголемувања, територијални или какви било други проширувања.

Второ, тие не сакаат да видат никакви територијални промени што не се во склоп со слободно изразените желби на народите кои се во прашање.

Трето, тие го почитуваат правото на сите народи слободно да го изберат обликот на уредување под кој ќе живеат и сакаат суверените права и самоуправа да им бидат вратени на оние на коишто со сила им се одземени.“

Од тие причини, уште при крајот на 1941 година, Черчил ќе ја дефинира својата идеја за повоено уредување на земјите на Југоисточна Европа и Балканот. Тој ќе истакне: „Јас се надевам дека во иднина ќе се создадат европски обединети држави, при што бариерите меѓу нациите ќе бидат сведени на минимум…Јас се надевам да видам создавање на совет, кој ќе се состои од десет членови, во кој ќе влезат некогашните големи држави и неколку конфедерации – скандинавска, дунавска, балканска и др“.[4]

---

Винстон Черчил.*Други светски рат*, том III, Велика Алијанса, Просвета, Београд, 1966, 407.

[4] Winstom Churrchill, The Second World War, vol. IV, London 1950, 504.

# ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ИНИЦИЈАТИВА

Во Лондон, европските и балканските влади функционирале како суверени влади. Биле разменети амбасадори и биле во постојан контакт со британската влада. Во такви услови, Лондон ќе стане центар каде уште во 1941 година почнало да се размислува за повоеното уредување на Европа, а посебно на Југоисточна Европа. Британскиот политички врв, уште при крајот на 1941 година, започнува да заговара формирање на југословенско-грчка федерација кон која се планирало да се придружат и други балкански држави. Но, во сите калкулации за формирање на какви било федерации, конфедерации или унии, ниту британските политичари, а уште помалку балканските и оние од Југоисточна Европа ја калкулираат Македонија како дел од нив. Македонија не се споменува во ниту еден документ. Се сметала за дел од Кралството Југославија и во повоеното уредување на Европа требало остане негов дел.

Првиот чекор бил преземен со операционализација на идејата на министерот за надворешни работи на Кралството Југославија, Момчило Нинчиќ[5], за склучување на унија помеѓу Југославија и Грција, која на 16 октомври 1941 година Рендел му ја изложил на министерот за надворешни работи на Велика Британија, Антони Идн. Според она што Нинчиќ му го изложил на Рендел, унијата требало да ги надмине рамките на царинска и монетарна унија и требало да претставува обединување на воените

[5]Момчило А. Нинчиќ (Јагодина, 29 мај – 10 јуни 1876 – Лозана, 23 декември 1949),професор по економијаи политичар, претседател на Друштвото на народите 1926-27. Во текот на Втората светска војна бил член на владата во егзил и ја извршувал функцијата министер за надворешни работи.

потенцијали, надворешната политика, а ќе се задржеле одделните дипломатски претставници во странство.

Во однос на вклучувањето на другите балкански држави во унијата, Нинчиќ сметал дека во тој момент, поради состојбата на окупација во која се наоѓале државите на Балканот, било неможно да се стапи во контакт со другите балкански влади и да се разговара со нив за идејата за формирање на унија или федерација. На изненадување на Рендел, југословенскиот министер истакнал дека во унијата би можела да влезе и Бугарија, за што тој разговарал со Коста Тодоров[6]. Во однос на ова, Британците сметале дека Тодоров не претставува политичар кој имал големо влијание, а во однос на југословенската влада истакнал дека пред да се пристапи кон формирање на каква било унија Србите и Хрватите[7] во југословенската влада требало да ги решат меѓусебните несогласувања.[8]

Веднаш по добивањето на оваа инфорамција, експертите на Форин офис дале свое видување. Во забелешките од нивната анализа се истакнува дека:

- Југославија по војната не би требало да се остави сама и дека е потребно уште сега да се работи за некоја федерална шема без разлика на традиционалните непријателства.

[6] Коста Тодоров (1889 Москва – 1947 Париз) бугарски революционер и политичар.

[7] Во југословенската влада во егзил постоела постојана нетрпеливост помеѓу хрватските и српските политичари кои постојано се обвинувале за тоа кој е виновник за капитулацијата на Кралството Југославија.

[8] Велика Британија и Македонија. Грчко-Југословенска федерација (1941 – 1942), Документи..., 50.

- Според нив, дадениот предлог на Нинчиќ бил досаден и стереотипен и не можел да се смета како сериозен прилог кон повоеното организирање на Баланот.

- Предлогот не го вклучувал предавањето на суверенитетот на дел од државите конституенти. Без тоа, се сметало дека предложената федерација имала мали изгледи да биде поефективна отколку сојузите и пактовите што биле склучени пред војната.

- Федералните унии биле многу големи. Проектираната шема предочувала асоцијација на вооружени национални држави на предвоена линија на Југославија, Бугарија, Грција и Романија, секоја со своја сопствена армија, морнарица и воздушни сили и со нивните чудни проблеми и амбиции што требало да се решат со „пријателски дискусии“. Тоа, според експертите на Форин офис, било негледање на фактите во лице. Како отворени останувале прашањата со Албанија, Трансилванија, Македонија и Добруџа и бугарскиот излез на Егејот.

Според нив, за да заживеела некоја федерација на Балканот биле потребни два услова:

- малцинствата, колку што било можно целосно да бидат застапени како индивидуални единици, т.е. секоја единица би требало да претставува неподелен интерес и само еден интерес,
- составните единици би биле премногу мали, премногу бессилни и премногу бројни за да можат, било сами било во мали групи, да им се спротивставаат на мнозинствата.[9]

[9] Исто таму, 51 – 52.

Експертот на Форин офис,Сарџент[10], сметал дека Велика Британија требало да ја прифати идејата за унија, но како балканска унија во која требало да влезат сите балкански држави. На идејата за влегување на сите балкански држави се спротивставил грчкиот премиер Цудерос, кој изразил спремност во унијата да влезе и Бугарија, но се спротивставил на приемот на Турција, сметајќи дека тоа би можело да го наруши балансот. Експертите нагласиле дека она што ги интересира Британците не биле односите помеѓу Југославија и Грција, туку целата идеја за балканска федерација, кон што повеќе бил насочен југословенскиот предлог.

Идејата била тој сојуз да претставува само рамка во која подоцна би влегле Бугарија, Албанија и Романија и да прерасне во балкански сојуз. Од своја страна, британската влада ја поддржала оваа идеја која во сферата на практична реализација влегла на 15 јануари 1942 година. Со тоа, Велика Британија настојувала да ја обезбеди својата доминација на Балканот, т.е. одбрана на своите политички, воено-стратегиски и економски интереси во задниата на источното Средоземје и Блискиот Исток. Со формирањето на оваа унија, се сметало дека почнува процесот на формирање на нова Европа и демократски меѓународен поредок, гаранција за мирот и благосостојбата во Европа и силен одбранбен бедем против надворешниот непријател. Конфедерацијата се замислувала како „политички стожер од Југославија и Грција, околу која би се формирала тесна политичка и економска заедница на сите балкански

[10] Орме Сарџент (31 октомври 1884 – 23 октомври 1962), британски дипломат. За време на Втората светска војна бил заменик-потсекретар и одговорен за Министерството за надворешни работи.

држави". А од друга страна, Велика Британија на унијата гледала како на „една силна гаранција против евентуалната болшевичка опасност од североисток".[11]

Унијата помеѓу Југославија и Грција требало да претставува само дел од една поширока балканско-дунавска конфедерација. Како прилог кон ова одел и фактот што во почетокот на 1942 година, исто така, бил потпишан Полско-чешкиот сојуз, кој требало да послужи како основа при формирањето на дунавска конфедерација со учество на Австрија и Унгарија. Основната мотивација на Велика Британија во однос на формирањето на овие унии, конфедерации и федерации била дека „секоја земја сама за себе е многу послаба и само во комбинација имаат изгледи да го сопрат агресорот или ефективно да придонесат за еден стабилен систем на сигурност. За таа цел вообичаен сојуз на наполно суверени држави не е достатен".[12] Балканско-дунавската конфедерација се замислувала како сојуз од десет земји од Централна и Југоисточна Европа, од Балтичкото до Егејското Море. Проектираните сојузи, федерации и конфедерации требало да послужат како „санитарен кордон" против продорот и влијанието на СССР во Средна Европа и на Балканот.

Во однос на југословенско-грчкиот пакт, известувачката служба на Велика Британија (СОЕ) од Каиро со телеграма го известува Форин офис дека:

---

[11] Советската влада се сомневала во целите на унија-та, но не вложила формален протест. Таа била сосема свесна дека зад унијата стои Велика Британија чија цел била да го зголеми своето влијание на Балканот. Branko Petranović. Цит. труд, 37.

[12] PRO FO 371/37147.

- Не сакале да водат смешна кампања за југословенско-бугарски пакт, но дека би сакале да водат кампања во корист на федерација.

- Според нив, кампањата во корист на балканска федерација можела да се води следејќи ги зборовите од декларацијата на Идн во однос на југословенско-грчкиот пакт, т.е. нејзините форми како база за источна федерација.

- Идејата за федерација била основа за нивната пропаганда за што добивале одобрување и поддршка од балканските малцинства во Америка.[13]

Ваквиот британски став во однос на грчко-југословенската федерација, несомнено произлегувал од дотогашното негативно искуство во однос на позицијата во современиот свет на малите држави.Нивното постоење било базирано само на етнографска подлога, без согледување на стратегиските и економските фактори кои, несомнено, биле едни од најважните во смисла на одржување на нивната независност во современиот свет против тежнеењето на големите сили кон територијална експанзија. Ниту една таква мала држава немала никакви шанси самата да ѝ се спротивстави на Германија, а групирањата, како што биле во периодот меѓу двете светски војни, Балканскиот сојуз[14] или Малата антанта[15], се покажале тотално неадекватни за да обезбедат каква било форма на колективна безбедност. Обидот на групирање на малите држави индивидуално да

[13] PRO HS 3/189.

[14] Сојуз меѓу Србија, Бугарија, Грција и Црна Гора насочен против Османлиската Империја.

[15] Воен сојуз меѓу Кралството Југославија, Романија и Чехословачка (1929 – 1938) формиран поради можноста Австрија и Кралството Унгарија со војна да го вратат териториите што ги држела претходно Австро-Унгарија.

се бранат самите себе од германската агресија, се покажале практично никакви, и поробувањето на Европа од Хитлер, кој се договарал посебно со секоја мала земја, една по друга, само го илустрирала математичкиот факт дека сите мали земји се губитници.

# БРИТАНСКИТЕ ИДЕИ
# ЗА ФЕДЕРАЦИИ

За разлика од теоретските размислувања во САД за повоеното уредување на Европа и Балканот, британските аналитичари тргнувале пред сè од својот политички прагматизам.

Уште во мај 1941 година, експертите на Министерството за надворешни работи на Велика Британија, под раководство на историчарот Арнолд Тојнби[16] направиле два елабората за реорганизација на Југоисточна Европа.[17] Првиот елаборат се однесувал на „Источноевропска унија", но бил правен пред априлскиот напад на Кралството Југославија. Констатацијата на експертите била дека во втората половина од триесеттите години, британските позиции биле многу слаби во споредба со германските позиции кои биле градени постепено врз база на трговски и финансиски аранжмани со што голем дел од балканските држави станале зависни од неа.[18]

Вториот елаборат „Германија, СССР и Балканот" во себе содржел опсежни податоци во однос на економската ситуација, националните спротивности и внатрешно-политичките односи меѓу балканските народи.Посебно место им било дадено на улогите на Германија и на СССР во балканските работи.[19]

По сите направени анализи, основниот заклучок бил дека народите на Балканот имаат низок животен стандард, и

---

[16]Арнолд Џозеф Тојнби (Лондон, 14 – април 1889, Јорк, 22 октомври 1975), англиски историчар, филозоф и социолог.

[17] Veselin Đuretić, Vlada na bespuću. Internacionalizacija jugoslovenskih protivrečnosti na političkoj pozornici Drugog svetskog rata, Institut za savrjemenu istoriju „Narodna knjiga", Beograd, 101.

[18] Исто таму, 102.

[19] Исто.

покрај богатата суровинска база, и лоша и корумпирана внатрешна политика. Како прилог кон групирањето на земјите од Југоисточна Европа, британските експерти сметале дека:

„- ниту една земја не претставува комплементарна целина;

- само Чехословчка има капитал да развие свои сопствени потенцијали;

- сите тие се составени од меѓусебни непријателски национални групации;

- општествената енергија ја трошат за внатрешни национални судири, што им оди во прилог на успесите на ’индивидуалните политичари‘;

- сите тие за војската трошат повеќе отколку што смеат и покрај тоа што и тоа се покажало како недоволно за зачувување на нивниот интегритет“.[20]

Во јануари 1941 година, во Кралскиот институт за надворешни работи, се појавила идејата за формирање на словенска селанска држава во која би влегле Срби, Хрвати, Словенци и Бугари.[21]

Со цел да ги согледаат можните перспективи на можните сојузи, федерации и конфедерации, на 5 декември 1941 година, во Форин офис бил доставен материјал во кој била направена анализа за Балканот во однос на здружувањето на европските и балканските држави.

Се сметало дека доколку малите држави во Европа се обединат во некоја форма на конфедерација во која идејата за индивидуалниот национализам заснован единствено на етнографска основа биде подредена на идејата на

---

[20] Исто.

[21] Исто.

заедничкиот национализам,пришто обединувачка алка би биле заедничките економски и стратегиски интереси, таквата конфедерација би можела да претставува реално успешно застрашување и препрека на идната германска агресија. За успешноста на тој договор, би било потребно таа група да сочинува успешна единица која самата ќе се самоодржува за политички, економски и стратегиски цели. Дури, и ако таквите мали држави не биле толку силни самите да се одбранат себеси, самиот факт што тие се организирани на една успешна колективна основа многу би ја зголемила можноста од ефективна помош од другите држави.

Според британските аналитичари, ниту една форма на балканска конфедерација не би можела да изгледа задоволувачка, ниту во поглед на членовите на конфедерацијата ниту во поглед на нејзината корисност, прво како застрашување на оживувањето на германскиот агресивен дух, а потоа, ако тоа пропадне, и како заштита од германската агресија и покрај тоа што таа би имала ефективно снабдување за одбрана. Затоа се нагласувало дека за да се реализира тоа потребни се два основни услова:

а) Постоење на систем за колективна сувереност, т.е. некоја извршна машинерија каде што желбите на членовите на конфедерацијата како целина би биле ефективни. Притоа било потребно државите учеснички да го напуштат стариот принцип на национална сувереност.

б) Додека за Грција, можеби една од најхомогените национални единици во Европа, можело да се очекува да влезе во конфедерацијата со непроменети граници и можеби дури проширена на едно или две места, централистичкиот систем на управување во другите балкански земји, се сметало дека можеби би требало да се

промени. На пример, Југославија природно можела да биде поделена во три единици Србија, Хрватска и Словенија. На Трансилванија можело да ѝ се даде автономија.

в) Покрај тоа, политичките и економските граници немало потреба да бидат идентични. Стара Романија, Трансилванија и Хрватска економски биле повеќе поврзани со Горнодунавскиот Басен отколку со Балканот. Но политички, а исто така од гледна точка на стратегиската одбрана, овие територии природно би го нашле своето место како единици во конфедерација на балканските народи. Така, Романија, Трансилванија, Хрватска и Словенија имале интерес да влезат во полско-централноевропската конфедерација и во балканската конфедерација, а додека тие војнички и политички би формирале дел од балканската конфедерација и во исто време би се поврзалесо полско-централноевропската конфе-дерација од економски причини.

д) Сигурно, идеалното решение би била една на единствена конфедерација која би се протегала од Балтикот до Медитеранот, што во „денешнава светска ситуација би значело колку поголема единица толку поуспешно би било спротивставувањето на германскиот притисок и војнички и економски". Меѓутоа тешкотиите на патот на една таква единствена конфедерација, се претпоставувало дека би биле огромни и тоа требало да се третира повеќе како идеја што би можела да се реализира во иднина отколку како една непосредна цел. Во меѓувреме, Британците ги концентрирале своите напори кон формирање на две помали конфедерации кои може подоцна да се спојат во една, полско-централноевропската и балканската конфедерација.

е) Во таква ситуација останувало отворено прашањето за Австрија и размислувањето дали Австрија не

би требало да биде одделена од Германија, под услови дека таа може да биде апсорбирана во едната или во другата од двете конфедерации. Се сметало дека ако било кога дојде до формирање на конфедерација од Балтикот до Медитеранот, Австрија сигурно ќе го најде своето место во еден таков организам.[22]

Во однос на предностите на една балканска федерација составена од мали држави, каде што принципот на колективната сувереност ќе го замени принципот на националната сувереност, се сметало дека би се решиле многу проблеми кои се појавиле од „внатрешната љубомора меѓу балканските народи“. Според нив, тоа автоматски би го решило проблемот со Југославија, во чиј случај експериментот од обединување во една држава на три народи обединети само по раса и јазик, а поделени со различни интереси и перспективи се покажал како очигледен неуспех. Тоа, исто така би го решило проблемот на Албанија, која би можела да се вклучи како единица во таква конфедерација, било да биде вклучена во нејзините сегашни национални граници било како намалена единица како резултат на територијалните концесии на Грција и Србија.[23]

Многу поважна била опасноста од СССР кој можел да „добие надмоќно влијание на Балканот преку медиумот на панславистичка пропаганда“.[24]

---

[22] Велика Британија и Македонија. Грчко-Југосло-венска федерација (1941 – 1942), Документи..., 72 – 73.

[23] Исто таму.

[24] Во време на воспоставувањето на официјални односи со Југославија, идејата за панславизмот била отфрлена како реакционерна тенденција, а со почетокот на германско-руската кампања кај СССР постоеле размислувања за обновување на панславистичката идеја, која, според британските информации,

Во однос на Албанија,Владата на Неговото Височество сѐ уште немала заземено став во однос на нејзиниот иден статус. Искуството им покажувало дека Албанија како мала и економски сиромашна земја не можела самата да опстане и во кој било систем на национални држави би морала да се потпре на помош, економска или воена, од големите сили. Било очигледно дека не требало да се дозволи Италија повторно да ја преземе улогата на заштитник на Албанија. Во британските политички кругови постоело размислување од формирање на независна Албанија под заедничка југословенско-грчка гаранција. Таа солуција никогаш не се покажала како задоволувачка. Но во случај да заживеела идејата за конфедерација на Балканот, се предвидувало Албанија да влезе како една од неколку други економски и војнички слаби единици. Меѓутоа, во однос на Албанија „грчката влада ни ги навести нејзините интереси кон Јужна Албанија (алијас Северен Епир)“.[25] Од своја страна, Британците одбиле да го разгледаат тоа прашање сѐ до одржувањето на мировните разговори. Но Британците, имајќи го предвид фактот дека Грците го добиле овој дел со оружје против Италијанците и поради силното национално чувство во Грција, кое го зголемувало уште повеќепрашањето за Северен Епир, сметале дека би било неопходно да им се излезе во пресрет на грчките претензии.[26]

Од друга страна, и југословенската влада ги информирала Британците дека е наклонета да ја апсорбира

---

определени елементи во Југославија и Бугарија биле спремни да ја прифатат. PRO FO 371/2983

[25] Велика Британија и Македонија. Грчко-Југословенска федерација (1941 – 1942), Документи..., 76.

[26] Исто таму.

Албанија во своите „сегашни граници“ како целосен член на балканска федерација. Меѓутоа, од своја страна потенцирале дека доколку грчката влада инсистирала на анектирање на Јужна Албанија, Југословените ќе ги истакнале своите претензии кон Скутари и кон други албански области населени со Југословени. Но, Југословените сметале дека таквата анексија би ја загрозило позицијата на Албанија како независна држава и затоа се залагале да се оставатпостојнитеграници.[27]

Во однос на Романија, се сметало дека пред сè требало да се реши статусот на Бесарабија и Северна Буковина, кои биле анектирани од СССР. Се сметало дека советската влада ќе сакала да ги реокупира овие територии.

Во однос на Бугарија, се сметало дека и грчката и југословенската влада изразиле подготвеност да ја видат и Бугарија во балканска конфедерација. Според британските анализи било потребно да се извршат „некои територијални приспособувања во корист на Грција“.[28]

Во однос на Турција, според Британците „се чини дека југословенската влада е наклонета да ја исклучи Турција од конфедерацијата, а додека грчката влада не е задоволна што Турција ќе остане надвор“. Причината, според Британците, била многу јасна, бидејќи за „Турција нема да биде приемлива една таква конфедерација во која таа би била единица, бидејќи сосема е сигурно дека таа нема да биде спремна да се откаже од националната суве-

---

[27] Меѓутоа Британците сметале ако им излезат во пресрет на грчките претензии, ќе бидат принудени да им излезат и во пресрет и на југословеските.Според нив, тоа прашање изискувало „јасно и непосредно експертско толкување од економска и од етнолошка гледна точка“. Исто, 76.

[28] Исто, 77.

реност“.[29] Во таква ситуација, тие сметале дека било потребно да се изнајде начин Турција да се поврзе, на некој начин, со конфедерацијата. Се надевале дека Турција делумно ќе ја прифатела идејата за балканска конфедерација, бидејќи би ја „неутрализирала Бугарија како национален ентитет“, и делумно бидејќи колективно би била заштита против идните германски и руски агресивни намери.[30]

Формирањето на федерална Македонија, пред Министерството за надворешни работи на Велика Британија го отворило прашањето за чекорите што би можеле да бидат преземени од страна АСНОМ. Поради тоа, од дирекцијата за истражување при Министерството за надворешни работи било побарано да направат анализа за можниот развој на настаните во федерална Македонија.

Документот бил изготвен на 24 август 1944 година. Во елаборатот биле дадени и идеите за можните решенија во однос на Македонија. Во документот се сугерирале неколку форми на федерации. За идејата за „’автономија на Македонија‘ како целина во рамките на една балканска федерација во која би била вклучена и грчка Македонија во автономната држава“ сметале дека таквата идеја „би наишла на спротивставување поради можноста од изолирање на Грција и стравот од територијални претензии на Бугарија, Турција и Македонија спрема грчка Тракија“.[31]

Размислувањата на британските експерти оделе кон тоа дека е можна солуција за автономија на „негрчка Македонија“ во рамките на федерација на балканските

---

[29] Исто.

[30] Исто.

[31] Тодор Чепреганов, Велика Британија и македонското национално прашање (август 1944 – 1948),Институт за национална историја, Екопрес Магна-Скен, Скопје, 1997, 83.

Словени. Но, сметале дека тоа би можело да се реализира само ако во Србија и Бугарија на власт би дошле политички сили што не би биле оптоварени со национализам со што би се ставил крај на „меѓусебниот антагонизам меѓу двете држави, а чии коренисе во македонското прашање“. Тоа би можело да доведе до формирање на една „голема федерација од јужнословенски држави што било краен идеал на поголемиот дел од образованите и помалку шовинистичките балкански Словени“. Британците сметале дека таквата федерација би го имала одобрувањето од СССР, но дека таквата федерација, која би се протегала од „Јадранското Море до Црното Море би го предизвикала затворањето на Грција и Турција и може да биде против британските интереси“.[32]

Исто така, сметале дека е можно формирање на „автономија на негрчка Македонија во склопот на балканска федерација“ при што би се дало можност за единство на политичката самостојност на населението кое било свесно за својата посебност со „економска слобода на поширок регион и слободен излез на Солун. Но, британските експерти сметале дека заопстојувањето на една таква федерација бил потребен „поголем степен на меѓусебна доверба и соработка меѓу балканските нации“ што било во спротивност со меѓусебните односи на блаканските држави.[33]

Како последна солуција британските експерти предлагале формирање на јужноловенска федерација во случај во Србија и Грција да дојдат на власт комунистите во чиј склоп сметале дека би требало да влезе и негрчка Македонија, „вклучувајќи ја и Бугарија и Југославија,

[32] Исто таму,
[33] Исто.

заедно, но не со автономија на негрчка Македонија, туку со отстапување на Бугарија на неколку области од источна југословенска Македонија“. Но пречката за реализирање на една таква федерација повторно било изолирањето на Турција и Грција.[34]

Несомнено, во своите политички планови за повоеното уредување, Велика Британија настојувала уште во текот на војната да го обезбеди своето влијание во Југоисточна Европа и на Балканот. Конзервативните кругови во британската влада во текот на војната не ги согледувале или свесно преминувале преку новите процеси и промени што се случувале во текот на војната и излегувале надвор од шаблонот за британската превласт во повоена Европа. Тоа пред сè се однесувало на јакнењето на СССР, декларацијата на САД против политиката на интересни сфери, како и неможноста одделните движења на отпорот или народноослободителните движења да ги стави под своја контрола. Во сите свои планови за повоеното уредување на Балканот, Велика Британија тргнувала, пред сè, од задржувањето на статус кво во односите меѓу балканските држави и се застапувала таквата состојба да остане и по ослободувањето. Во однос на Југославија, прифаќајќи ја емигрантската влада како меѓународно призната, Велика Британија во текот на целата војна ги застапувала нејзините интереси и се залагала по војната да се задржи истата состојба како пред почетокот на војната. Тоа, од своја страна, значело дека таа не го признава македонскиот народ кој се наоѓал во рамките на Кралството Југославија и бил национално непризнат. Меѓутоа, настаните што се случиле на територијата на Југославија и

[34] Исто.

во Македонија во текот на војната, ќе ја принудат Велика Британија да го напушти статус квото и да ја прифати реалноста на Балканот.

Поради европските и балканските антагонизми и различните толкувања на идејата за федерации, унии и конфедерации и настојувањето секоја држава да има доминантна улога во нив, ниту една од британските идеи не заживеала.

# САД И ИДЕИТЕ ЗА ФЕДЕРАЦИИ

Во САД, идеите за повоеното уредување на Европа тргнувале од фактот што тие сметале дека опстанокот на малите народи е загрозен поради неможноста самите да се бранат. Основната причина за таквата состојба сметале дека е распарченоста. Дел од теоретичарите жалеле за распаѓањето на Хабсбуршката Монархија и сметале дека во нејзиното обновување лежи решението за проблемите во Југоисточна Европа. Втората група теоретичари во САД сметале дека причината за поделеноста лежи во егоизмот на поединецот спрема општеството и на спротивставеноста на народите едни против други.[35]

Во САД во оптек биле идеите за разбивање на Кралството Југославија, а како причини се земале изразито националната несолидарност меѓу нејзините делови. Особено била силна идејата за возобновување на Хабсбуршката Монархија по принципот на САД, а која требало да биде составена од католичките делови на Германија, Полска, Чехословачка, Унгарија, Австрија и делови од Југославија. Според оние што ја протежирале и поддржувале оваа идеја, таквата творба би им „служела како брана од комунизмот од исток и германскиот пангерманизам од запад,[36] а во економска смисла, истата би си била доволна самата на себе.

Интересна е идејата што ја промовирал Луј Адамиќ[37] за европската иднина. Сметал дека владите во егзил требало

---

[35] Veselin Đuretić, Vlada na bespuću. Internacionalizacija jugoslovenskih protivrečnosti na političkoj pozornici Drugog svetskog rata, Institut za savrjemenu istoriju „Narodna knjiga“, Beograd, 99.

[36] Исто таму, 100.

[37]Американски писател и публицист од југословенско потекло. Во време на Втората светска војна во САД еден од главните поборници на Нова Југославија.

да се подготвуваат по војната да формираат европска конфедерација, а како дел од истата, формирање на посебна потконфедерација за Балканот.[38]

[38] Veselin Đuretić, Vlada na bespuću..., 101.

## СССР И ИДЕИТЕ ЗА ФЕДЕРАЦИИ

Покрај западните демократии, кои заговарале формирање на федерации, конфедерации и унии, од своја страна, и Сталин заговарал формирање на федерација на словенските народи.

Уштена 4 август 1941 година, амбасадорот на Кралството Југославија во Москва, Гавриловиќ, во телеграмата до министерот за надворешни работи, Нинчиќ го пренесува разговорот што го имал со Сталин, по потпишувањето на договорот помеѓу СССР и Кралството Југославија, на 4 и 5 април 1941 година. Во разговорот, како што известува Гавриловиќ, Сталин меѓу другото истакнал: „Јас и покрај тоа што не сум Русин, сум голем руски патриот. Народ кој дал толку големи луѓе, народ кој го дал Ленин е голем народ. Иднината лежи во сојузот на сите словенски народи...". Според Гавриловиќ „очигледно било уште тогаш дека идејата за словенско заедништво и солидарност станала една од основите на надворешната политика" на СССР. Тој сметал дека не се „работи за политика, туку за тактика", дека зад оваа голема идеја за сојуз на сите словенски народи се крие, како интимна мисла на Сталин, болшевизација на сите словенски народи дека, според него, сојузот на словенските народи значи само прва етапа по која непосредно, ако не и истовремено, доаѓа втората – промена на социјалниот поредок".[39] Според Гавриловиќ, идејата на Сталин за сојуз на сите словенски народи дошла во преден план во моментот кога биле повторно воспоставени односите со Кралството Југославија и Чехословечка, а

---

[39] Jugoslovenske vlade u izbeglištvu 1941 – 1943. Dokumenti. Priredio Bogdan Krizman, Arhiv Jugoslavije, Globus, Zagreb, 1981, 173.

посебно по обновувањето на односите со Полска. Сметал дека со Кралството Југославија и Чехословачка нема никаков проблем, но според него „на обновувањето на односите со Полска, постојано паѓа некоја сенка“ што било резултат на „вековното нерасположение, да не кажам непријателство и омраза“.[40] Според Гавриловиќ, дискусијата за ставот на СССР кон Полска, почнала во еден тежок момент за кој сметал дека е еден од најтешките проблеми што се однесувале на меѓусебните односи на словенските народи. Исто така, според него „овој факт укажува и на тоа дека мора да се даде некоја практична содржина на идејата за словенско заедништво и да се извади од маглата во која таа се наоѓа денес, ако се сака воопшто нешто практично да се ѕида на неа“. И на крајот ќе заклучи: „сигурно дека Сталин има една идеја, но која идеја ја имаме ние и останатите?!“.[41] Гавриловиќ сметал дека тоа прашање воопшто не било просто и дека дискусиите за него треба да почнат благовремено „за да се види што се сака и што се може“. Сметал дека договорот меѓу Чехословачка и Полска бил добар почеток за ликвидирање на меѓусебните спорови и поврзување на словенските народи. А ликвидирањето на споровите меѓу Русија и Полска и Југославија и Бугарија, според него, би значело „тргање на големите тешкотии за да се расчисти теренот, но со цел практично решавање на општата словенска солидарност“. Бил свесен дека во каква било комбинација Полска никогаш не би го примила водството на Русија и во случај прашањето со границите да се реши во корист на Полска.[42]

[40] Исто таму, 174.
[41] Исто, 175.
[42] Исто.

Од друга страна, бил сосема во право кога тврдел дека „кај нашите големи пријатели и сојузници, Англичаните, ќе се појави стариот баук, необјаснивиот страв од панславизмот и тој страв вешто ќе го поддржат нашите непријатели“, и покрај тоа што „идејата за панславизмот порано немала ништо агресивно во себе, туку само дефанзивно, одбрана од Германците“; и покрај тоа што по завршувањето на оваа војна Словените може да претставуваат најголема природна брана против германизмот, многу посилна од француските и латинските народи воопшто, особено ако успеат да се организираат;и покрај тоа што и Велика Британија пред германската опасност може да најде солиден и постојан договормеѓу Словените.[43] Но, според Гавриловиќ, за Кралството Југославија приоритет било решавање на прашањето со Бугарија. Сметал дека тоа прашање може да се реши со влегувањето на бугарскиот народ во Југославија, во спротивно „жалната историја повторно ќе се повтори“. Но тоа решение, според него, можело да предизвика големи проблеми поради Грците, Романците и Турците, за коимислел дека можеле да се надминат. Во своите анализи потенцирал дека војната донела и едно големо искуство, а тоа било дека малите држави тешко можат да се одржат и дека „треба да се формираат поголеми државни заедници, но заедници што можат да живеат, практично ќе функционираат. Бил оптимист дека можело да се најде решение за сите тешкотии во однос на формирањето на една балканска федерација, способна да живее и солидно изградена, а со тоа би се ослабнала „недовербата и стравот на Грција, Романија и Турција“. И затоа сугерирал за сите

[43] Исто.

тие прашања да се дискутира веднаш и без да се губи време „да се решат со нашите сојузници и веднаш да се објават, главните, основни линии“ како противтежа на германскиот нов поредок, како сојузнички нов ред кој Европа би ја поделил на помал број големи државни заедници. Во писмото,Гавриловиќ се извинува што се впуштил во разгледување на тие прашања само поради тоа што не сакал барањата на Југославија да се сведат само на природно проширување на нејзините граници, туку да се избегнат и причините што постојано доведувале до судир меѓу „родени браќа“, како што се Србите и Бугарите и помеѓу малите балкански народи и во исто време да се формира една голема балканска заедница која би можела силно да се спротивстави на секоја инвазија на небалканските соседни сили. „Треба еднаш засекогаш да се избегне ова поединечно разбивање бидејќи од минатата светска војна ништо не научивме ниту ние, ниту Бугарите, ниту Грците, ниту Турците, ниту Романците, па ако сакате ниту Унгарците“.[44]

Но Гавриловиќ бил сосема во право со констатацијата дека „идејата за балканска федерација ја исклучува, иако не потполно барем во поглед на практичното решение, идејата за општа словенска солидарност и идејата на Сталин за „сојуз на сите словенски народи, но не ја исклучува основната социјална идеја на Сталин“.[45]

Тој го советува премиерот на југословенската влада во егзил,генералот Душан Симовиќ[46]дека сето тоа треба да го има предвид и дека би требало упорно и брзо да се работи на формирањето на балканска федерација „иако во

[44] Исто, 176.

[45] Исто, 177.

[46] Генерал на Кралството Југославија и премиер на владата во егзил (27 март 1941 −12 јануари 1942).

прашање се и Бугарите не може да биде несимпатична на Советската унија“. И сугерира „на ова треба што побрзо да се работи, бидејќи веќе постојат планови и проекти, како што Ви е и Вам познато, за формирање на големи европски државни заедници помеѓу британскиот Комонвелт и Русија, како и планови за приоѓање на малите држави на едниот или другиот државен систем“.[47]

На 13 август 1941 година, на извештајот и размислувањата на Гавриловиќ југословенскиот министер за надворешни работи Нинчиќ со рака допишал дека е против тоа „сите словенски држави на Конференцијата за мир да се појават потполно солидарно усвојувајќи ги меѓусебните барања и правејќи од нив еден блок“. Сметал дека меѓународните тешкотии за решавање на прашањата што се однесуваат на Кралството Југославија се многу помали од тешкотиите со кои се соочувале Полска и Чехословачка. Прифаќањето на ставот на Гавриловиќ, според Нинчиќ, би водело кон влошување на југословенската ситуација и би имало спротивставувања на југословенските барања. Исто така, не се согласувал со тоа дека со „оваа војна треба да се реши влегувањето на Бугарија во Југославија“, а посебно дека тоа треба да биде приоритет, т.е. дека не треба да се застане пред каква било тешкотија. Потенцирал дека за „српскиот народ би претставувало голема опасност да се најде во иста држава со Бугарија по војната. Нема да има никаква гаранција дека Бугарите се откажале од своите аспирации кон Македонија и Србија источно од Морава. Тие од тие аспирации во сегашните услови никогаш нема да се откажат, а нивните

[47] Исто, 177.

уверувања во тој поглед ќе вредат толку колку оние дадени во однос на пактот за пријателство на Стојадиновиќ".

Единствено за што се согласил Нинчиќ со Гавриловиќ била идејата за формирање на голема балканска заедница во која би влегле сите балкански држави, сметајќи ги тука и Романија и Турција, потенцирајќи дека за тоа во тој момент можело да се разговара само со Грција чија Влада требало да пристигне во Лондон.[48]

На 7 август 1941 година, Нинчиќ разговорал со Мајски во Лондон. Во разговорот, меѓу другото, Мајски нагласил дека ставот на советската влада е дека по војната треба да се обнови потполно независна Југославија и „тоа во нејзините досегашни граници", а формата на внатрешното уредување треба да биде работа на волјата на нејзиното население, т.е. нејзина внатрешна работа. Мајски потенцирал дека, според него, во идната организација на Европа ќе има три главни најтешки проблеми:

„1. Прашањето на Германија
2. Прашањето за Полска и
3. Прашањето за Балканот".[49]

Во однос на прашањето за Балканот сметал дека ќе биде многу тешко да се најде решение за проблемот на бугарско-југословенските односи. Како одговор, Нинчиќистакнал дека „ние не сакаме да се уништи или подели Бугарија, но сакаме работите така да се средат што Бугарија да нема волја повторно да соработува со напаѓачите и Германците против нас". Нагласил дека „решението на проблемот југословенско-бугарски односи

[48] Исто.
[49] Исто, 179.

треба да се бара во рамките на решението на еден поширок проблем, т.е. балкански блок“.[50]

На 12 август 1941 година, Гавриловиќ испраќа телеграма до Министерството за надворешни работи на Кралството Југославија во која се осврнува на одржаниот сесловенски конгрес во Москва. Меѓу другото ќе истакне дека е „зборувано во име на Црна Гора и Македонија“. Потенцирал дека „им обрнав внимание и на советскиот амбасадор во Анкара и тука дека тезата за црногорски и македонски народ е навистина во исто време и теза на италијанската и германската пропаганда и дека денес особено штети и дека на самиот терен во Југославија ќе има спротивно дејство“.[51]

Меѓудругото, ќе забележи дека „словенската идеја станува сè повеќе и повеќе лост на надворешната политика на Советска Русија. Затоа најитна потреба е сите работи да се расчистат што побргу меѓу нас, Бугарите, Пољаците и Чесите, а тие можат да се расчистат само во Лондон, каде што се наоѓаат одговорните влади“.[52]

На 28 август 1941 година, Гавриловиќ, во Москва, разговарал со амбасадорот на САД. Од разговорот испратил телеграма до министерот за надворешни работи на Кралството Југославија, Нинчиќ. Едно од прашањата што Гавриловиќ му ги поставил на амбасадорот било и прашањето дали е можен мир со Хитлер. Одговорот на амбасадорот бил дека „со Хитлер мирот е невозможен...Тој досега неколкупати нудеше мир, скоро секој втор месец, но секогаш без успех“.[53] Сметал дека „мора овојпат да се

[50] Исто.
[51] Исто, 183.
[52] Исто.
[53] Исто, 190.

заврши еднаш засекогаш со германската опасност. Мора војната да се пренесе во Германија. Германскиот народтреба да осети еднаш што значи војна. На Германија треба да и се земе сѐ. Не репарации. Тоа се покажа како многу лошо. Треба да им се земат сите бродови, и трговски, сите вагони, сите инсталации, со еден збор сѐ и да се остават да се обновуваат како знаат. Навистина,нам не ни е потребно сето тоа. Но треба да му се даде добра лекција на германскиот народ, бидејќи германскиот народ го создаде Хитлер. Мора сега да се биде безмилосен. Јас сум во состојба да одам дотаму да кажам дека треба да се стрела секој десетти Германец, да се сруши до темел секој десетти германски град итн.“.[54]

Во говорот што го одржал на 6 септември 1941 година во Лондон, по повод роденденот, кралот Петар II Караѓорѓевиќ истакнал „...Југославија со својата географска положба и со своите традиции и своето значење и своите врски со сите соседие предодредена да биде со сојузничка Грција, една од творците на балканската солидарност. Затоа со целиот свој младешки жар ја прифаќам идејата за балканска слобода и ги повикувам сите народи на Балканот и Подунавието, средно и долно, кои сакаат мир и слога на соработка и заедништво“.[55]

Од своја страна, Британците покажувале интерес и внимателно го следеле однесувањето на СССР. Во разговорот со Владимир Милановиќ, Рендел пројавил интерес за „панславистичкото движење кое го пропагираат Русите“, а посебно се интересирал за ставот на Владата на Кралството Југославија во однос на тоа. Во својот одговор,Милановиќ

[54] Исто.
[55] Исто, 204.

истакнал дека според информациите што ги имаат, се работи за „советска пропаганда во окупираните словенски држави во суштина вперена против германската воена сила“.[56]Исто така, истакнал дека лицата од Југосла-вија кои присуствувале на сесловенскиот конгрес биле „неофици-јални лица во суштина комунисти кои живееле во Советска Русија“.[57] Во однос на ставот на Владата на Кралството Југославија кон она што го презел СССР, Миловановиќ му одговорил дека „нашата надворешна политика оди пара-лелно со надворешната политика на Англија“.[58]

На 9 октомври 1941 година, Владимир Милановиќ, вршител на должност, разговорал со Орме Сарџент кој пројавил интерес за „држењето на Бугарија и расположе-нието на бугарското јавно мислење“. Во одговорот, Милановиќ се осврнал на последните две години од однесувањето на Бугарија и притоа ги нагласил „бугарскиот болен шовинизам“; решеноста на бугарскиот народ да се поврзе со Германија со цел грабање и присвојување на територии на нивните соседи; нанесените штети, посебно на Кралството Југославија во тој момент и во последните 30 години; губењето на третина од населението на Кралството Југославија за време на последната војна; новата трагедија која повторно започнала од бугарска територија. Сарџент се сложил со излагањето на Милановиќ со забелешка дека, ако во британската пропаганда донекаде се раководело со Бугарија, тоа било само од тактички причини. Нагласил дека требало да се искористи евентуалната можност за побуни во Бугарија „ако не за англофилството во Бугарија

[56] Исто, 206.
[57] Исто.
[58] Исто.

тогаш поради русофилството кое таму може да постои“. Меѓутоа, додал дека „Бугарија е непријател и таа на крајот тоа ќе го искуси“.[59] Едно од прашањата за кое Сарџент бил посебно заинтересиран било прашањето дали југословенската кралска влада во егзил е во контакт со грчката влада. Милановиќ истакнал дека откако владите што ги напуштиле своите држави по нацифашистичката окупација и се стационирале во Лондон, југословенската влада била во многу срдечни односи со Грците. Му подвлекол дека „основата на нашата политика на Балканот ја прават блиското пријателство и заедничката акција на Југославија и Грција“. Од своја страна, Орме истакнал дека со Грција треба да бидат во што потесен и почест контакт. Орме потенцирал дека Кралството Југославија требало да биде „стожер на сојузничката политика на Балканот“.[60]

Во телеграмата од 11 октомври 1941 година, Гавриловиќ од Москва го известува Нинчиќ дека Молотов, во својот поздрав до англиската и американската делегација, меѓу другото, истакнал дека „Бугарија се претворила во Хитлеров плацдарм против СССР“. Во врска со таа изјава, турскиот амбасадор се обратил до Гавриловиќ истакнувајќи дека според изјавата на Молотов, советската влада не се откажувала од своите претензии кон Бугарија. Од своја страна, Гавриловиќ го известил турскиот амбасадор дека Бугарија „потполно се ставила во служба на Германија“. На ова, турскиот амбасадор одговорил дека е потребно „Советска Русија да ѝ објави војна на Бугарија, но нека не ја смета за германски плацдарм“. Според неговите размислувања „тоа покажува јасно дека Советска Русија сака да го

[59] Исто, 215.
[60] Исто.

увери светот во постојаната опасност штојсе заканува од Бугарија и според тоа има право бугарското прашање да го реши во своја корист“. Сметал дека „ниту Вие, нити Грците, ниту ние имаме сметка да ја пуштиме Русија на Балканот“,[61]на што Гавриловиќ истакнал дека „немаме сметка да пуштиме ниту една голема сила на Балканот“. Турскиот амбасадор се согласил со тоа, но истакнал дека треба да се вратат на обидот на починатиот крал Александар и Ататурк „за цврстите врзувања на сите нас на Балканот, така што ќе можеме еднаш заеднички да изјавиме дека кој и да го допре Балканот, треба да го прими ризикот на војна со целиот Балкан“. Гавриловиќ многу мудро одговорил дека во ситуацијата во која се наоѓале тоа е работа на иднината, а дека Кралството Југославија секогаш било за политика „Балканот на балканските народи“.[62]

---

[61] Исто, 219.
[62] Исто.

## ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ПРИБЛИЖУВАЊЕ КОН ГРЦИЈА

На 16 октомври 1941 година, амбасадорот на Велика Британија при Кралството Југославија во егзил, Џорџ Рендел, испраќа телеграма до министерот за надворешни работи на Велика Британија, Антони Идн, во која го известува дека југословенскиот министер за надворешни работи, Момчило Нинчиќ[63], на 15 октомври, во доверба го информирал дека тој претходниот ден му го доставил на грчкиот премиер југословенскиот предлог „за она што тој го опиша како евентуална унија“помеѓу Југославија и Грција. Според планот што тој го објаснил, се предвидувало формирање на „единствена царинска и монетарна унија“, но исто така, се предвидувало обединување на воените ресурси и „би одржувале заедничка армија“. Во тој контекст тој сметал дека двете држави би „следеле идентична надворешна политика“, а би ги задржале „нивните одделни дипломатски претставници во странство“. Рендел, од она што можел да го заклучи, го известил Идн дека двете држави немале намера „за спојување на нивната внатрешна администрација“.[64]

Рендел сметал дека зборот „унија“ не е вистинското објаснување за она што сакале да го постигнат и му предложил дека „федерација“ или „асоцијација“ поблиску би го опишале она што тој го имал на ум. Нинчиќ сметал дека воопшто не е важно како ќе се именува таа унија, но дека таа со текот на времето ќе треба да послужи како „нуклеус за поширока балканска асоцијација на држави“.[65]

---

[63] Момчило Нинчиќ (1879−1949) југословенски политичар и министер за надворешни работи во владата во егзил.

[64] Велика Британија и Македонија. Грчко-Југословенска федерација (1941 – 1942), Документи.., 47 – 48.

[65] Исто, 48.

Нинчиќ предлагал да го достави својот план за грчко-југословенската политичка унија до Министерството за надворешни работи на Велика Британија, штом Цудерос[66] ќе го пренесе своето мислење во однос на тоа и неговите совпаѓања со британската влада.[67]

По извршената анализа на предлогот за унија на 20 октомври 1941 година, експертите на Министерството за надворешни работи на Велика Британија излегле со анализа за предлогот на Нинчиќ. Во својата анализа експертот Роуз истакнал дека Цудерос работи без знаење на г. Нинчиќ и сметал дека треба да му каже на г. Цудерос дека г. Нинчиќ веќе ги информирал за постоењето на предлози за унија што тој им ги доставил ним. Експертот сметал дека предлозите требало да ги претставуваат ставовите на двете влади, а не само на една.[68] Исто така и дека Југославија „проширена или не, не би можела да се надева да остане сама по војната и сега би требало да биде спремна веднаш да работи на некои федерални планови без разлика на традиционалните расни анимозитети“.[69] Меѓутоа, подвлекол дека „предлогот самиот по себе е сувопарен и стереотипен и не покажува знаци дека бил разработен со особено внимание. Тие се избрзани компилации на некој површно запознаен со организацијата и работата на Друштвото на народите, и навистина не може да се смета за сериозен придонес кон повоената реорганизација на Балканот“.Тој сметал дека

---

[66] Емануел Цудерос (1882 − 1956) политички и финансиски деец во Грција. Премиер на грчката влада од 21 до 29 април 1941 година, а потоа премиер на владата во егзил во периодот 1941 − 1944 година.

[67] Исто, 50.

[68] Исто, 51.

[69] Исто.

„сама по себе, царинската унија е обична формула и нема да постигне ништо, и дека економската иднина на Балканот ќе бара подетална анализа пред да биде договорен каков било вид на организација“. Направил три главни критики на предложениот план:

„(I) Не вклучува предавање на суверенитетот на дел од уставните држави. Без такво предавање предложената федерација има мали изгледи да биде повеќе ефективна отколку договорите кои привидно даваа слика на единство на Балканот за време по 1918 година.

(II) Целосно го одбегнува главното прашање за тоа како ќе биде потврдена ’федералната волја‘, а еднаш потврдена таа ќе треба да биде спроведена. Најобичниот студент на Друштвото на народите би требало да знае дека ниедна федерација не би можела да се надева да функционира сè додека овие две прашања со обврзувачка одлука и санкции не бидат задоволително решени.

(III) Федералните единици се премногу големи. Планот предвидува асоцијација на вооружени национални држави на предвоена линија на Југославија, Бугарија, Грција и Романија, секоја со своја армија, морнарица и воздушни сили и со сопствените чудни проблеми и амбиции кои би требало да се решат веројатно ’со пријателска дискусија‘. Ова е негледање на фактите в очи. Што во однос на Албанија, Трансилванија и Македонија и Добруџа и бугарскиот излез на Егејот? Ако кога било се формира каква било балканска федерација, јас би рекол дека два услови се неопходни:

(а) Дека малцинствата треба колку што е можно да бидат целосно претставени како одделни единици, т.е. дека секоја една единица би претставувала еден неподелен интерес и само еден интерес.

(б) Дека составните единици ќе бидат премногу мали, премногу бесилни и премногу бројни за да бидат во можност, било сами било во мали групи, да им пркосат на одлуките на мнозинството“.[70]

Од ова може да се заклучи дека Роуз гледал многу трезвено во однос на состојбите на Балканот и пошироко бидејќи им дава посебен статус на, како што вели, мацинствата, на кои треба да им се даде „посебен статус“ во кои влегува и Македонија. Од своја страна, експертот Диксон на 27 октомври генерално се согласил со забелешките на Роуз и сметал дека „југословенскиот план е нејасен и утопија, но тоа е почеток, и фактот што г. Нинчиќ дејствува во тој правец покажува сфаќање дека тројната унија на Кралството Србија, Хрватска и Словенија е нефункционална“ и дека „ние не треба да бидеме премногу загрижени во оваа фаза со деталите од планот“. Според него, единственото отворено прашање било барањето на грчкиот премиер за совет од Владата на Велика Британија во однос на повратниот одговор на југословенскиот приод. Имено, грчкиот премиер на владата во егзил, Цудерос, во разговорот со Диксон посебно потенцирал дека единствениот принцип по кој  се водат е „да работи во најблиска соработка со Владата на Неговото Височество, сега и по војната“ и затоа тој очекувал совет од британската влада „дали да го третираат југословенскиот предлог топло или ладно“. Според Диксон, Цудерос бил спремен да направи сè што ќе му кажат Британците. Меѓутоа, тој потенцира дека Британците немале никакви чувства за тоа и дека Цудерос „ќе биде склон да го прифати предлогот на југословенската влада како прелиминарен чекор кон поблиска грчко-

[70] Исто, 52.

југословенска соработка“, но укажува дека ќе даде предлог „да се продолжи со размена на пишани документи во однос на предметот“. Она што е интересно е што Цудерос, како што нагласува Диксон, „потсети дека тој е спремен да направи сојуз со нас за повоениот период и да ни понуди бази во Грција“.[71]

Несомнено дека Британците имале свои размисли за идното уредување на Балканот, кој бил нивна интересна сфера, и сигурно, не сакале да го изгубат по војната. Затоа, идејата за грчко-југословенска соработка можеле да ја искористат за свои цели, и покрај фактот што војната сè уште траела. Им било сосема јасно дека „какви и да се усвојат договори за Југоисточна Европа (дали систем на политика на моќ, вклучувајќи и контрола од страна на Владата на Неговото Височество што ја употребува во основа на наведените територии, или систем на федерација, или комбинација од двете) поблиска соработка помеѓу Грција и Југославија би била добра за сите“. Затоа, советите од експертите биле сосема на место − да не се спречи таквиот развој на настаните туку да се насочи во посакуваниот правец и во одреден момент да се вклучат во договорите за тоа како ќе изгледа Балканот по војната. Се зазел став да му се одговори усно на Цудерос. Диксон сметал дека во одговорот требало да се нагласи дека Британците ја почитуваат неговата намера да се консултира со нив во однос на прашањето за унија и дека од своја страна ќе почитуваат каква било „тенденција за поблиска соработка помеѓу грчката и југословенската влада и сега и по војната, како пожелен развој на настаните“. Експертите

[71] Исто. 54.

сметале дека нацрт-планот за унијата не бил доволно добар, но според нив „барем е прв чекор“ кон тоа.[72]

Интересна е анализата на Орме Сарџент кој категорично застанал зад идејата за федерација. Сметал дека „соработката помеѓу Југославија и Грција самата по себе нема да има каква било корист во повоениот период, освен ако тоа не биде прв чекор кон поголема единица, која стратегиски, како и економски, би била способна да се одржи самата во Југоисточна Европа“.[73] Неговите анализи покажале дека во суштина не се работи за грчко-југословенска унија туку за формирање на балканска унија. Сметал дека треба да се прифати идејата и да им се предочи на грчката и на југословенската влада „дека ние сме многу заинтересирани во овој прв обид да се испитаат можностите за балканска федерација, која веројатно во крајна линија ќе ги вклучи сите балкански држави.[74] Меѓутоа, Сарџент поразговорот со Цудерос можел да констатира дека грчкиот премиер не бил многу заинтересиран за формирање на балканска федерација, туку дека неговата крајна цел била возобновување на „стариот сојуз помеѓу Грција и Југославија како оној што постоел во времето на претходната војна и кој траел кратко“.[75]

Но друг експерт на Форин офис, кој разговорал со Цудерос на 4 ноември 1941 година, во својата анализа истакнува дека „Цудерос во никој случај не се противи на идејата за балканска федерација“. Цудерос дури бил спремен да прифати дека „дури и Бугарија може да биде член во неа“. Според него, Турција не би можела да биде

---

[72] Исто.
[73] Исто, 56.
[74] Исто.
[75] Исто, 57.

дел од федерацијата бидејќи нејзиното членување би ја нарушило рамнотежата. Сметал дека може да биде „сојузник на федерацијата во поглед на нејзните европски територии, но не може да биде вистински член“.[76] Како друга причина зошто Турција не би можела да биде член, Цудерос ја наведува реакцијата што би се појавила по војната „против внатрешната политика на Ататурк[77] и неговите наследници што би ја зголемило внатрешната стабилност на Турција“.[78] На Цудерос јасно му било ставено до знаење дека она што во случајот ги интересирало Британците, не биле односите меѓу Грција и Југославија, туку идејата за балканска федерација, за што повеќе се застапувал југословенскиот предлог. Му било нагласено дека југословенскиот план не навлегувал многу во детали затоа што истиот, според експертите, бил „далеку од практичен“, но дека е потребно „да се приклучи на југословенската влада кон испитување на можностите за подготвување на терен за идна федерација“.

Цудерос, во основа, прифатил да разработат со југословенската влада заеднички „практичен план за федерација“ во која ќе бидат поканети да се приклучат и други балкански држави и дури изразил надеж дека тогаш кога ќе дојде време да ги поканат и другите балкански држави да се приклучат кон неа „слична федерација ќе се формира меѓу Чехословачка, Полска и Унгарија и веројатно Австрија“.[79] Но во разговорот, како што нагласува

---

[76] Исто, 57.

[77] Мустафа Кемал Ататурк (1881 − 1938) турски офицер, прв претседател и креатор на модерна Турција.

[78] Велика Британија и Македонија. Грчко-Југословенска федерација (1941 – 1942), Документи ..., 57.

[79] Исто, 58.

експертот, Цудерос во еден момент му дал доверлива изјава која предизвикала изненадување. Имено, Цудерос во разговорот истакнал дека според она што покажала војната,грчките јужни граници не биле заштитени од агресија. Поради тоа тој се надевал дека Владата на Кралството Југославија можела да биде наговорена од страна на Владата на Велика Британија „да се согласи на некои исправки на границите што може да го поправи ова“.[80] Исто така, Цудерос истакнал дека за таа негова идеја разговарал со секретарот на државата, кој, исто така се вознемирил во однос на тоа, а и дека кралот на Грција, подоцна, идејата му ја изнел на министерот за надворешни работи, Антони Идн[81]. Експертот му објаснил на Цудерос дека во случај да биде формирана балканска федерација, нема да има потреба Грција или која било балканската држава да се грижи за стратегиските граници меѓу државите. Експертот бил сосема во право кога сметал дека таквата сугестија сигурно би предизвикала реакцијакај југословенската влада. Таквата реакција можела да ја уништи можноста за формирање на федерација, бидејќи сметал дека Владата ќе се противи на тоа, особено ако „Владата на Неговото Височество ја преземе задачата на медијатор“. Експертот реагирал многу остро и му кажал на Цудерос „да не ѝ зборува ништо во однос на ова на југословенската влада во неговите разговори за федерација“. Но побарал Цудерос официјално да биде

---

[80] Исто.

[81]Антони Идн (1897 −1977) британски политички деец од редовите на Конзервативната партија. Бил секретар за надворешни работи во три наврати во периодот помеѓу 1935 и 1955 година, како и премиер на Велика Британија од 1955 до 1957 година.

предупреден дека „Владата на Неговото Височество не би можела да поддржи таква сугестија“.[82]

[82] Велика Британија и Македонија. Грчко-Југословенска федерација (1941 – 1942), Документи..., 59.

# ГРЧКАТА РЕАКЦИЈА НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ПРЕДЛОГ

По доставувањето на предлозите за формирање на унија, на површина веднаш се појавиле спротивставените интереси на Кралството Југославија и Кралството Грција. Имено, југословенскиот министер за надворешни работи, Нинчиќ, бил многу „разочаран од одговорот што го добил од грчката влада во однос на неговиот предлог за југословенско-грчки договор за идната федерација“.[83] Незадоволството, пред сè, произлегувало од фактот што грчкиот премиер не сакал да се соочи со последиците што ќе произлегле од формирањето на балканска федерација. Ставот на Цудерос бил дека треба да се формира некое сојузништво на принципите од пред војната или нешто слично на Антантата[84] „во чии рамки секоја од државата би ја зачувала својата потполна извршна сувереност и нема да даде никаков придонес кон федерацијата“.[85] За тој негов став британските експерти сметале дека водел само кон веќе виденото, повторување на Балканската антанта,[86] која, како што заклучиле тие била „целосно бескорисна“. А Нинчиќ, од своја страна, се застапувал „за вообичаените елементи за федерална држава, како што е царинска унија, заедничка војска и заедничка надворешна политика“.[87]

---

[83] Исто таму, 60.

[84] Военополитички сојуз меѓу Русија, Велика Британија и Франција формиран во 1904 − 1907 година како противтежа на Тројниот сојуз во кој влегле Германија, Австро-Унгарија и Италија.

[85] Велика Британија и Македонија. Грчко-Југословенска федерација (1941 – 1942), Документи..., 60.

[86] Види белешка 14.

[87] Велика Британија и Македонија. Грчко-Југословенска федерација (1941 – 1942), Документи..., 60.

Орме Сарџент го уверил Нинчиќ дека Британците пред сѐ ја поддржуваат неговата идеја за федерација и дека тие ќе го разгледаат југословенскиот „нацрт-план и грчкиот контра нацрт-план“ и посебно му обрнал внимание „да не се обесхрабрува ако процесот оди бавно бидејќи проблемот е многу тежок, повикува на неограничено трпение и детално внимание“.[88]

Во образложението Нинчиќ истакнал дека тој ќе остане доследен на својата идеја, но бил разочаран од фактот што кај Грците имало опозиција на „идејата за федерација, додека во Југославија имало дефинитивно струја која работеше против тоа“. Според него таа струја била претставена од „старата панславистичка тенденција, која заговара унија со Југославија и Бугарија“.[89] Нагласил дека „посебно Хрватите се застапуваат за ваков развој на настаните и постои опасност дека советската влада може да го охрабри тоа како средство при што тие ќе бидат во можност да го возобноват руското влијание на Балканот“.[90] Тоа, според Нинчиќ „би било фатален развој на настаните“, бидејќи, од своја страна, би предизвикало „антагонизам кај сите југословенски соседи што би сметале дека југословенско-бугарскиот блок би бил закана за нивните интереси и тоа како последица би ја имало неможноста од формирање на балканска федерација“, што воедно би довело до „повторното воведување на руското влијание на Балканот“ и до меѓусебни пресметки меѓу големите сили. Нинчиќ бил загрижен поради фактот да не дојде до движење кон Бугарија и во тој контекст и кон панславизмот,

[88] Исто.
[89] Исто, 61.
[90] Исто.

што можело „во блиска иднина да добие силен поттик со доаѓањето во Лондон на г. Гавриловиќ[91], југословенски амбасадор во Москва“. Стравот произлегувал оттаму што тој бил „жесток поддржувач на политиката на блиска соработка помеѓу Југославија и Советскиот Сојуз и г. Нинчиќ се плаши дека тој веднаш ќе почне да работи против планот на г. Нинчиќ за балканска федерација и ќе се застапува наместо неа за целосна унија помеѓу Југославија и Бугарија под руско покровителство“. Нинчиќ се „плашел дека генерал Симовиќ може да конвертира кон оваа политика“.[92]

На 22 ноември 1941 година, британските експерти го разгледале планот за балканска федерација кој бил поднесен од страна на југословенската влада. Според планот, се предвидувало балканската федерација да има политичко тело во чиј состав би влегле „премиерите и министрите за надворешни работи на државите членки“. Од своја страна, грчката влада сметала дека било потребно премиерите да се исклучат од составот на политичкото тело и тие би требало да се среќаваат само во ситуација кога би имало потреба од средба. Според грчката страна, местото на премиерите во политичкото тело требало да се замени од замениците на министрите за надворешни работи.[93] Политичкото тело,

[91] Милан Гавриловиќ (1882 − 1976) доктор по правни науки на Универзитетот во Сорбона, писател и дипломат.Бил југословенски амбасадор во Советскиот Сојуз до 1941 година, кога на повик на Душан Симовиќ заминал во Лондон и во два наврата бил назначен на местото министер за правда во владата во егзил.

[92] Велика Британија и Македонија. Грчко-Југословенска федерација (1941 – 1942), Документи..., 62.

[93] Исто таму, 63.

сметала југословенската влада, би требало да врши „координација на надворешната политика“ и „подготовка за арбитражни конвенции“ со цел да се спречат несогласувањата меѓу членовите на федерацијата и „контрола на извршување на овие конвенции“. Од грчка страна, во проектот била испуштена контролата на извршување на арбитражните конвенции и нивниот предлог бил формирање на „интербалкански прес-комитет“.[94]Исто така, се планирало и формирање на воено тело. Југословенскиот предлог предвидувал военото тело да биде во состав од „министерот на војна и началниците на генералштабот“, а додека грчката страна сметала дека министрите за одбрана или војна требало да бидат исклучени, а военото тело да биде составено само од „началниците на генералштабот“. Основната функција на военото тело, според југословенската страна, требало да биде „организација на заедничка федерална армија и подготовки на заеднички план за одбрана“, а додека грчката страна во својот план го испуштила формирањето на федерална армија и се залагала за „соработка на националните армии на унијата“.[95] Во однос на економското тело, од југословенска страна се предвидувало во составот да влезат по два члена од секоја влада, а додека од друга страна, Грците предвидувала во телото да влезат „финансиски и економски експерти“.[96] Функцијата на економското тело требало да биде „координација на тарифната полиција, формирање на царинска унија, подобрување на комуникацијата во рамките на унијата и воспоставување на монетарна унија“.[97]

---

[94] Исто.

[95] Исто, 64.

[96] Исто.

[97] Исто.

Се предвидувало и постоење на парламентарни делегации. Југословенскиот план предвидувал делегациите да се состануваат „еднаш или двапати годишно“ и пред сè да решаваат прашања што би биле од општ интерес, а до нив ќе ги доставувале извршните тела. Грчката страна сметаладека Британците поднеле „нејасна фраза“ при што истакнале дека „владите на унијата ќе го олеснат организирањето на состаноци меѓу националните претставници на државите членки на унијата“.[98]

На крајот од предлогот се предвидувало формирање на постојано биро чиј состав требало да биде поделен во три дела: политички, воен и економски. Неговата функција требало да биде разгледување на прашањата „за соработка во рамките на унијата и да го контролира извршувањето на одлуките на унијата“. Грчкиот предлог не предвидувал контрола на извршувањето на одлуките.[99]

[98] Исто.
[99] Исто, 65.

# БРИТАНСКАТА АНАЛИЗА НА ГРЧКО-ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ПРЕДЛОГ ЗА ФЕДЕРАЦИЈА

Договорот за грчко-југословенска унија или федерација постојано бил предмет на разгледување од страна на експертите на Форин офис. Еден од нив, Адис, во својата анализа од 25 ноември 1941 година, истакнува дека во разговорот со грчкиот премиер тој му потенцирал дека тогаш, според него, не било многу умно да истакне дека „ќе има една армија за двете земји“, но бил „спремен да прифати идеја за еден генералштаб или некоја организација која би ги контролирала двете армии“.[100] Цудерос не можел да се согласи во однос на воениот план, бидејќи во Лондон, каде што се наоѓала грчката влада во егзил, немало некој воен експерт кој би можел да го консултира. Исто така, тој се спротивставил и на југословенскиот предлог за „одбрана на границите“, „но без да се додава зборот ’европски‘ како што сакале Југословените, и „без какво било повикување на меѓународните закони“.[101] Цудерос сметал „да се стави зборот ’европски‘ би значело да не се земе предвид Турција и дека поранешните меѓународни договори немаат ништо со новите договори“. Според министерот за надворешни работи, Антони Идн, предлогот и верзијата на Цудерос била многу слаба во однос на поднесената југословенска верзија, бидејќи многу наликувала на предвоената Бал-канска антанта.[102] Според него, југословенската верзија била подобра и тој ја поддржувал бидејќи „концепцијата за федерација дава...многу силна дефанзивна вредност отколку онаа на Балканската антанта, која се покажа бескорисна во минатото“.[103] Во таа пригода,министерот за надворешни работи на Велика Британија Идн, ставил забелешка и на

[100] Исто.
[101] Исто.
[102] Види белешка 14.
[103] Исто, 66.

грчкиот предлог, политичкото тело да биде составено од заменици-министри за надворешни работи наместо премиери, што според него, ја омаловажувало самата идеја за федерација.[104] Во своето образложување на предлогот за политичкото тело, Цудерос малку ретерирал, потенцирајќи дека неговата идеја била да има два совета „совет на премиери, кој би се состанувал повремено, и совет на министрите за надворешни работи и нивните заменици, кои би се состанувале постојано“, а во случај на какви било проблеми замениците би се „обраќале до советот на премиери“. Од своја страна, грчкиот премиер Цудерос истакнал дека „има премногу притисок во однос на договорот“.[105] Цудерос нагласил дека не ја отфрла „идејата за царинска унија“ и дека повторно ќе го разгледа предлог-договорот со југословенскиот министер за надворешни работи Нинчиќ, „имајќи го предвид сето она што г. Идн го кажал“.[106] Во разговорот со Идн тој истакнал дека нема никакви несогласувања во редовите на југословенската влада,но дека постојат одредени југословенски политичари „кои ја поддржуваат идејата за панславизам на Балканот и кои се надеваат дека може да се дојде до договор со Бугарија и да добијат нешто од бугарската територија“. Според Цудерос, Нинчиќ не спаѓал во групата која била за југословенско-бугарски договор, но дека е ревносен поддржувач на идејата за југословенско-грчка федерација. Државниот секретар истакнал декаминистерот за надворешни работи Идн забележал дека „можноста од овие раздори ја зголемува сè повеќе и повеќе потребата од

---

[104] Исто.
[105] Исто.
[106] Исто.

близок сојуз помеѓу Грција и Југославија, на кој тој му дава голема важност.[107]

Со предлогот за балканска федерација на површина пред британските експерти се отворила балканската Пандорина кутија. Пред нив се поставило прашањето за иднината на Албанија. Според нивните анализи, иднината на Албанија била многу неизвесна бидејќи „станува коска на раздорот помеѓу југословенската и грчката влада", и сметале дека требало да се оставаат Југословените и Грците самите да го решат тој проблем меѓу себе.[108] Но, и покрај тој став, британските експерти сметале дека Албанија ќе треба да биде дел од балканската федерација „како една од неколкуте други економски и воени послаби единици во балканската федерација".[109] Несомнено, во игра била и распределбата на интересни сфери. Секако дека и Грците и Југословените имале свои интереси во Албанија. Затоа според она што било дадено во меморандумот, Британците велат „веројатно ќе бидеме обврзани на политичка основа да ги исполниме грчките барања кон јужна Албанија, иако, без сомнение, ние ќе одбиеме да се обврземе за какво било ветување на грчката влада. Се знае дека тоа ќе бара исполнување на југословенските барања кон Скутари и други албански области на север и она што ќе остане ќе биде скратена национална албанска територија".[110] Но податоците со кои располагале Британците не биле доволни за да можат да заземат конечен заклучок во однос на поделбата на Албанија. Затоа побарале информации од Службата за надворешни истражувања и прес-службата „за

[107] Исто.
[108] Исто, 67.
[109] Исто.
[110] Исто.

грчките барања кон Јужна Албанија од етнолошки, економски и стратегиски аспект“. Како резултат на ангажирањето на двете служби, биле обезбедени „со огромен материјал од етнолошки аспект“. Според анализите, клучното прашање било дали Јужна Албанија да им се остави на Албанците или таа територија да ѝ се даде на Грција. Сметале дека „грчкото тврдење е нешто посилно на историска основа, бидејќи Грција речиси ги доби посакуваните работи на Мировната конференција,[111] но за чудо, се фрустрира од спротивставувањето на САД“.[112]

Но и покрај тие податоци, експертите сметале дека крајниот заклучок можел да се донесе кога ќе ги имаат предвид „ставовите на Четман Хаус во однос на економските и стратегиските аспекти“ и затоа побарале Четнам Хаус да ги извести во однос на следните точки:

„(1) Под претпоставка дека е одлучено да им излеземе во пресрет на грчките барања, дали тоа е оправдано на етнолошки, стратегиски и економски основи?

(2) Која ќе биде минималната територија што ќе ѝ биде дадена на Грција во поглед на стратегиските и економските критериуми?

(3) Под претпоставка дека би било пожелно да им се излезе во пресрет на југословенските барања кон Скутари и другите албански територии населени со Југословени, дали ова би било оправдано од етнолошка, стратегиска и економска основа?

---

[111] Се однесува на Версајската мировна конференција.

[112] Велика Британија и Македонија. Грчко-Југословенска федерација (1941 – 1942), Документи..., 68.

(4) Која би била минималната територија што ќе ѝ биде дадена на Југославија во поглед на економските и стратегиските критериуми?

(5) Дали преостанатата територија би била доволна за Албанија за да може да опстојува како независна држава од стратегиски и економска гледна точка?

(6) Албанија...останатите територии би биле доволни за нејзино опстојување...како една од единиците на Балканската конфедерација“.[113]

За ваквата состојба зборувал и Нинчиќ со еден од експертите на Форин офис, при што, исто така, го поставил проблемот со Албанија, кој сметал дека треба да се реши. Тој сметал дека Албанија треба да биде член на федерацијата „во нејзините сегашни граници“.[114]

Меѓутоа, британскиот експерт истакнал дека Нинчиќ пројавувал сомнение дека Грците „може да сакаат да анектираат некои области во Јужна Албанија врз основа дека тие се населени со Грци и ако го направат тоа, Југословените ќе бидат принудени да ги истакнат барањата кон Скутари и другите области што се населени со Југословени“. При оваа констелација на силите, југословенскиот премиер се плашел дека „таквата анексија би ја осакатила и загрозила позицијата на Албанија како независна држава“ и од тие причини Нинчиќ истакнал дека не било пожелно да се „допираат сегашните граници“.[115]

На 5 декември 1941 година, Министерството за надворешни работи на Велика Британија излегува со меморандум во однос на идејата за грчко-југословенска

[113] Исто таму, 68 – 69.
[114] Исто, 70.
[115] Исто.

унија. Во него експертите прават осврт на местото на малите држави во светскиот систем. Во тој контекст тие ќе истакнат дека положбата на малите држави од нивен аспект и од аспект на безбедноста на Европа е оправдана единствено на етнографска основа, без притоа да бидат земени предвид „стратегиските и економските фактори кои се основни за да можат да ја задржат нивната независност во современиот свет против големите сили заснован на територијално проширување“.[116] Тие во своите анализи биле сосема во право со констатицијата дека „малите држави самите по себе немаат шанса да се одржат самите против Германија“.[117] Обидот да се обединат малите држави и да направат заеднички пакт за борба против нацифашизмот, во практика се покажал неуспешен. Во тој поглед, Хитлер спровел тактика да се справува со секоја од малите држави поединечно, една по една, и успеал да ги придобие на своја страна.[118] Но, во своите калкулации,тие правеле и планови како било можно малите држави да му се спротивстават на експанзионизмот на нацифашистичките држави. Се сметало дека решението можело да биде тие да се обединат во „некоја форма на конфедерација“ во која национализмот на секоја од овие мали држави, кои биле формирани исклучиво на етнографска основа, ќе биде подреден, пред сè, „на колективниот национализам каде што обединувачки сила би бил заедничкиот економски и стратегиски интерес“.[119] Вака дизајнираната конфедерација, растоварена од национализмот како движечка сила, британските експерти сметале дека би можела „да претста-вува

[116] Исто, 70.
[117] Исто.
[118] Исто.
[119] Исто, 71.

навистина ефективна пречка за идната германска агресија“. Таквиот договор можел да биде ефикасен само во случај кога во групирањето би влегле „ефикасни и само-одржувачки единици за политички, економски и стратегиски цели“.[120] Дури тие сметале дека доколку таквите мали држави не би можеле самите да се одбранат од агресијата на нацифашизмот, требало да се земе предвид фактот дека сепак се организирани „на ефикасна колективна основа“ и дека во многу би ја зголемило можноста „за доставување навреме на ефикасна помош од другите држави“.[121] Како држави што можеле да бидат дел од експериментот, експертите сметале дека се „државите што лежат помеѓу Германија и Италија од една страна и Русија и Турција од друга страна“.[122] Такви држави биле Грција и Југославија, чии влади во Лондон веќе ги започнале преговорите за формирање на унија или конфедерација меѓу двете држави. А што се однесувало до Централна Европа, таква форма на конфедерација, исто така, заговарале полската и чехословачката влада.[123] Од своја страна, британската влада им давала целосна поддршка на идеите за конфедерации, федерации и унии и сметале дека за таа идеја би требало да покаже интерес и „советската влада“.[124]

Сепак, британските експерти застапувале идеја за „конфедерација на мали единици во која принципот на колективниот суверенитет“ ќе бил заменет со „принципот на национален суверенитет“, со што сметале дека ќе се решеле „многу од проблемите што се појавени од

[120] Исто.
[121] Исто.
[122] Исто.
[123] Исто.
[124] Исто.

внатрешната љубомора меѓу балканските народи“. Според нив, таквата конфедерација „автоматски би го решила проблемот со Југославија, во чиј случај експериментот да се обединат во едно кралство три народи обединети единствено расно и јазично, но поделени со различни интереси и погледи, се покажа како очигледен неуспех“. „Исто така, би го решила и проблемот со Албанија, која би била способна за вклучување како единица во таква конфедерација, без разлика дали е вклучена со нејзините сегашни национални граници или како намалена единица како резултат на територијалните отстапувања на Грција и Србија“.[125] Посебно внимание кај нив предизвикувала можноста, ако Британците не дадат идна опција за балканските народи, сето тоа да го искористи советската влада која со идејата за панславизам можела да „добие доминантно влијание на Балканот“.[126]

Во условите што би требало да ги исполнува таквата балканска конфедерација, експертите пред сè ја набележувале ефикасната регулатива за одбрана. Под тоа тие подразбирале „постоење на систем на колективен суверенитет, т.е. некоја извршна машинерија каде што желбите на членовите на конфедерацијата како целина би станале ефикасни. Тогаш, за државите кои ќе влезат, би било

[125] Исто, 73 – 74.

[126] Експертите потенцираат дека советската влада се откажала од панславизмот како реакционерна идеја во мај 1940 година, кога биле воспоставени односите помеѓу СССР и Кралството Југославија. Но по нацифашистичкиот напад на СССР, таа идеја повторно се појавила и „советската влада размислува да ја возобнови панславистичката идеја кон која одредени елементи во Југославија и Бугарија се спремни да се приклонат“. Исто, 74..

потребно да го напуштат стариот концепт за национален суверенитет“.[127] Британските експерти ја сметале Грција за една од „најхомогената национална единица во Европа“[128] и како таква сметале дека треба да влезе во идната конфедерација во нејзините непроменети постојни граници, но оставале можност, по војната да дојде до нејзино проширување на „една или две точки“, а „централизираниот систем на управување во другите балкански држави може ќе треба да се промени“. Како пример ја посочуваат Југославија, која, според нив, можела да се подели „природно“ во „три единици Србија, Хрватска и Словенија“, а додека за Трансилванија предвидувале автономија,[129] а Македонија не ја гледале како автономна единица.

Во своите анализи експертите сметале дека „политичките и економските граници не е неопходно да бидат идентични“. Имено, Стара Романија, Трансилванија и Хрватска според нивната положба повеќе биле поврзани со „горнодунавскиот слив отколку со Балканот“, но, „политички и исто така од гледна точка на стратегиска одбрана, овие територии природно би го нашле своето место како единица во конфедерација на балканските народи“. Во таква ситуација, Романија, Трансилванија, Хрватска и Словенија, несомнено дека би имале интерес да бидат дел и од една полско-централноевропска конфедерација, а во исто време да бидат и дел од балканска конфедерација.[130] Меѓутоа, сите овие видови федерации, конфедерации и унии биле парцијално решение. Идеалното

[127] Исто.
[128] Исто, 72.
[129] Исто.
[130] Исто, 73.

решение, според нив, била „единствена конфедерација која би се протегала од Балтикот до Медитеранот“, а притоа ги имале предвид „светските услови денес“, бидејќи „поголемата единица би била поспособна да се спротивстави на германскиот притисок и војнички и економски“. Но и самите биле свесни дека во една таква конфедерација проблемите би биле големи и дека за идејата за поширока федерација би требало да се работи во иднина. Во тој моментот сметале дека треба да ја концентрираат својата енергија за да може да се формираат „две мали конфедерации кои би можеле потоа да се спојат во една, полско-централноевропска конфедерација и балканска конфедерација“.[131] Единствената нивна дилема била Австрија. Имено, сметале дека Австрија требало да биде одвоена од Германија, но под услов да биде дел од „една или друга од двете конфедерации“. А воопшто не било дискутабилно прашањето дали да биде дел од конфедерација ако таква се простирала од Балтикот до Медитеранот“.[132] Таа сигурно ќе си го нашла местото во еден таков организам.

Во однос на Албанија, британската влада немало донесено никаква одлука за нејзиниот статус. Според нивното искуство таа „како мала и економски сиромашна земја не е во можност да опстане самата и во кој било систем на национални држави мора да се потпре, економски и воено, на големите сили“.[133] Единствено сметале дека во таа констелација на силите, Италија можела да се јави како заштитник на Албанија. Во анализите оделе дотаму што

[131] Исто.
[132] Исто.
[133] Исто, 75.

планирале формирање на независна албанска држава која би била „под заедничка југословенско-грчка гаранација“, меѓутоа, тоа решение, според нив, никогаш во суштина не било вистинското решение. Но биле на мислење дека во една балканска конфедерација Албанија сигурно требало да биде дел „како една од неколкуте други економски и воено слаби единици“.[134] Но она во што биле сигурни бил фактот дека во однос на Албанија ќе има проблем бидејќи Грците имале претензии кон Северен Епир. И покрај фактот што Британците, во моментот на преговори за грчко-југословенска федерација не сакале тоа прашање да биде ставено на дневен ред сè до завршувањето на војната и поставување на прашањето на мировна конференција, сепак биле сентиментални кон Грција и го имале предвид фактот што Грција во текот на Првата светска војна ја добила таа територија со „силата на оружјето против Италија“ и поради тоа сметале дека „може би било потребно да им излеземе во пресрет на грчките претензии“.[135] Од своја страна, Британците биле свесни дека ќе има реакција од страна на Југословените во случај да дојде до промена на границите. Југословенската влада, ја поддржувала идејата Албанија да биде дел од балканска конфедерација, но во своите предвоени граници. Југословените, во таква констелација на силите, сигурно дека не сакале да останат надвор од пазарењето, доколку Британците би им излегле во пресрет на албанските барања. Во таквиот развој на настаните, доколку на Албанија ѝ бил даден Северен Епир, Југословените полагале претензии кон Скутари „и други албански области населени со Југословени“. Но, и покрај тоа што

[134] Исто, 76.
[135] Исто.

имале претензии, сметале дека „таквата анексија би ја осакатила позицијата на Албанија како независна држава“ и поради тоа мислеле дека не треба да се навлегува во промената на веќе постојните граници.[136] И повторно, на сцена стапила британската калкулантска политика. Нивниот став бил дека ако им се излезе во пресрет на грчките интереси ќе морало да бидат задоволени и југословенските и дека мали отстапувања на „мали делови од Албанија на Грција и Југославија не би требало да значи и исклучување на скратената албанска единица од балканската конфедерација“.[137]

Во однос на проблемот со Албанија, експертите на Министерството за надворешни работи побарале да им бидат доставени дополнителни информации. Тие им биле доставени од Тојнби кој им испратил „голем број тајни документи за Јужна Албанија“. Експертите биле многу децидни дека „не бараме долги извештаи“. Единствено што им било потребно покрај документите за „етнолошките, економските и стратегиските аспекти“ во однос на Албанија „би било добро како прилог, на одделен лист хартија, да дадеш какви било заклучоци и препораки“.[138] Она за што експертите посебно барале податоци биле прашањата:

„1. Под претпоставка дека би било пожелно да им се излезе во пресрет на југословенските барања за Скутари и други албански територии населени со Југословени, дали ова може да биде оправдано врз база на етнолошки, стратегиски и економски основи?

[136] Исто.
[137] Исто.
[138] Исто, 80 – 81..

2. Која би била минималната територија што би ѝ се доделила на Југославија имајќи ги предвид економските и стратегиските критериуми?

3. Дали преостанатата територија би била доволна да ѝ овозможи на Албанија да опстои како независна држава од стратегиска и економска гледна точка?

4. Алтернативно, дали преостанатата територија би била способна да опстане политички како единица на балканската конфедерација?“.[139]

Во однос на Романија, во меморандумот се потенцирало дека пред сѐ требало да се реши прашањето на „Бесарабија и Северна Буковина“, кои со Германско-советскиот договор биле „анектирани пролетва од СССР“.[140] Исто така, и во однос на Бугарија сметале дека и Грците и Југословените биле спремни да ја видат неа во балканската федерација, но Британците, повторно и овде, сметале дека „некои приспособувања во корист на Грција и Југославија можеби би биле потребни“.[141] Но, во однос на Бугарија, Рендел, според познавањата на она што се случувало во Бугарија како поранешен амбасадор, сметал дека кон крајот на војната ќе следувала воена интервенција на Советите во Бугарија и аналогно на тоа со воспоставувањето на комунизмот во Бугарија „советскиот систем на управа ќе се рашири преку целиот Балкан“.[142] Овие свои тврдења Рендел ги потврдил и со ставовите на југословенскиот амбасадор во Москва и министер без портфолио

[139] Исто, 81.

[140] Се однесува на потпишаниот договор меѓу Молотов и Рибентроп од август 1939 година за поделба на интересни сфери. Исто, 77.

[141] Исто.

[142] Исто, 82.

во југословенската влада во егзил, Гавриловиќ. Како амбасадор во СССР и контактите што ги имал со советското раководство и довербата што ја имале во него поради „пренагласени симпатии кон советскиот режим“.[143] Гавриловиќ сметал дека Советите биле спремни, според она што како сознание го имал при крајот на 1941 година, да потпишат каков било договор кој ќе ја лимитирал британската сфера на влијание и ќе „ја гарантира независноста на балканските држави“.[144] Исто така, и Британците биле свесни дека за СССР има „географска потреба...да бара проширување на своето влијание зад Дунав“. Во тој контекст, Гавриловиќ потенцирал дека во „општата конфузија во Југоисточна Европа...по евентуалниот пораз на Германија, Русија ќе има многу пригоди за воспоставување на своето влијание на начин на кој би бил многу тешко на која било друга сила ефективно да се спротивстави“.[145] На Рендел, како искусен дипломат, амбасадор во Кралството Бугарија и во Кралството Југославија, многу добро му била позната нетрпеливоста помеѓу српските политичари од една страна и хрватските и словенечкитеод друга страна. Знаел дека хрватските и словенечките министри во југословенската влада во егзил покажувале „интензивна нервоза од можноста за воспоставување во тие држави комунистички режим кој ќе ги стави нив евентуално под руска управа“.[146] Поради тоа, тие министри барале да им се дадат какви такви гаранции „на народите на Словенија и Хрватска...дека Владата на Неговото Височество нема намера да остане незаинте-

---

[143] Исто, 93.
[144] Исто.
[145] Исто.
[146] Исто.

ресирана за иднината на овие држави или да паднат под советска управа“.[147] Во однос на развојот на состојбите во Бугарија, Гавриловиќ бил категоричен дека бугарската династија по поразот на Германија нема да преживее. Исто како и Рендел сметал дека и Бугарија, исто како и балтичките држави, ако не се спречи во вистински момент, ќе стане интегрален дел од Советскиот Сојуз. Во таква констелација на силите на Балканот, следната држава што би била дел од комунистичкиот лагер била Романија. Во такво опкружување, сметал дека КралствотоЈугославија тешко ќе можело да спротивстави на „советската пенетрација и евентуална советска контрола“ и поентира „и кога еднаш сите овие држави ќе му се придружат на Советскиот Сојуз и кога руското влијание ќе биде воспоставено во Југоисточна Европа би било сосема невозможно да се промени тоа“.[148] Во анализите за можноста да се избегне советската доминација на Балканот и во Југоисточна Европа, Гавриловиќ сметал дека единствениот начин „со кој оваа опасност може да се избегне е да се продолжи со некоја шема за вклучување на Бугарија во јужнословенската федерација“. Во спротивно, Бугарија можела да биде изгубена засекогаш.[149]

Од тие причини, Рендел сметал дека било потребно поради британскиот интерес и интересот на Турција да се работи на спречување на таквиот развој на настаните. За да се реализира тоа, предлагал заедно со Турција да „направиме повоен план за Балканот кој ќе биде базиран на возобновување на предвоените национални држави“.[150]

[147] Исто, 93 – 94.
[148] Исто 94 – 95.
[149] Исто, 95.
[150] Исто, 82.

Рендел во својата анализа истакнал, и тоа сосема во право познавајќи ги условите на Балканот и пошироко, дека Советите по војната ќе бидат сериозна пречка за „повоената организација за мирен и просперитетен европски соживот на нациите“. Сметал дека Советите сакаат да ги превенираат настаните, а не да ги лечат, односно,дека нивната заложба нема да биде „на обезбедување во иднина на мирен развој на народите на Европа“ туку основната нивна цел ќе биде „зајакнување на Русија и врзување на Германија во чисто воена смисла и кон целосно исклучување на сите други фактори...“.[151] Сосема добро му било познато дека „државите кои граничат со Русија и имаат искуство со владеењето на Русите дека германската чизма, колку и да е ужасна, е помало зло во споредба со љубезната власт на мајка Русија“.[152] Бил сосема во право во залучокот дека идејата за балканска унија во основа била насочена„колку против Русија толку и против Германија“, а истото го мислел и за „Полско-чехословачкиот договор, барем во очите на Полјаците“.[153] Во однос на советското присуство на Балканот, сметал дека тоа би било вистинска неправда кон народите на Балканот да се дозволи советското присуство да ја „шири мизеријата и незадоволството, нешто што ќе се спроведува со сила, а не со дозвола и би водело кон друга војна“.[154] За да се спречи тоа, Британците требало да ги употребат сите можни политички и воени средства за да го спречат ваквиот развој на настаните. Од воен аспект,предвид можеле да се земат две опции: „сојузничка инвазија на Балканот со или без турска соработка и

[151] Исто.
[152] Исто.
[153] Исто, 83.
[154] Исто.

независна турска окупација на Бугарија преземена со наша согласност“.[155] Сметал дека треба да се искористи „руското плашило“ за да се вовлечат Турците во војна на британска страна. Но во својата анализа ќе истакне дека од своја страна „Русија има два адута“. Првата карта бил „панславизмот, принципот за автономни советски републики што го прави сојузник на секое сепаратистичко движење на Балканот и комунистичката програма за револуционерни социјални реформи е универзален лек за сите болести на масите“. И ќе заклучи дека ако Британија сакала да му се спротивстави на руското влијание на Балканот, морала да се обиде да го украде „овој гром“.[156]

Но бил сосема во право дека „распоредот на расите на Балканот е во спротивност со формирањето на силни унитарни национални држави“, но и дека „големите балкански малцинства не ќе се вклопат соодветно во ниту еден државен систем“.[157] Како пример ја истакнал Југославија. Имено, според Рендел, по завршувањето на Првата светска војна во Југославија бил направен обид „да се формира нација со обединување на три рзлични народи“, но дека тој обид бил „очигледен неуспех“. Сметал дека „Србите, Хрватите и Словенците се толку далеку од обединување како никогаш дотогаш. Дури и во Лондон сите Југословени се „сложуваат дека нема иднина за Југославија освен како федерална држава“. Сметал дека „би било лудост да се пресоздаде југословенската влада само поради името и династијата“ и дури „ние би биле многу неумни да ги базираме нашите ставови заднината на Балканот за

[155] Исто.
[156] Исто, 83 - 84.
[157] Исто, 84.

обновување на југословенската држава и би било подобро да признаеме дека нејзината дезинтеграција не е само веројатна туку и пожелна“.[158] И уште повеќе „распадот на поранешните предвоени балкански држави е во одредени случаи пожелно“ бидејќи сметал дека Британците можеле да го имаат решението „за сите сѐ повеќе и повеќе тешки балкански проблеми, Трансилванија, Македонија и Албанија“ и дека можеле да се искористат сепаратистичките тенденции, кои, според него, биле „главниот реквизит на советската пропаганда“.[159] Исто така, ја поддржувал и идејата за формирање на „ефикасна балканска конфедерација“ која ќе биде составена од „поголем број мали единици со цел да се осигура дека на која било дадена тема ќе има незаинтересирано мнозинство на страната на правдата и дека ниту една единица нема да биде толку силна за да им пркоси на останатите“.[160]

Во однос на прашањето дали Турција треба да биде дел од балканската конфедерација, југословенската влада била со став дека „е за исклучување на Турција од конфедерацијата“, а додека грчката влада сметала дека Турција требало да биде дел од конфедерацијата. Од своја страна, Британците сметале дека Турција не би ја отстапила својата национална сувереност за да биде дел од конфедерацијата, но сепак, според нив, таа би требало некако да се поврзе со конфедерацијата „бидејќи тоа би ја неутрализирало Бугарија како национален ентитет и делумно бидејќи како колективитет би претставувала бедем против идните германски и руски планови“.[161]

---

158 Исто, 84.
159 Исто.
160 Исто, 84 – 85.
161 Исто.

Меѓутоа, кон крајот на 1941 година сè уште се поставувало прашањето дали воопшто ќе дојде до формирање на југословенско-грчка унија. Југословенскиот министер за надворешни работи, Нинчиќ, бил на мислење да ги напушти преговорите доколку Грците го отфрлат доставениот југословенски предлог. Од своја страна, бил убеден дека Кралството Југославија и Кралството Грција се во можност да склучат договор со „далекусежен карактер  и способност да се развие во вистинска балканска унија, истата би имала голем морален ефект и во Југославија и во Грција, би ја поттикнала надежта во двете држави за подобра иднина по војната...“.[162] Во поглед на преговорите, Нинчиќ сметал дека било пожелно за нив да се извести советската амбасада во Лондон за целиот процес кој се водел околу балканска федерација. Сметал дека интересот на Советите за Балканот е да ја спречат германската експанзија кон југоисток и поради тоа може нема да прифатат каков било план за балканска асоцијација „што би ја зајакнала моќта на силите на отпорот на балканските држави на оваа опасност“.[163]

Британците биле сосема свесни дека во Југославија, според она што го имале како податок добиен од септември 1941 година, постоеле две движења што се бореле против нацифашизмот. По првите информации дека едно од движењата е предводено од комунистите, членовите на југословенската влада во егзил, според британските експерти биле „многу вознемирени во однос на растечката сила и успеси на партизаните или комунистичките елементи во Југославија и се чини...може да заврши со формирање на целосно

[162] Исто, 79..
[163] Исто, 79.

комунистички режим и негирање на сè за што тие сега се борат“.[164] Имајќи ја предвид опасноста од комунистичкото движење, „а не поради прекумерната љубов кон Михајловиќ“, Британците се определиле да гопомагаат четничкото движење и југословенската влада. Стравот на југословенската влада произлегувал од можноста Британците да им го свртат грбот и да застанат на страна на комунистите. Но, за да се надмине тој страв, Рендел го известил Јовановиќ дека „нема промена во политиката од наша страна, дека ние продолжуваме да го помагаме Михајловиќ“.[165] Но Рендел бил сосема во право во однос на ситуацијата во Бугарија. Сметал дека „имаме големи причини да веруваме дека комунистичкото движење и нивното влијание се зголемува и се зголемува пропорционално со брзина со која Германците одат кон пораз“.[166] Во таква ситуација „сосема сигурно е дека кога Германија ќе биде победена, Бугарија, сфаќајќи дека има малку надеж кај нас, ќе сефрли во прегратката на Русија и таа за да добие добра позиција во центарот на Балканот ќе ја прифати“.[167] Сигурно дека таквиот развој на настаните, југословенската влада во егзилго гледала со вознемиреност, бидејќи ако Бугарија станела „руска колонија“ веројатноста била голема таа да ѝ се придружи на комунистичка Југославија. Постоело и размислување од страна на Гавриловиќ кој се залагал за „целосна унија помеѓу Југославија и Бугарија“, а тоа го базирал врз основа на фактот дека кога Германија ќе капитулира, „царот Борис ќе изчезне во лицето на

[164] Исто, 86.
[165] Исто.
[166] Исто.
[167] Исто.

комунистичката револуција“.[168] Во таква ситуација тој сметал дека било потребно „веднаш да му се понуди на бугарскиот народ алтернатива и единствената алтернатива која тие веднашби ја разбрале е планот за целосна унија помеѓу Југославија и Бугарија“.[169] Меѓутоа, противник на таквата идеја бил југословенскиот министер за надворешни работи, Нинчиќ. Од своја страна, и Британците во своите анализи сметале дека „единствена држава која ќе се простира од Австрија до границите на Турција целосно би ја уништила рамнотежата на Балканот и би направила да биде невозможно да се формира конфедерација во комбинација со Грција“.[170] Несомнено, Британците биле загрижени за Грција. Таа, според нив, на формирањето на една таква централна држава на Балканот „би гледала со голема тревога, а исто така и Турција и Романија, а резултатот би бил неможноста да се најдат какви било основи за соработка меѓу нив“.[171] Уште повеќе сметале дека „со апсорбирањето на Бугарија, Југославија ќе ги наследи сите бугарски кавги со Романија и Грција“. Нивниот заклучок бил дека сите проблеми ќе можеле да се решат во моментот кога „балканската конфедерација ќе стане реалност“.[172]

Ваквиот развој на настаните ја ставало Турција во незавидна позиција. Фактот што на нејзините западни граници можела да ја има „советизирана Бугарија“ било нешто што не било посакувано од страна на Британците. Но, од своја страна,тие не биле спремни да поддржат акција со која Турција би ја нападнала Бугарија, и покрај фактот

[168] Исто, 90..
[169] Исто.
[170] Исто.
[171] Исто.
[172] Исто.

што „има одредени елементи во воените кругови кои би сакале да се пресече со Бугарите“.[173]

Затоа тие сметале дека најдобра солуција во однос на развојот на ситуацијата на Балканот би била „ние и Американците со една инвазија на Балканот да бидеме на самото место и во позиција да го контролираме тој дел на светот и на тој начин да спречиме непосреден колапс и отворање пат на комунизмот“.[174]

Од друга страна, во однос на ставот на СССР кон Балканот и Југоисточна Европа, британските експерти сметале дека во првите две години од војната „Русите неколкупати јавно го потврдија принципот на неинтервенција“[175] во однос на Балканот. Во разговорот што го имал британскиот министер за надворешни работи, Антони Идн, во Москва со Сталин и со советскиот министер за надворешни работи Молотов, нивните територијални амбиции „биле ограничени на Бесарабија и бази во Романија“.[176] Според нивните анализи за можните советски чекори, се надевале дека Советите можеле да предложат „услогласување на пошироки територијални барања...со инженеринг на ’спонтани‘ апликации на дел од комунистичките влади во балканските држави за нивно вклучување, или некоја друга форма на поврзување со Советскиот Сојуз“. Според нив, во тој момент Советите биле „против неограничени експанзии“.[177]

Во однос на планот за југословенско-грчка федерација, на 31 декември 1941 година, бил запознат и

[173] Исто, 87.
[174] Исто.
[175] Исто, 88.
[176] Исто.
[177] Исто.

советскиот амбасадор при југословенската влада во егзил. Неговата прва реакција била „пријателски интерес“ што од своја страна ги задоволило Британците, имајќи предвид дека тие се плашеле од можноста советската влада да „приговара за идејата за конфедерација како противтежа на панславистичката идеја, претпоставувајќи дека тие може да ја возобноват последната“.[178] Југословенскиот амбасадор во Ангора го информирал и Сараџоглу за идејата за југословенско-грчка федерација. По изложувањето на идејата, Сараџоглу го одобрил планот. Тоа за британските експерти бил добар сигнал за да продолжат со комбинациите околу формирањето на југословенско-грчката федерација, односно надминување на одредени несогласувања меѓу преговарачките страни.[179]

По надминувањето на сите несогласувања во однос на членовите на договорот, направен со помош на Британците, договорот бил спремен за потпишување. Во однос на местото за потпишување, грчкиот премиер Цудерос сметал дека договорот би требало да биде потпишан во Министерството за надворешни работи. Британскиот експерт Диксон, од Министерството, сметал дека тој предлог требало да се прифати од две причини:

„(1) бидејќи со тоа би се избегнале тешкотиите со Југословените во однос на изборот на место и

(2) бидејќи г. Цудерос особено сака да покаже дека договорот треба да изгледа дека е потпишан под покровителство на Владата на Неговото Височество. А исто така, тоа го поткрепувал и со фактот дека Британците и од грчката и од југословенската влада биле консултирани во

[178] Исто, 89.
[179] Исто.

однос на договорот и дека ‘го спонзориравме договорот...и би било...сосема прикладно дека потпишувањето би требало да се случи овде, и можеби секретарот на државата лично би требало да најде време да присуствува’“.[180]

На 3 јануари 1942 година, Симопулос и Милованових официјално му го доставиле на Александар Кадоган конечниот текст на договорот за балканска унија. И двајцата претставници на југословенската и грчката влада повторно изразиле надеж дека министерот за надворешни работи Идн „ќе се согласи“ потпишувањето на договорот да се изврши во Министерството за надворешни работи и дека на чинот ќе присуствува и Идн.[181] Сметале дека пред да се потпише договорот, пожелно било да бидат известени владите на САД, СССР и Турција, а воедно изразиле и надеж дека претставници на САД и СССР требало да бидат поканети да присуствуваат на потпишувањето. Во однос на тоа, Кадоган истакнал дека „е невозможно да се каже дали Владата на САД во оваа фаза е спремна да се поврзува на кој било начин со договорите за повоена Европа и би било добро да се воздржи од официјална покана која би можела да поттикне одбивање“.[182] На 4 јануари 1942 година, југословенската и грчката влада во егзил биле информирани дека министерот за надворешни работи се согласил потпишувањето да се случи во Министерството за надворешни работи.[183]

На 9 јануари 1942 година, грчкиот амбасадор и југословенскиот вршител на должност во Кубишев му го предале на Вишински текстот на Грчко-југословенски-

---

[180] Исто, 91..
[181] Исто, 97.
[182] Исто, 97.
[183] Исто.

отдоговор. Вишински, по разгледувањето на текстот на договорот, им соопштил на двајцата претставници дека ако советската влада смета за потребно да даде какви било забелешки на текстот, југословенската и грчката влада ќе бидат известени.[184]

Несомнено, самата идеја за повоеното уредување на Балканот од аспект на задржување на Балканот како интересна сфера на Велика Британија, наидувало на поддршка. Сигурно дека Велика Британија настојувала да извлече максимум од неговото потпишување. Поради тоа се сметало дека по потпишувањето на договорот,тојтребало да биде поддржан и искористен за пропагандни цели со декларација од страна на британската влада во која би била нагласена поддршката на „балканското единство“. Дури за тој чин реагирала балканската секција на СОЕ која сугерирала дека таквите декларации можат да бидат многу корисни. Истото го застапувала и PWE.[185] Но единствената дилема кај британските експерти било тоа што тие не можеле да дадат сигурна гаранција дека таква федерација ќе можела да функционира. Според нив, нејзината функционалност можела да стане реалност и тие да ја поддржат само во случај балканските држави сами да ја преземат иницијативата во планирањето на таква федерација. Дури и сугерирале во една таква декларација да ги изложат британските интереси „во однос на повторното воспос-

[184] Исто, 98..

[185] На ваквиот став се спротивставил Јужниот оддел чии експерти сметале дека во однос на договорот требало да има само „белешка за печатот и PWE“, не треба да се протежира идејата дека „овој договор е основа за балканска конфедерација“ и дека во таа фаза не треба да се споменува можноста дел од истата да бидат Романија и Бугарија. Исто, 107.

тавување на внатрешната сигурност и можностите за социјална правда“ што сметале „ќе им се допадне на сите класи во сите тие држави кои во минатото страдале од експлоатација“ и истото ќе можело многу добро да се искористи за пропаганда. Британците во својата рационалност од она што можело да излезе од целата идеја за балканска федерација, биле свесни дека советската влада во новонастанатата ситуација на Балканот може да „лови во матно“. Единствено со што можеле во тој момент да се спротивстават Британците била „политиката за балканска конфедерација“. Затоа, британските експерти препорачувале „што побрзо да се објави Грчко-југословенскиот договор“ и да излезат „искрено и целосно во корист на балканската конфедерација“ при што препорачувале посебно да се потенцира дека во таквата конфедерација свое место ќе имаат и Бугарија и Романија.[186]

На 12 јануари 1942 година, грчката влада во егзил ја известила британската влада дека добила одговор на нивната телеграма во однос на информацијата за формирање на грчко-југословенска федерација од страна на САД. САД безрезервно го поддржале договорот, а додека турската влада на договорот гледала со „доза на недоверба“. Но, и покрај таквиот став на турската влада, Цудерос изразил надеж дека по ослободувањето Турција ќе биде дел од балканската федерација.

[186]Дел од британските експерти сметале дека не треба, во почетната фаза од војната да се зборува за балканска федерација бидејќи „Романија и Бугарија се непријатели и не сакаме тие да помислат дека по војната живеат среќно под исти услови, како и сојузничките балкански држави и нема да бидат казнети“. Исто, 102.

Во однос на ставот на СССР за договорот, Цудерос констатирал, од добиениот одговор, дека советската влада „не му даде многу топол прием“, и според него, Советите во текот на војната не сакале какви било договори за унии, федерации или конфедерации.[187]

По извршените подготовки официјалното потпишување на договорот се случило на 15 јануари 1942 година во Министерството за надворешни работи. Истиот бил потпишан во присуство на грчкиот премиер Цудерос и заменик-министерот за надворешни работи, а од југословенска страна,премиерот и министерот за надворешни работи, Нинчиќ. Според британскиот министер за надворешни работи,договорот го изразувал принципот „Балканот на балканските народи“.[188]

---

[187] Исто, 104.

[188] „Договор меѓу Кралството Југославија и Кралството Грција во врска со формирањето на балканска унија.

Имајќи ги предвид минатите и особено неодамнешните искуства, се покажувадека недостигот од поблиско разбирање меѓу балканските народи се користи од силите на агресијата во нивната цел за политичка и воена пенетрација и империјалистичка доминација на полуостровот.

Имајќи го предвид тоа, а со цел да им обезбеди независност и мир на балканските држави, основниот принцип на нивната политика мора да биде принципот:

’Балканот за балканските народи‘

Неговото Височество, кралот на Југославија и Неговото Височество, кралот на Хелените одлучија да го склучат овој договор во врска со формирање на балканската унија и за таа цел именувале нивни полномошници:

Неговото Височество, кралот на Југославија, Неговата Екселенција, генерал Душан Симовиќ, претседател на Советот на министри, министер за внатрешни работи, министер за авијација

и поморство, и Неговата Екселенција, г. Момчило Нинчиќ, министер за надворешни работи, Неговото Височество кралот на Хелените, Неговата Екселенција г. Емануел Цудерос, претседател на Советот на министри, министер за надворешни работи и Неговата Екселенција г. Хараламбос Симопулос, ополномоштен претставник и ополномоштен министер, постојан заменик-секретар на државата за надворешни работи.

По меѓусебната размена на нивните полномоштва, кои се направени во добра и соодветна форма, се согласија на следните диспозиции:

ДЕЛ I

ОРГАНИТЕ НА УНИЈАТА

Член 1

Органите на Унијата кои ќе се среќаваат во редовни временски интервали се:

1) Политички орган, претставуван од министрите за надворешни работи.

2) Економски и финансиски орган, претставуван од два члена од секоја влада компетентен во економските и финансиските работи.

Член 2

Постојан воен орган. Овој орган во кој владите ќе бидат претставени од началниците на Генералштабот или нивни претставници, ќе претставува заеднички Генералштаб на националните вооружени сили, покрај националните генерални штабови.

Овој орган ќе биде составен од две бироа, едно за армијата и авијацијата и другото за морнарицата.

Член 3

Постојано биро ќе биде составено од два дела (политичко и економско-финансиско).

Член 4

---

Претседателите на Советот на министри на државите кои ја сочинуваат унијата ќе се среќаваат кога тоа ќе биде потребно со цел да се дискутираат прашања од општ карактер во интерес на Унијата.

Член 5

Соработка меѓу парламентите. Владите на Унијата ќе ги олеснат регуларните средби меѓу парламентарните делегации на државите членки на Унијата овозможувајќи овие делегации да продолжат со размената на ставови да ги кажат своите барања за прашања од заеднички интерес кои ќе им бидат доставени од компетентни органи.

## ДЕЛ II

## РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ НА УНИЈАТА

Член 6

Задача на Политичкиот орган ќе биде:

(а) Да ја координира надворешната политика на членовите со цел да се овозможи на Унијата да дејствува единствено на меѓународно поле и да продолжи со преминарните консултации за цело време кога надворешните интереси на членовите ќе бидат загрозени.

(б) Да подготвуваат проекти за договори за помирување и арбитража меѓу членовите на Унијата.

Политичкиот орган ќе преземе формирање на следните организации:

(а) Комисија задолжена за елаборација на договорите за интелектуална соработка меѓу членовите на Унијата со супервизија на нивните апликации.

(б) Комисија задолжена за координација на напорите на органите на печатотот во поглед на приближување на јавното мислење на државите членки на Унијата и одбрана на нивните интереси.

Член 7

Задача на Економскиот и Финансискиот орган ќе биде:

(а) Да се координираат политиките на надворешната трговија и даночните тарифи со цел склучување на царинска унија.

(б) Да се елаборира заедничкиот економски план за сите членки на Унијата.

(в) Да се испитаат преку специјални органи сите средства кои можат да дозволат подобрување на комуникациите меѓу членките на Унијата (железници, патишта, навигација на море, воздух и реки, пошта и телеграф), како и развој на туризмот во рамките на Унијата.

(г) Да се подготви предлог-договор за воспоставување на монетарна унија.

Член 8

Задача на Воениот орган ќе биде да ги координира активностите кои се однесуваат на соработката меѓу националните воени сили на членките на Унијата, усвојување на заеднички план за одбрана и заеднички тип на вооружување итн.

Мисијата на вооружените сили на Унијата ќе биде да ги брани европските граници на државите на Унијата.

Член 9

Постојаното биро ќе формира Секретаријат на различните органи на Унијата и неговата работа ќе биде:

(а) да подготвува материјали за работа на органите на Унијата,

(б) да се проучат прашањата кои даваат решенија од кои политичката, економската и финансиската соработка на членовите на Унијата може да стане поефикасна,

(в) контролирање на апликациите со одлуките на органите на Унијата.

По потпишувањето на договорите двајцата челници на Кралството Грција и Кралството Југославија, кралот Ѓорѓе и кралот Петар II, одржале говори во кои посебно се осврнале на врските и пријателството што ги поврзувале двете земји низ историјата и дека со договорот само ја зацврстувале идејата да живеат заедно со што сакале да обезбедат „среќа и просперитет на народите на полуостровот во атмосфера на мир“.[189]

Веднаш по потпишувањето на договорот, Министерството за надворешни работи на Велика Британија испратило телеграма во која се известувал министерот за надворешни работи, Антони Идн, за преземените чекори за тоа како треба да се искористи договорот во пропагандни цели, т.е. што им било сугерирано на печатот, на ББС и институциите за пропаганда. Во инструкциите се потенцирало дека сите тие треба да нагласат дека договорот наишол на „најтопло одобрување од страна на британската влада“;

---

ДЕЛ III

Член 10

Високите договорни странки изјавуваат дека овој договор претставува општа основа за организирање на балканска унија. Тие се сметаат себеси обврзани со горенаведените диспозиции од датумот на размена на инструментите за ратификација и тие со задоволство ги канат идните пристапувања кон овој договор на другите балкански држави управувани од слободно избрани влади и легално конституирани.

Член 11

Сегашниот договор ќе биде ратифициран и ратификацијата ќе биде разменета штом ќе биде можно...“ Исто, 108 – 112..

[189] Исто, 115 – 121 .

дека истиот го „зацементирал традиционалното пријателство меѓу Грција и Југославија“ кои во војната се бореле на страната на сојузниците; дека договорот претставува обид Кралството Југославија и Кралството Грција да направат планови „за иднината на Балканот“ чија идеја наишла на одобрување од британската влада; дека поради „руската чувствителност“ не сакале во таа фаза од војната да ги потенцираат основните идеи на договорот, т.е. „апсорбирањето на Романија и Бугарија во балканската конфедерација“.[190]

Несомнено . потпишувањето на договорот имал свој одраз и во печатот. Британскиот амбасадор во Ангора, на 18 јануари 1942 година, го известува Министерството за надворешни работи за реакциите во печатот. Весникот „Улус“, истакнува тој, го поздравил потпишувањето на договорот и потенцирал дека независноста на балканските држави можела да се одржи само со единство. Весникот „Тан“ ја потенцирал важноста на договорот поради „светлината што ја фрла на демократијата за иднината на Балканот“. Весникот „Јенисабах“ ја истакнал заинтересираноста на Турција да биде дел од таа федерација, бидејќи истата давала можност за потпишување на „вистинска соработка и мир на Балканот“ и се потенцирало дека федерацијата може да постои само со признавањето на „правата на малите нации“. Малку оптимистички, во својот коментар новинарите на весникот сметале дека Велика Британија по војната немала амбиции да го доминира Балканот и дека федерацијата бил основен принцип „дека Балканот ќе живее слободно и ќе биде обединет против

[190] Исто, 122.

опасноста од надвор“.[191] Исто така и печатот на грчката емиграција во САД го коментирал потпишувањето на договорот. На 16 јануари 1942 година, весникот „Атлантис“ излегол со напис во кој нагласувал дека денот на потпишувањето претставува „незаборавен датум за балканските народи...бидејќи го запечати старото пријателство меѓу Грција и Србија“. Со сличен коментар излегол и весникот „Нејшенал хералд“.[192]

По склучувањето на договорот и одржаните говори на челницитена двете држави, наместо задоволство од двете страни во однос на договореното, започнале меѓусебните обвинувања во однос на тоа кој како ја сфаќал федерацијата. На 20 јануари 1942 година,премиерот на Владата на Кралството Грција го посетил Диксон во Министерството за надворешни работи и му ја изложил загриженоста „во однос на линијата која ја презема југословенската влада за развојот на идејата за конфедерација“.[193] Имено, во својот говор по повод потпишувањето на договорот, југословенскиот крал Петар II Караѓорѓевиќ истакнал дека било можно да се формира „централна европска унија врз основа на Чешко-полскиот договор“, и дека може да дојде до формирање на „балканска и централноевропска унија...со еден заеднички врховен орган, голема организација која ќе даде сериозни гаранции за мирот и просперитетот на Европа“.[194] Од ваквиот однос на кралот не бил задоволен Цудерос. Тој во разговорот со Диксон му потенцирал дека „не е на малите држави како што се Грција и Југославија да ги изразуваат своите мислења во однос на иднината на

[191] Исто 124 – 125. .
[192] Исто, 131 - 133.
[193] Исто, 133.
[194] Исто.

Европа, одејќи подалеку од опсегот на договорот склучен меѓу двете држави“.[195] Исто така, изразил мислење дека таквите идеи што ги ширела југословенската страна можеле да ги вознемират Русите во случај „ако тие мислат дека огромната двојна унија која ќе се простира од Северна Европа до Медитеранот“[196] би можела да стане стварност. Во тој контекст, во однос на Турција, Цудерос сметал дека треба да ѝ се даде можност да соработува со балканската федерација „и можеби дури да стане дел од неа под услов турското членство да не ја вклучува федерацијата во бранењето на границите на Турција со Азија, имајќи предвид дека концепцијата на федерацијата е само да ги брани европските граници“.[197] Ваквите изјави на Цудерос го привлекле вниманието на експертите на Министерството за надворешни работи. Во своите анализи тие сметале дека Југословените имале свои посебни внатрешни причини поради кои ја протежирале идејата за источноевропска федерација. Според експертите, Кралството Југославија имало две алтернативи, или да биде „апсорбирано од Русија или партиципирање во широка федерација насочена колку против Русија толку против Германија“, а според експертите, Југословените ја претпочитаат Германија.[198]

Од своја страна, и Грците имале свои причини зошто не ја поддржувале југословенската идеја за голема конфедерација.Според британските експерти, Грција како унитарна држава имала силно развиено национално чувство и се наоѓала надвор од досегот на руското влијание.Од друга страна, за разлика од Југословените, многу се држеле

[195] Исто, 134.
[196] Исто.
[197] Исто.
[198] Исто, 135.

за нивниот идентитет и од тие причини не биле подготвени да „се видат апсорбирани во федерацијата“.[199] Имајќи ги предвид овие два става на југословенската и грчката страна, Диксон сметал дека треба да се поддржи онаа страна што „содржи најдобри надежи од некое реално задоволувачко поствоено уредување – а тоа е, јас мислам Југославија. Мотивите може да се валкани, во секој случај, но целта на Југословените е самата по себе повеќе пожелна отколку на Грците“.[200]Диксон сметал дека забелешките на Грците не се убедливи, бидејќи „секоја држава има право да го каже своето мислење во однос на повоеното уредување“.[201] Исто така, според него, Турција „на подолги стази не може да биде дел од каква било шема и поради тоа ќе подигне цврста бариера помеѓу неа и Германците од една страна и Русите од друга“.[202] Во однос на можната советска реакција, Диксон сметал дека не треба да им се дава премногу внимание на руските приговори, а и самите Британците биле свесни дека и „Русите имаат свои идеи за повоеното уредување“.[203] но требало да бидат сосема свесни дека ако се спротивстават на британските интереси „дека само со вооружената сила“ ќе можеле да ги „постигнат своите цели“. Неговиот заклучок бил сосема на место дека „Сталин е премногу сомнителен и премногу реалист за да дозволи неговото однесување во војната да биде под влијание на хипотетички планови за идното уредување на Европа на што бегалските влади во оваа земја би се согласиле“.[204]

---

[199] Исто.
[200] Исто.
[201] Исто.
[202] Исто.
[203] Исто, 136.
[204] Исто.

Далеку од своите татковини, владите на државите во егзил правеле планови без да имаат каков било увид на теренот или и ако имале, настојувале сето тоа да го свртат на своја воденица.Се правеле планови за повоеното уредување на Европа и Балканот без „крчмар“. На 20 јануари, весникот „Тајмс“ во написот насловен „Чешкото и југословенското пријателство. Обединување во Лондон“ се осврнува на ручекот приреден од д-р Бенеш, претседател на Чехословачка, во чест на југословенскиот крал Петар II. На ручекот присуствувале и чехословачкиот и југословенскиот премиер, Шрамек и Јовановиќ. Во здравицата, Бенеш посебно нагласил дека убиениот крал Александар II Караѓорѓевиќ и тој „се обиделе да го зајакнат приципот на колективна безбедност и регионална сигурност“ и дека во „иднина соработката ширум светот ќе биде неопходно потпомогната од регионалните конфедерации“.[205]

На 28 јануари 1942 година,делегацијата на Велика Британија при Кралството Југославија била известена од страна на Крњевиќ дека постоело разочарување кај него поради „покажаниот недостиг од ентузијазам кој советските власти и претставници“ кон Грчко-југословенскиот договор. Тоа го потврдил и Богомолов, советскиот министер при југословенската влада во Лондон, кој изразил многу ладен став во „однос на целата политиката во однос на пактот“ и дури „кога грчкиот амбасадор во Кубишев му зборувал за тоа на Вишински, последниот покажал многу јасно дека советската влада го смета развојот на настаните со сомнеж и одвратност“.[206] Крњевич, од своја страна, го изненадил Рендал со ставот дека тој „нема да има некоја поголема

[205] Исто, 139.
[206] Исто, 155.

употреба во неговата сегашна форма“.Тој свој став го базирал на фактот што верувал „дека Грците се далеку од тоа да бидат ентузијасти, бидејќи тоа може да ги вовлече во далекусежни обврски за кои тие воопшто не сакаат да се обврзуваат“.[207]

По потпишувањето на договорот, во круговите на британските експерти од Министерството за надворешни работи, се почнала дискусија во однос на прашањето како тој да се искористи за пропаганда кон балканските држави, односно дека федеративно асоцирање било атрактивно за сите нации на Балканот. Според нив, самата идеја за федерација кај Грците не била атрактивна од причини што постоеле можности за формирање на голема јужнословенска федерација што можело да ја загрози Грција. Од друга страна, нивните анализи покажувале дека Кралството Југославија било задоволно од договорот поради фактот што давало можности за реализација на „единица која ќе се простира од Јадранското до Црното Море“.[208] Затоа, акцентот во пропагандата кон Кралството Југославија требало да биде насочен кон паролата „Балканот на балканските народи“. Препорачувале дека во случај однесувањето на бугарските окупациски трупи да биде толерантно со населението во окупираните региони и во рамките на ограничувањата во поглед на тоа дадени од страна на Грција, требало да се користи пропаганда „како секундарна, за јужнословенско братство“.[209] Биле сигурни дека идејата за федерација не наишла на одобрување кај Бугарите и силите на Оската. Тие го сметале формирањето на таква

[207] Исто.
[208] Исто, 157.
[209] Исто.

единица како „воен пакт насочен да ја држат Бугарија во потчинета позиција и можеби, исто така, да ја распарчат земјата“. Поради тие причини, експертите сметале дека Бугарите имале две алтернативи „дали идеалот Балканот на балканските народи, за кој многу бугарски патриоти се бореле во минатото“ или другата „постојана покорност на Германија, судбина која во моментот е маскирана под превезот на ’Голема Бугарија“.[210] За да може да се направи нешто, сметале дека треба да се нагласува членот од договорот во кој се потенцирало дека членови на федерацијата можеле да бидат само „демократски управувани држави“, а дека требало да се „направи база за револуционерна пропаганда против царот Борис и режимот на Филов“ и дека цар Борис требало да се претставува како човек кој е против балканската унија. Сметале дека требало да се искористат членовите на Земјоделската партија кои се наоѓале надвор од Бугарија. Препорачувале во пропагандата да се употребуваат јасни „изјави за британскиот став кон царот Борис“, да се „направи сентиментален апел (повикувајќи се на Стамболиски)“,[211] во однос на идејата за иднатабалканска унија и сентиментален апел на социјална основа за „братство на селанските маси на Балканот во нивната борба за слобода и подобар стандард на живеење“.[212]

Во однос на Романија, сметале дека „сè уште не е јасно дали членувањето во балканска федерација или во централноевропска федерација (вклучувајќи ги Полска,

[210] Исто, 158.

[211] Александар Стамболиски (1979−1923) премиер на Бугарија и лидер на Бугарскиот земјоделски народен сојуз.

[212] Велика Британија и Македонија. Грчко-Југословенска федерација (1941 – 1942), Документи..., 158.

Чехословачка и Унгарија) ќе биде на крајот многу поатрактивно за Романија“. Од друга страна, сметале дека „е во наш интерес да се задржи Трансилванија како коска на раздорот меѓу Романија и Унгарија и затоа да се воздржат од пропаганда, од каква било директна сугестија за приближување меѓу Романија и Унгарија, можно е дека постојано решение на прашањето за Трансилванија би можело да биде полесно ако Романија и Унгарија бидат членови на иста федерација“. Дури сметале дека „идејата за ’Балканот на балканските народи‘ нема непосредна емоционално значење за Романците“ и поради тоа да се остави отворено прашањето за тоа на која федерација би пристапила Романија. Затоа, во поглед на британската пропаганда кон Романија, експертите сугерирале таа да се одвива во правец на потенцирање дека „Чехословачка, Југославија, Полска и Грција – имаат планови за идна политичка, воена и економска соработка и обнова. Романија нема удел во овој план и е целосно изолирана. Тоа е резултат од политиката на Антоанеску[213]“ дека „постојат тесни врски меѓу полско-чехословачката унија и југословенско-грчката унија“ и дека „нашите поранешни сојузници и партнери ги поставуваат основите на голема група на народи која се простира од Балтикот до Егејот, која се стреми да формира постојан мир и безбедност во рамките на таа област. Дали Романија ќе остане надвор од оваа група?“, но и дека „сè додека Романија е управувана од страна на режимот на Антоанеску спонзориран од Германија, невозможно е таа да стане држава членка“.[214]

---

[213] Романски државник, маршал и премиер на Романи-ја во текот на Втората светска војна.

[214] Велика Британија и Македонија. Грчко-Југословенска федерација (1941 – 1942), Документи..., 159 – 160.

Излегувањето со посебна британска изјава во однос на одобрувањето на федерации во Централна и Источна Европа, британските експерти го сметале за пожелно. Во изјавата,според нив,би требало да се потенцира дека:

„(а) неговата цел е градење на постојан мир и безбедност во овој дел од Европа;

(б) неговата цел е елеминирање на сите причини на раздори меѓу народите од овој регион;

(в) неговата цел е поттикнување на слободни и демократски режими во споменатите држави;

(г) неговата цел е да го подигне стандардот на живеење и обезбедување социјален прогрес и сигурност, особено меѓу селаните во оваа област“.[215]

Несомнено дека договорите за федерации иницирани од Велика Британија, од своја страна предизвикале интерес кај економскиот советник при Високиот комесаријат за Австралија, Мекдугал, кој потенцирал дека австралискиата влада „придавала големо значење да не се потпишуваат договори што може да дојдат во судир со кои било планови за повоена реконструкција која може евентуално да се договори меѓу Владата на САД, нас и доминионите“. Особено се плашел дека царинската унија во Источна Европа со повластени даноци ќе ги намали американските идеи за дискриминација, а исто така, сметал дека „тешко вооружена полско-чехословачката конфедерација нема да биде по мерка на англоамериканските планови за да се контролира Европа“.[216] Експертите му објасниле дека Британија ги поддржувала сите оние планови што оделе кон „поблиско здружување меѓу државите од Источна и

[215] Исто, 160.
[216] Исто, 162.

Југоисточна Европа кои ќе формираат многу поефикасна бариера против идната германска агресија“ и дека ниту еден од тие договори не ги загрозувал американските интереси.[217]

Стравот на Мекдугал произлегувала пред сè од можноста со давање на благослов на такви рагионални договори пред какви било заеднички планови за обнова на Европа по војната „може да се покаже дека сме се обврзале на нешто што подоцна би можело да бара промени“ и дека тие немале ништо против таквите договори, но дека морало да има „целосна соработка и заеднички став и цел со САД по војната“;[218]дека било потребно да „не им го дадеме благословот сè додека не сме сигурни дека тие во ниеден случај нема да бидат надвор од линијата која е во рамката за

---

[217] Британските експерти во однос на царинските унии и даноците сметале дека тоа треба да биде „во согласност со нашата традиционална политика да не се прават какви било пречки на основа на m. f. n.“. Не можеле да го знаат ставот на САД, но за нив ќе претставувало изненадување доколку тие би се спротивставиле бидејќи и самите, според Британците, „претставуваат најголем пример во историјата за царинска унија“.Сметале дека олеснувањата требало да бидат „оправдани и пожелни“, бидејќи дотогаш САД немале дадено каков било „приговор за предлогот за тарифни олеснувања меѓу јужноамериканските држави, иако имаат изразено мислење дека олеснувањата на Отава би требало веднаш да се укинат“. Но биле сосема во право кога констатирале дека „нивниот фанатизам е најголем таму каде што нивните сопствени интереси се погодени“. А сметале дека „која било успешна федерација мора да ги интегрира принципите на меѓудржавните параметри на неограничен степен“. Исто, 171 - 172.

[218] Исто таму.

нова Европа, нешто што може да произлезе по целосното консултирање меѓу САД и Британскиот комонвелт“.[219]

Исто така, потпишувањето на договорите, било предмет на дискусија и во Парламентот. На 4 февруари 1942 година, пратеникот д-р Томас Расел му поставил прашање на министерот за надворешни работи, Антони Идн, дали има каква било информација во однос на склучениот договор „меѓу владите на Грција и Југославија и договорот склучен меѓу владите на Полска и Чехословачка кои, меѓу другите работи, вклучува и заедничка економска политика и предлог за царинска унија“.[220] Во одговорот, Идн го изразил задоволството од потпишувањето на Грчко-југословенскиот договор кој, според него, „ги цементира пријателските односи што веќе постојат меѓу двете сојузнички влади и кој ќе биде основа за идната балканска конфедерација“, а исто така го поздравил и склучувањето на Полско-чехословачкиот договор, кој ќе претставувал важна фаза во развојот на блиски односи меѓу двата сојузника.[221] Второто прашање на д-р Томас се однесувало на можноста економските блокови да „бидат пречка за повоената трговија и можеби ќе го посеат семето на идните европски проблеми“. Во одговорот, Идн сметал дека било многу тешко во таа фаза од војната да се даде ’идеален совет‘, но потенцирал дека „Грчко-југословенскиот договор е во голема мера чекор во вистинскиот правец“.[222] На прашањето на Ноел Бејкер, дали Грчко-југословенскиот договор е отворен за другите балкански држави „штом тие ќе имаат демократски и мирољубиви влади...дека ова треба да биде една организација во

[219] Исто.
[220] Исто, 167 – 168.
[221] Исто, 168.
[222] Исто.

поширока рамка за одбивање на агресијата и одржување на мирот", Идн одговорил дека не може да шпекулира во однос на одговорот на другите балкански влади, но бил сигурен дека „Грчко-југословенскиот договор сигурно ќе претставува основа за балканска конфедерација".[223]

На 10 февруари 1942 година, Идн бил посетен од грчкиот премиер Цудерос кој го информирал дека за време на ручекот што бил организиран од страна на полскиот генерал Сикорски, а на кој присуствувале Спаак, Ретингер и Гавриловиќ, генералот, според Цудерос „зборувал малку неумерено за Русите и повикал на потребата за формирање на блок во кој ќе влезат народите на Балканот и Централна Европа како противтежа на СССР".[224] Цудерос истакнал дека би поддржал „безбедносен пакт на петнаесет години меѓу сите нации на Европа, но би бил против какви било договори очигледно насочени кон Русија.[225] Но она што Цудерос сакал да го пренесе на Идн била информацијата што била пренесена во неколку британски весници дека „полската влада одржала состанок со некои сојузнички влади во однос на безбедноста на малите нации во Европа и дека ќе се одржи и друг состанок". Сметал дека „полската влада можеби влегува во некоја неурамнотежена состојба во однос на Русите" и затоа му сугерирал на Идн, како министер за надворешни работи, да свика состанок „одвреме-навреме на претставниците на сојузничките влади во Лондон", за да не се добие впечаток дека постои опозиција во однос на политиката на британската влада.

[223] Исто.
[224] Исто, 174 – 175.
[225] Исто, 175.

На 14 февруари 1942 година, Џорџ Рендел, британски амбасадор при југословенската влада во егзил, го примил Нинчиќ кој се осврнал на разговорот и идеите на генерал Сикорски во однос на иднината на Југоисточна Европа. Она што посебно го загрижувало Нинчиќ бил ставот на Сикорски дека по војната сѐ ќе зависи од тоа како ќе се однесува СССР. Нинчиќ сметал дека „Владата на Советскиот Сојуз е крајно чувствителна и недоверлива“ и дека самата помисла дека нејзините интереси не се земени предвид или дека се планира некоја комбинација без нејзино знаење, можело да предизвика од нивна страна „многу остра реакција“.[226] Тој посебно покажувал загриженост во однос на можноста по војната „Русите...уште еднаш да се договорат со Германците и со нив да формираат нешто за поделба на Полска и веројатно и другите држави со кои се граничи“.[227] Сметал дека би било многу погрешно доколку не се земе во можност таквиот развој на настаните иако тој сметал дека „ако Советскиот Сојуз соодветно се однесува и ако Полјаците се спремни да прифатат навистина разумна политика и да воспостават трајни односи со Русите, дури и по цена на големи жртви, ризикот може сѐ уште да се избегне“.[228]

На 31 март 1942 година, амбасадорот на Велика Британија при Владата на Кралството Југославија во емигра-

---

[226] Исто, 187.

[227] Исто, 188.

[228] Но, на 3 октомври 1942 година, југословенската и грчката влада потпишале документ со кој во практика се обврзале дека нема да „склучат каков било договор со Романија или со Полска сѐ додека нивните граници со Русија не бидат фиксирани“. Британците сметале дека тој договор требало да се чува во тајност. Исто, 229.

ција, испраќа телеграма до Антони Идн, министер за надворешни работи на Велика Британија, во која се осврнува на разговорот со д-р Крек, словенечкиот вицепремиер во југословенската влада, кој се осврнал на „излитената... тема за развојот на комунизмот во Југоисточна Европа“.[229] Во моментот кога Рендел се обраќа за „излитената тема за развојот на комунизмот...“ партизанското движење во Југославија сè уште не беше ја добило гласноста како движење кое веќе почнува да има водечка улога во Југославија. Во тој контекст, д-р Крек ќе настојува да прикаже дека комунизмот имал своја јака позиција во Хрватска и Словенија, каде што, според него, „Германците и Италијанците им даваат мошне голем дел од пленот“ на партизаните со цел да „преземат 'репресалии' против невиното, но антиоскино расположено население“, а додека во Србија и Бугарија, генералот Недиќ и царот Борис III можеле да го „држат комунизмот под несигурна контрола“. Но, сметал дека контролата на комунизмот била многу несигурна и дека кога таа контрола ќе биде напуштена „комунизмот ќе биде многу поактивен и насилен во Србија и Бугарија отколку во Хрватска и Словенија“, само поради фактот што „тој долго време беше насилно потиснуван“.[230]

Д-р Крек бил во право кога сметал дека „целата иднина на војната може да зависи од способноста на Русите да ја издржат претстојната германска офанзива“ што за него можело да произведе „многу опасна ситуација...од гледна точка на внатрешниот ред во Европа“. Имено, според него, во случај советската армија да напредува кон „Дунав и ја окупира Романија, дури и ако не успеат, ќе продолжат

[229] Исто, 196.
[230] Исто, 196.

понатаму и исто така ќе ја окупираат Бугарија“. Таквото напредување на Црвената армија можело да претставува „огромен поттик на словенскиот дух и на јаките комунистички елементи во сите западно и јужнословенски држави од Балтикот до Јадранското Море и Егејот“ и потенцирал дека ако не се појави „друга сојузничка сила подготвена да ги замени Германците кои се повлекуваат во Југославија, апсолутно неизбежна е комунистичката револуција со многу идни крвопролевања и анархија“. Негова непозначница било дали таквиот развој на настаните „го сакаат Русите или не“. Затоа, неговиот предлог бил некоја „сојузничка сила, без разлика колку е мала“, да се „донесе во Југославија пред да избие таква револуција би се обезбедил потребниот елемент на стабилност и ризикот од револуција би исчезнал“.[231]

Како Словенец истакнал дека ако му стават на располагање „сила од само илјада луѓе од која било сојузничка националност, воз натоварен со сојузнички униформи и неколку сојузнички знамиња“, тој можел да гарантира целосен мир и ред во Словенија „во какви било околности“, но предусловот бил да се осигура дека „машката популација претходно не била целосно елеминирана со депортацијата или масакрите“. И за Слове-нија сметал дека ако „остане неокупирана по евентуалното германско повлекување, нејзината ситуација би била како онаа на маж на кој нечистиот дух му заминал, но кој бил лесен плен на седум други демони“.[232]

Амбасадорот Рендел посебно нагласил дека со ставовите на д-р Крек се сложувале и генерал Симовиќ и г.

[231] Исто, 197.
[232] Исто.

Нинчиќ, кои во меѓусебните средби му ја нагласиле „на истиот начин важноста за спремноста со некоја окупаторска сила да го потполнат вакумот кој евентуално би останал кога Германците ќе почнат да попуштаат и незјините окупаторски армии ќе се дезинтегрираат или ќе исчезнат“. Рендел сметал дека „таквите сугестии може да изгледаат предвремени или барем прекумерно хипотетички во сегашната фаза од војната“. Но, сепак морал да му посочи на Идн „дека внатрешната ситуација во јужните словенски држави окупирани од Германија се развива на малку вознемирувачки линии и дека треба многу да се каже за да се биде подготвен со некој план за акција во Југоисточна Европа за денот кога Германците ќе бидат поразени на секој дел од фронтот и ќе доведе до првото сериозно слабеење на германската контрола“.[233]

Истиот ден, британскиот амбасадор Рендел, во телеграмата до Даглас Хауард, експерт во Министерството за надворешни работи, ќе истакне дека „Крек изрази интересен став дека би било добро доколку цар Борис биде против Русија, иако само со цел да ја испрати бугарската армија надвор од земјата и да ја прати на далечен и опасен фронт. Бугарската армија во најголем дел е проруска и под силно влијание на комунизмот и поради тоа е многу несигурна во случај на комунистички бунт против тронот и Владата. За потребите на внатрешниот ред, таа веројатно ќе биде заменета со германски трупи или трупи кои ќе бидат донесени од некоја друга окупирана земја, а кои ќе му бидат од многу поголема корист на царот Борис и бугарската влада во случај на криза“. Исто така, сметал дека „има

[233] Исто, 198.

нешто во оваа идеја и дека таа може да ни ја објасни линијата која царот Борис се чини дека ја презема“.[234]

На 13 април 1942 година, Хауард се обраќа со писмо до Арнолд Тојнби, од службата за странски истражувања и прес-конференција со што може да се види колку Министерството за надворешни работи имало информации за развојот и активноста на партизанското движење во Југославија. Во писмото се истакнува дека Министерството добило информации за „комунистичките активности во Југославија и  колку што ние можеме да дознаеме тие брзо се здобиваат со сила во окупираните територии и преземаат водечка улога во саботажите и отпорот против германските и италијанските сили“. Но потенцира дека „имаме малку познавање за тоа кои или што се овие комунисти, од каде произлегуваат, какви идеи имаат, дали тие се во непосредна врска со советската влада. Разбирам дека голем дел од оваа информација веројатно не е достапна и дека многу Југословени кои пред војната немаа никаква врска со комунизмот, сега веројатно се нарекуваат самите комунисти“. Затоа тие бараат „ако може да имаме информација за состојбата и јачината на комунистите, колку што може да се констатира, и ние ќе бидеме многу благодарни ако ни доставите текст во однос на предметот“.[235]

Несомнено, во ситуација кога договорите биле потпишани, заинтересираните страни почнале да калкулираат и со територијалните претензии. Први тоа го направиле Грците, кои на 28 април 1942 година, испратиле мемоар до Министерството за надворешни работи на Велика Британија. Во мемоарот, имајќи ја предвид политичката и воената

[234] Исто, 198 – 199.
[235] Исто, 199 – 200.

ситуација во Европа, Грците ја сфаќале „веројатноста од евентуални разговори кои се водат меѓу големите сили, отсега, во однос на одредени работи што се однесуваат на повоената реорганизација“ и сметале дека доколку се водат такви разговори, директно или индиректно, таквите разговори не би можеле да се водат без учество на „Кралската влада на Хелените“.[236] Во меморандумот се потенцирало дека од развојот на војната било очигледно дека Крит „нема да биде дел од јужната граница на Грција“ и од тие причини „Кралската влада на Хелените смета дека одговара да се постават...прашања за кои тие директно се заинтересирани во однос на сегашниот конфликт против нивните непријатели“. Грците биле заинтересирани за прашања што се однесуваат кон: „Бугарија, Албанија, Доденканез, постапка кон Протоците и на Дунав и безбедноста на морските комуникации во Источниот Медитеран, Егејското Море и Јадранското“.[237] Одговорот пристигнал на 12 мај 1942 година. Во него им се давало ветување на Грците дека „Владата на Неговото Височество во Обединетото Кралство сигурно нема да влезе во какви било обврски кои се однесуваат на грчките интереси, без претходно да се консултира Владата на Хелените“.[238] Во однос на грчките територијални претензии, експертите на Министерството за надворешни работи истакнале дека ним им биле добро познати грчките интереси за „Доденканез, Јужна Албанија, Македонија и... Кипар“ и дека „нивната мрежа на интерес се протега од Дунав на север до либискиот брег на југ“.[239] Во однос на изјавата за Дунав,

[236] Исто, 201.
[237] Исто.
[238] Исто, 202.
[239] Исто, 204.

експертите сметале дека „веројатно е со цел да се укаже дека грчката влада нема да се согласи со какви било договори каде што Русија би имала контрола...“, а во однос на интересите кон либиското крајбрежје, сметале дека е со цел „реализирање на грчките воени цели“.[240]

На 1 јуни 1942 година, Министерството за надворешни работи излегло со анализа во однос на „Предложените конфедерации на државите што лежат помеѓу Германија и Италија, од една страна, и Русија и Турција, од друга страна“. Предмет на анализа била пред сè „позицијата во современиот свет на малите држави чие постоење е оправдано само со етнографска подлога, без упатување на стратегиските и економските фактори кои се основни да им овозможат да ја задржат нивната независност во современиот свет против големите сили кои се потпираат на територијална експанзија“.[241] Британските размисли оделе кон тоа малите држави да можат да се „спојат во некоја форма на федерација во која идејата за индивидуален национализам, заснована исклучиво на етнографска основа, би се заменила со идејата за колективен национализам, каде што обединувачка сила би биле заедничките економски и стратегиски интереси“ што би можело во пракса да претставува „пречка за идната германска агресија“.[242] Како поле „за еден таков експеримент“ ги сметале државите што се наоѓале помеѓу „Германија и Италија, од една страна и Русија и Турција од друга страна“.[243] Меѓутоа, формираните две федерации меѓу Југославија и Грција и Полска и Чехословачка, кои го имале британскиот благослов, „не

[240] Исто, 204 – 205.
[241] Исто, 206 – 207.
[242] Исто, 207.
[243] Исто.

претендирале да ги решат многуте прашања што ќе произлезат ако она што сега се договори меѓу двете држави истомисленички и се развие во устави прифатливи за двете конфедерации кои ги имаме предвид и кои треба да бидат составени од бројни држави што досега биле одделени со сите видови на ривалитет, предрасуди и конфликтни интереси“.[244]

Првото прашање било прашањето за формата на здружување. Според нив „класичната разлика меѓу таквите здруженија е како онаа меѓу ’нација-држава‘ и ’држава-нација‘, но и двете форми, се чини, се премногу амбициозни за идна Европа и е малку веројатно дека малите држави и народи на Европа ќе прифатат веднаш членство во нешто повеќе обврзувачко освен конфедерација“.[245] Британците биле сосема свесни дека „Полско-чехословачките и грчко-југословенските преговори...во суштина не отидоа многу далеку и веројатно ќе останат лимитирани во доменот сè додека владите на соодветните држави не се вратат на родната почва. Исто така, треба да се очекува дека понатамошниот напредок може ќе биде спречен од национална и расна љубомора“.[246] Сметале дека која било форма на конфедерација не би била задоволувачка доколку „конститутивните единици“ не ги напуштат „побрзо старите концепции за национална сувереност и да се согласат да формираат систем на колективна сувереност“, а тоа во себе влучувало „(а) заеднички систем на одбрана; (б) царинска унија и заедничка валута; (в) заедничка надворешна политика“.[247] Биле сосема свесни дека „би било глупаво да

[244] Исто, 208.
[245] Исто.
[246] Исто, 208.
[247] Исто, 209.

се верува дека најиндивидуалистичките држави кои ќе ја формираат балканската конфедерација, доброволно ќе се согласат на какво било отстапување од нивната национална сувереност“.[248]

Се поставувало и прашањето дали „предложената конфедерација ќе биде способна да се спротивстави и на Германија и на Русија или само на Германија“. Според нивните анализи, немало „комбинација што може да се спротивстави на двете големи сили во кое било време и тоа е во рамките на практичната политика“.[249] Исто така, ја исклучувале и можноста од „концептот на панславизмот од која било југоисточна европска конфедерација, дека конфедерацијата може да понуди отпор кон влијанието на Русија“. Дотогашниот став на советската влада во однос на целата идеја за конфедерација во Централна Европа била сомнителна. Советите сметале дека „таквите конфедерации ќе бидат насочени директно против легитимните интереси на Русија“.[250] Затоа, Британците сметале дека било потребно да се разуверат Советите и да се добие барем нивна согласност во однос на овие чекори кон формирање на федерации. Но, Британците биле сигурни дека од војната Русија ќе излезе како победник и дека „државите од Југоисточна Европа...ќе треба да се потпрат на добрата волја на Русија, и дека ако бидат формирани трајни политички и економски единици, умерениот ризик од руската експанзија западно ќе треба да се земе предвид“.[251] Според Британците, требало да се „визуализираат две групи држави, централноевропска конфедерација и југоисточна европс-

---

[248] Исто.
[249] Исто.
[250] Исто, 210.
[251] Исто.

ка конфедерација“.[252] Југоисточната европска конфедерација требало да биде формирана од „Полска (од кој било дел од балтичките држави што нема да бидат апсорбирани од Русија и со или без Источна Прусија), Чехословачка, Унгарија и веројатно Австрија“.[253] Сметале дека во југоисточната европска федерација ќе влезат сите балкански народи. „Основната идеја на договорот за балканска унија потпишан од грчката и југословенската влада е дека треба се вклучат Романија и Бугарија, и без сомневање, Албанија“. Сметале дека тоа не би требало да претставува „тешкотија иако одредени специфични прашања ќе треба да се решат“. Таквиот вид на федерација можело да биде „најдобро решение за Србите, Хрватите и Словенците, секоја од нив да формира одделна единица во конфедерацијата“.[254] Тоа, според нив, било можното решение бидејќи „експериментот да се обединат во едно кралство три народи, придружени со расни и лингвистички сличности, но поделени со различни интереси и погледи, се покажа како очигледен неуспех“.[255]

Во однос на Романија, сметале дека ќе биде „неопходно да се реши статусот на Бесарабија и Северна Буковина, кои советската влада веројатно сака да ги реокупира“, а исто така дека „Советскиот Сојуз може...да побара за своја безбедност да окупира и одредени стратегиски бази на романскиот и веројатно на бугарскиот брег, и можни се, исто така, од истите причини посебни договорни односи со Романија“.[256]

---

[252] Исто.
[253] Исто.
[254] Исто, 211.
[255] Исто.
[256] Исто.

Во однос на Бугарија, сметале дека „некои територијални промени во корист на Грција и Југославија може ќе бидат неопходни и како во случајот со Унгарија може ќе биде неопходно да се употреби сила за да се принуди Бугарија да влезе во конфедерацијата и да се спречи да ја напушти“.[257]

Во однос на Албанија, „се чини дека единствениот начин да го зачува својот национален идентитет по војната ќе биде како конститутивна членка на балканскатаконфедерација. Експериментот за една независна Албанија не е охрабрувачки, и наместо тоа да се повторува, Југославија и Грција може да се расправаат дека нивната безбедност бара поделба на таа држава меѓу нив“.[258]

„Четвртото прашање е тоа за границите. Во однос на границите меѓу државите кои припаѓаат на иста конфедерација, може да се тврди дека во такви случаи етнографските и економските услови, теоретски, ќе го изгубат своето значење. Меѓутоа, во практиката, малку е веројатно дека тие би го направиле тоа во случаите каде што во минатото границата била извор за жесток и долготраен спор. Ова се однесува особено на границата меѓу Полска и Чехословачка (т.е. Тешен), унгарско-словачката граница, територијалните претензии на Грција и Југославија за поделба на Албанија и границите на Бугарија со Грција и Југославија. Во однос на границите меѓу двете конфедерации, проблемот на границата меѓу Унгарија и Романија го поставува тешкото прашање за Трансилванија“.[259]

---

[257] Исто.

[258] Исто, 212.

[259] Исто, 213.

„Петтото прашање што се поставува е од голема важност е позицијата на Трансилванија. Доделувањето на цела или на поголем дел од Трансилванија, било на Романија било на Унгарија, ќе предизвика постојана причина за немири и судири меѓу двете држави. Меѓутоа, советската влада веројатно сака да ги прошири западните граници на Романија на сметка на Унгарија, делумно со цел да ја казни Унгарија за нејзиното учество во војната и делумно со цел да ја смири Романија за губењето на Бесарабија во корист на Русија и формирањето во Романија на руски воени и поморски бази. Поради тоа, може да се покаже невозможно за нас да се спротивставиме на трансферот на големиот дел од Трансилванија на Романија. Во ваков случај, со цел да се смират реакциите на Унгарците и имајќи го предвид фактот дека Трансилванија е поврзана повеќе економски со Горнодунавскиот Басен отколку со Балканскиот, можеби е пожелно да се уреди за Трансилванија, иако политички е составен дел на балканската конфедерација, да биде во исто време поврзана со централноевропската конфедерација од економски причини. Ако од друга страна, се обезбеди договор со Советите, треба да се разгледа дали проблемот на Трансилванија не би можел најдобро да се реши со формирање на независна држава Трансилванија кантонизирана по швајцарски пример, да им се даде локална автономија на многуте раси на таа територијата. Сигурно дека ова ќе повлече други прашања - дали оваа нова држава ќе служи како тампон држава помеѓу двете конфедерации, или дали таа ќе се придружи кон едната или другата?“.[260]

---

[260] Исто.

„Шестото прашање, да претпоставиме дека двете конфедерации ќе се реализираат, е односот меѓу нив. Меѓутоа, ако е можно да се организира некоја асоцијација меѓу двете конфедерации, тоа би помогнало да се решат еден или два проблема што произлегуваат од балканската конфедерација. На пример, Романија и Хрватска и двете се поврзани економски со Горнодунавскииот Басен, Словенија е поврзана повеќе со Североисточна Италија отколку со Балканот. Но политички и од гледна точка на стратегиската одбрана, овие територии, природно, ќе го најдат своето место како единици во конфедерацијата на балканските народи. Во случај да постои блиско здружување помеѓу двете конфедерации, би можело овие единици војнички и политички да формираат дел од балканската конфедерација, но би биле поврзани од економски причини со централно-европската конфедерација. Сепак, првиот чекор е да се осигура дека предложените полско-чешки и југословенско-грчки односи прават вистински напредок. Само тогаш би било изводливо да се дискутира за проширување на областите на конфедерацијата и проблемите кои ќе произлезат од меѓусебниот однос на двете единици“.[261]

„Седмото прашање се однесува на односите на Турција кон балканската конфедерација. Добрата волја, и ако е можно, соработка, на Турција би требало да ѝ бидат осигурани со формирање на балканска конфедерација. Иако не би било можно за Турција да стане полноправен член на конфедерацијата, таа може, во поглед на својата европска територија, да биде тесно поврзана со неа со специјални договори“.[262]

---

[261] Исто, 214.
[262] Исто.

„Југословенската влада која е поттикнувач на Грчко-југословенскиот договор за балканска унија, без сомнение, смета дека договорот е насочен колку против Советите толку и против германскиот империјализам.

2. Советските два ’неутрални‘ сојузника на Балканот се Бугарија и Србија и кој било план за советска хегемонија во таа област ќе биде на основа на унија или блиско здружување помеѓу двете. Со Германија, поразената Бугарија каде што народното мислење е убедливо проруско, ќе обезбеди авангарда за советска пенетрација на Балканот и Русите лесно ќе најдат поддржувачи во Македонија и во Србија за формирање на компактен блог кој ќе се протега на Балканот од исток до запад и ќе ја изолира Грција од остатокот на балканските држави. Тоа е таа опасност која Југословените настојуваат да ја избегнат (а) да ѝ најдат место на Бугарија во рамките на балканската конфедерација и (б) со испраќање на сојузничка вооружена сила на Балканот да се спречат Русите.

3. Формирањето на бугарско-српска унија под советска заштита ќе ја направат невозможна која било корисна и ефективна балканска конфедерација. Од една страна, Грците ќе бидат ставени под советска доминација и ќе бидат бессилни да издржат сами против таква голема држава која ќе се простира по целата северна граница. Од друга страна, на бариерата, Романците ќе ја изгубат дури и сенката на независноста бидејќи нивната земја ќе биде природен мост помеѓу Советскиот Сојуз и нејзиниот бугарско-српски сателит; и Хрватска и Словенија, и двете католички држави, ќе се фрлат во прегратките на своите северни соседи, во крајна линија кон Германија, отколку да го поднесуваат советското господство.

4. Затоа ’панславизмот‘ е закана за балканските држави, на нивното обединување, на нивната независност и за нивното понатамошно егзистирање“.[263]

Во овој контекст, на 17 октомври 1942 година, Даглас Хауард од Министерството за надворешни работи му праќа писмо на Џорџ Рендел во кое се осврнува на Грчко -југословенскиот договор нарекувајќи го „охрабрувачки чекор кон реализација на предложената грчко-југословенска федерација“ и сметал дека за таквиот чекор требало да им се честита и на грчката и на југословенската влада. Сметал дека во тековната меѓународна состојба, Грците и Југословените би одбиле да „направат какви било договори со Романија или Полска сè додека нивните граници со Русија не бидат фиксирани“ и нагласува дека „овој договор ќе треба да се чува во тајност и се надевам дека ова ќе осигура дека Полјаците нема да разберат за него “.[264]

На 10 ноември 1942 година, британскиот амбасадор во Анкара, сер Начбул Хагесен, во телеграмата до сер Орме Сарџент го известува дека во разговор со Сарачоглу тој му зборувал дека го посетиле некои балкански политичари кои барале од Турција да учествува во „некаков вид дефанзивна комбинација на балканските држави по војната“.[265] На 7 ноември, Хагесен имал вечера со Сарачоглу при што тој му кажал дека средбите со балканските политичари „добиле на интензитет...особено од Унгарија и исто така од Романија“. Она што посебно му оставило впечаток било дека „Балканот има тенденција сè повеќе и повеќе да гледа кон Турција како кон консолидирачки фактор во неговото повоено

---

[263] Исто, 215 – 216.
[264] Исто, 229 – 230..
[265] Исто, 231.

уредување“. Единствени што не разговарале со него биле Бугарите.[266] На 9 ноември 1942 година, Хагесен го поставил прашањето за Турција пред Нуман. Нуман се осврнал на важната улога што Турција можела да ја игра „со нас во Југоисточна Европа по војната“ и дека „би можела да биде голем фактор во нашата политика“.[267] Од своја страна, Нуман сметал дека доколку таа идеја „се прошири во поширока комбинација во која би биле вклучени повеќе јужнословенски држави, тоа би претставувало примена на јужнословенската политика за која се залагаше Петар Велики[268]. Но и самиот сметал „дека толку голем јужнословенскиот блок во Југоисточна Европа не би бил во согласност со нашите вистински интереси и дека ние би требало да преферираме да работиме на линијата за создавање на балканска федерација која би била предводена од Турција и која во својот состав би ја имала Грција како противтежа на словенскиот елемент“.[269] Од разговорите со Сараџоглу и Нуман, Хагесен можел да заклучи дека и обајцата настојувале да му покажат „колку екстремно важна би можела да биде Турција за нас како соработник за балканските прашања по војната“. Сепак, и самиот бил свесен дека не можело тие самите да одлучуваат за улогата

[266] Исто, 232.

[267] Исто.

[268] Петар Велики (1672−1725), руски император кој во периодот на своето владеење раководел со процес на реформи што довеле до модернизација на Руската Империја. Во неговата политика на експанзионизам постоел и сегмент што ги опфаќал словенските народи на Балканот, односно нивно ослободување од Отоманската Империја со помош на Русија.

[269] Велика Британија и Македонија. Грчко-Југословенска федерација (1941 – 1942), Документи..., 233..

на Турција, а да не се „допре прашањето за можностите за руска доминација во овој дел од светот“. Но и покрај тоа сметал дека имајќи го предвид ставот на некои балкански држави кои „веќе ја гледаат Турција како некој вид лидер и со Турција како наш сојузник“ сметал дека треба да се искористи соработката со Турција и со тоа да можат да добијат „стожерна позиција во овој дел од светот“ и се надевал дека таквата политика нема да ја донесе Велика Британија во директен „конфликт со Русија.[270] Но и самиот бил свесен дека и покрај фактот што Турција била британски созјузник, исто како и СССР и дека требало да „направиме капитал од ова“, бил свесен дека се работи за деликатно прашање.[271] Хагесен во разговорот со Сараџоглу и Нуман им наговестил дека и Британците имаат свои планови за „идното организирање на Балканот“.[272]

И на 5 декември 1942 година, прашањето за улогата на Турција на Балканот било дискутирано со сер Х. Начбул Хагесен на состанокот одржан во канцеларијата на Сер О. Сарџент на која присуствувал и Клутон. Во таа пригода, Хагенсен истакнал дека повеќепати разговарал со турскиот министер за надворешни работи, Сараџоглу, за британските планови за федерација. Турција, од своја страна, покажувала интерес во однос на британските планови за федерација, но сметале дека тие прашања требало да се решаваат по војната, додека Британците се залагале „таа да биде заинтересирана сега“ додека траела војната. Од своја страна, грчкиот премиер[273] ја искажал заинтересираноста на

[270] Исто.

[271] Исто.

[272] Исто, 234.

[273] Емануил Цудерос (1882−1956), грчки политичар, премиер на грчката влада во егзил.

Грција за „сегашна соработка“ со Турција за идното уредување на Балканот. Но според грчките размислувања, Турција не би требало да „претставува интегрален дел од балканската федерација“, поради фактот што „Турција била азиска, како и европска сила“. Од тие причини балканските држави не посакувале, а ниту имале моќ, „да ги гарантираат турските источни граници“. Понатаму во разговорот било истакнато дека доколку Турција е заинтересирана за иднината на Балканот, тоа би било чекор напред „во насока да ја поттикнеме да соработува со нас многу поотворено и поблиску отколку што дозволуваше нејзиниот досегашен став за строга неутралност“. Поддржувањето на идеите за идното уредување на Балканот, било истакнато во разговорот, „секако, не би ја поттикнале да земе учество во војната на наша страна, но би креирале атмосфера каде што другите фактори би имале подобри шанси за развој“. Од британска страна, сер Хагесен бил овластен да ги продолжи разговорите со турската влада во врска со идната улога на „Турција во иднината на Балканот“.

Еден од експертите на Министерството за надворешни работи сметал дека британската влада, од своја страна, посветувала големо внимание на проблемот за „најдобрата организација на Балканот по војната“. Она што таа сакала посебно да го постигне на Балканот, било зацврстување на три сегменти „заедничка одбрана, заеднички економски систем и заедничка надворешна политика“. Но едно прашање висело во воздух, а тоа било прашањето „до кој степен овие три посакувања ќе побаруваат некаков федеративен систем и до кој степен ќе биде неопходно да се создаде некаква форма на централизирана или колективна организација, во која секој од ентитетите би застапувал дел од неговата најсилна моќ, со цел да се реализираат овие

намери". Сметал дека таквата комбинација би морала да биде составена од сите балкански народи и во неа би морале да бидат вклучени и Бугарите и Романците и дека „секој ентитет (пр. Србите, Хрватите, Словенците итн.) би можел да оформи одделна единица во колективниот систем". Но потенцирал дека би било неопходно да се одредат надворешните граници во кои би била формирана конфедерацијата, а додека проблемот на „внатрешните граници меѓу различните субјекти, исто така, ќе бара решавање". Во сите овие комбинации, експертот сметал дека Турција би претставувала „есенцијален фактор" и дека би требало да се истражи „обемот со кој Турција би асоцирала или би била вклучена во конфедерацијата".[274]

Но во 1943 година, веќе било сосема јасно дека сите оние комбинаторики што ги правеле Британците со владите во егзил за федерации, конфедерации и унии по војната, а кои ќе бидат под нејзин протекторат, нема да се реализираат. Причината за тоа лежела пред сè во развојот на настаните на Балканот и доминацијата на СССР на фронтовите во борбите против нацифашизмот. Британците и во претходните разговори сметале дека во балканската федерација треба да влезат „рамо до рамо со Југославија, Грција и по можност Романија". Но, Британците не биле спремни да прават каков било алтернативен план кој можел да ги исфрли од игра. Орме Сарџент ја имал предвид идејата за формирање на бугарско-југословенската унија која можела да „биде или не авангарда за руска пенетрација на Балканот", што според нив „би го направило невозможно формирањето на задоволувачка и употреблива балканска

[274] Велика Британија и Македонија. Грчко-Југословенска федерација (1941 – 1942), Документи..., 238.

унија“.[275] Нивните причини да бидат против таква федерација бил фактот што истата „самата по себе ќе биде толку голема и моќна единица што неизбежно ќе ја засени целата конфедерација“ и во такви околности не гледале причини „Грција да се согласи да ѝ се придружи на унијата, толку доминирана“ и „уште повеќе, политиката на една обединета Југославија и Бугарија неизбежно ќе биде насочена против Грција. Таквата моќна комбинација, сигурно, ќе смета дека има право на излез на Егејот – фактички ова барање би било главниот фактор што ги одржува двете држави заедно“.[276]

Исто така, во своите анализи сметале дека таквата федерација би им одела во корист на српските елементи и дека тоа би ги зајакнало „православните елементи наспроти католичките“ во Југославија против Хрватите и Словенците и многу веројатно би ги охрабрило последните да ги прекинат врските и да се поврзат самите со Британци, за нивното учество на страната на Оската и поради тоа сметале дека треба да реагираат за Грците да не одат во крајност со цел да не ја спречат Бугарија да биде дел од конфедерацијата. Тоа го поткрепувало со фактот дека ако Бугарија остане изолирана од нејзините соседи „ќе биде отворена покана за Русите“.[277] Кон анализата свој коментар дал и Џорџ Рендел кој во својата анализа потенцирал дека не го дели ставот на Сарџент дека „јужнословенска федеративна држава навистина би го зајакнала српскиот елемент“. Но сметал дека „ќе ги зајакне православните елементи наспроти католичките: но расно и културно, Бугарите се толку различни од Србите што не мислам дека постои каква

[275] Исто, 239.
[276] Исто 239 – 240.
[277] Исто.

било опасност од нивното ефикасно комбинирање против каква било друга единица во групата. Од друга страна, ако Бугарија ѝ се придружи на јужнословенската држава, една од најверојатните последици – ако не фактички прелиминарна состојба – ќе биде да ѝ се даде некој вид автономија на Македонија. Лично, секогаш сум чувствувал дека соодветно решение за македонскиот проблем е Македонија да биде одделна единица во поширока унија врз основа на еднаквост со Србите и Бугарите. Ако ова се реализира, мислам дека резултатот дури би бил да се направи Србија помалку отколку повеќе влијателен партнер во комбинациите“.[278]

[278] Исто, 242.

# БРИТАНСКИТЕ ПЛАНОВИ
# ЗА ПОДУНАВСКА ФЕДЕРАЦИЈА

Почетокот на Втората светска војна, имено,германскиот напад на Полска во септември 1939 година, беше важен чекор кон создавање нанов европски поредок, т.е. *PaxGermanica* врз основа, пред сè, на политичко и економско покорување на Централна и Источна Европа. Настаните што следувале, јасно покажале дека целосната и монополитичка контрола на Централна и Источна Европа ја загрозува безбедноста на светот. Во таква констелација на сили, а имајќи предвид дека независноста и стабилноста на Централна и Источна Европа е од витално значење, пред сèВелика Британија, како и Соединетите Американски Држа-ви посветија вниманиево реорганизацијата на Централна и Источна Европа со цел да ја зголемат соработката на земјите во регионот.

Во контекст на овие активности, британската влада формирала дури и служба за истражување со цел да даде научно аргументирани анализи во однос на развојот ииднината на земјите од Централна и Источна Европа. Во службата влегле специјалисти и професори, а истата била раководена од историчарот АрнолдТојнби.

При анализата на етничките, економските и политичките услови на Подунавскиот Басен, експертите едногласно истакнале дека создавањето на национални држави не ги исполнило очекувањата. Според нивните анализи, неуспехот на Версајскиот мировен договор се должел пред сè на:

„1. Надворешни фактори во кои спаѓале недостигот на политичка и економска соработка меѓу малите држави, пред сè поради нивниот иредентизам, малцинските проблеми, тарифните бариери и притисокот од светската економска криза (1929 − 1932), недостиг на интерес од страна на западните сили, пред сèбританските и

американските изолационистички тенденции, како и политиката на празни ветувања од страна на Франција и германската и италијанската поддршка на унгарскиот и бугарскиот ревизионизам.

2. Внатрешни фактори во кои спаѓале: проблемот на селаните, кој се однесувал на недостигот од радикални реформи во земјоделството во Унгарија и Полска; индустрискиот проблем на трудот – незадоволна и политички необразована маса работници која била оставена на милост и немилост на радикалната демагогија; проблемот на буржоазијата − полуобразована, непотистичка, неодговорна и општествено нечувствителна владејачка класа; лажниот образовен систем – распространетоста на необјективен и шовинистички дух; лажниот политички систем – псевдодемократски системи, нечесни функционери и бирократија; еврејското прашање − постојано експлоатирано од страна на владите; разликата на културно ниво во рамките на државите и воената неподготвеност“.[279]

Од 1939година,со цел дасе избегне повторување нагоренаведените внатрешни и надворешни проблемиво регионот, до Министерството за надворешни работи на Британија биле доставени неколку предлози во врска со реконструкцијата на Централна и Источна Европа.

Во тој контекст интересни се анализите на Лео Гестетнер кој дал свој осврт на причнините и последиците за германската експанзија во Подунавието и британскиот

---

[279] Велика Британија и идеите за Подунавска федерација, конфедерација и унија (Документи), Превод и редакција: д-р Тодор Чепреганов, д-р Теон Џинго, д-р Ирена Авировиќ, д-р Соња Николова, Скопје, 2016, 7. (Понатаму: Велика Британија и идеите...)

одговор на таа експанзија. Едновремено се осврнува и на можните солуции во вид на федерации, конфедерации и унии меѓу подунавските држави. Гестетнер бил добар познавач насостојбите во Југоисточна Европа и неговите анализи го привлекле вниманието на британските експерти во Министерството за надворешни работи. Во својата статија тој ја разгледува рефлексијата од мировните договори што беа потпишани по завршувањето на Првата светска војна. Според него,Договорот во Версај имал далекусежни последици за земјите во Подунавието бидејќи бил „оставен на ривалските влијанија на големите континентални сили, Басенот неколку години беше делумно француска и делумно италијанска сфера на влијание. На Малата антанта,[280] формирана под покровителство на Франција и формирана од сојузите на Чехословачка, Романија и Југославијаѝ се спротивстави ревизионистичка Унгарија помогната од Италија. Австрија, чија независност толку умешно ја воспоставија победниците, подоцна, исто така, бараше заштита од Италија“. Но, ваквата воспоставена состојба со која се настојувало да се изолира Германија,била нарушена кога во 1936 година Германија, која успеала да ја обнови својата моќ, сосема неочекувано навлегува во Рајнската област ја зазема и утврдува со што „ја затвори Франција од Малата антанта“. Ваквиот развој на настаните во голема мера го намалил француското влијание „источно од Рајна“ што од своја страна ги оневозможило Французите од каква било „ефективна воена акција“. Од друга страна, Италија, која во тој момент била зафатена со „градењето на Империјата“, не била во можност да ја „држи

[280] Воен сојуз меѓу Југославија, Чехословачка и Романија кој постоел од 1920 до 1938 година.

Австрија против Рајхот и мораше да ја напушти“.[281] Тој потег, аншлусот на Австрија од страна на Германија, според Гестетнер, преставувал удар на она што требало да биде „прва централноевропска линија на антинацистичката одбрана базирана на соработката помеѓу Виена, Прага и Варшава“.[282] Од своја страна, Велика Британија по овие военополитички активности се обидела „по австриската анексија и заземањето на Чехословачка“[283], да ѝ даде некакви гаранции на Романија, односно да се обиде да изгради „втора линија на одбрана за да ја држи Германија надвор од Балканот“.[284] Но, како што е познато, ниту ова дадено ветување на Романија, а ниту даденото ветување на Полска, можеле да го спречат германското напредување, а ниту да ја спречат војната. По своите политички убедувања, според Гестетнер, најголемиот дел од населението на Подунавието „никогаш не беше прогерманско“. Државите во Подунавскиот Басен биле заземени од страна на Германија „скоро без борба“. Во таква ситуација „Австрија, на долги стази не можеше да ја одбрани својата традиција и цивилизација; Чесите ги предадоа Судетските области и потоа ја изгубија својата независност и демократските институции; Словаците беа употребени како продолжена рака против Чешка; порано слободољубивата Унгарија стана подмитена и потчинета држава; осакатената Романија работеше за нејзиниот осакатувач; дури и Југословените, таа боречка раса, си дозволија себеси да бидат опколени

[281] Велика Британија и идеите...), 9.

[282] Исто таму, 10.

[283] Британската и француската влада на 30 септември 1938 година го склучија Минхенскиот договор со кој на нацистичка Германија ѝ го признаа правото на Судетската област.

[284] Велика Британија и идеите..., 10.

пред да се кренат на оружје". Ваквата состојба Гестетнер ја објаснува со „чудната психологија создадена во периодот помеѓу двете светски војни" и фактот дека „повоената состојба на народите по течението на реката Дунав не им донесе ниту мир ниту леб".[285]

Мировните договори од 1919 година, несомнено дека се обидоа да формираат „принципи на национална независност во Подунавскиот Басен". Дотогашната хабсбуршката династија, која била поддржувач на „супра националниот концепт", престана да постои „заедно со конзервативните елементи низ Империјата". Со договорите од Версај се сметаше дека во политичкото миљево земјите наследнички доминираат либералите. Единствено Австрија можела, како што смета Гестетнер, да се изземе бидејќи, според него, таму „работниците и селаните беа во расчекор". Подунавскиот либерализам се поврзувал со национализмот, но најголем дел од припадниците на либералната идеја биле „либерали само по теорија".[286] Најголем дел од нив припаѓале на „т.н. интелигенција", но никаде не претставувале критична маса. Имајќи го предвид фактот дека најголем дел од нив израснале како резултат на „непријателство со централистичките тенденции на Хабсбуршката Империја", нивниот национализам, според Гестетнер, бил крајно екстремен и од таа позиција можеле да се договорат со наследничките држави од Хабсбуршката Монархија да добијат „неограничен политички суверенитет да ги реализираат своите непоколебливи амбиции". Нивната основна цел по доаѓањето на власт била да воспостават контакт со „секоја категорија од населението", што секако

[285] Исто таму.
[286] Исто, 11.

не била лесна работа бидејќи психолошкиот ефект од распаѓањето Хабсбуршката Монархија и промените што настанале со тоа во општествено-политичкиот живот предизвикале збунетост кај населението. Национализмот тешко се прифаќал, пред сѐ поради јаките „династички традиции, длабоко вкоренети", па поради тоа народите кои се стекнале со независност биле ненавикнати да учествуваат во државните работи".[287] Во таква ситуација, со цел да го зајакнат новиот режим, новите власти требало, како што истакнува Гештетнер, да ги воспитуваат масите да „бидат одговорни граѓани и задоени сѐ уште со нешовинистички патриотизам". Меѓутоа, за жал тоа не било направено. Напротив, лидерите на државите наследнички не можеле „да раскинат со минатото или да ги надраснат кавгите" што биле доминантни „во последната декада на Австроунгарската Монархија". Национализмот ги повел кон централизација која била отфрлена од оние делови и заедници што се бореле за самоуправување и нивната нетолеранција била постојан напад кон многуте малцинства.[288]

Несомнено дека наследничките држави, непосредно по „разделбата" од Хабсбуршката Монархија се нашле во „заедничката изолација" бидејќи „лидерите не можеа да сфатат дека заедничките интереси бараат приближување меѓу нивните влади". Според Гестетнер, „желбите и контражелбите ригидно се спротивставуваа една на друга; немаше медијатор да се залага за разбирање. Сомневајќи се една во друга тие беа слепи за остатокот од светот и сега се најдоа себеси како играчки во рацете на странските интереси...". Но, не само политичката сфера што била зафатена од изола-

[287] Исто.
[288] Исто.

ција, таа се проширила и на економската сфера. Секоја од државите од Подунавието започнала да се формира како „независна економска единица“, и дури ако за тоа не постоеле услови тие требало да „бидат создадени“! Австрија настојувала да не ѝ се повтори „таков глад како во периодот по потпишувањето на мирот“ и од тие причини „нејзините селски лидери, новопечени како политичари, тежнееја за самостојност во одгледувањето на жито и подоцна во други земјоделски производи. Во исто време, Чехословачка, свесна за своите богатства, настојуваше да се осамостои во поглед на земјоделството, сметајќи дека со тоа ќе ги осигура добивките од 1919 година, затоа што Унгарија од самиот почеток настојуваше да ги поврати своите изгубени територии; да го направи она што сметаше дека е основно за да промовира индустријализација, а исто така да биде спремна за војна за ревизија“. Од своја страна и Југославија и Романија се стремеле да ја следат политиката на индустријализација, со единствена цел да се „обезбедат себеси со воен потенцијал за одбрана на нивната зголемена територија“.[289] Но тоа не било природна карактеристика за подунавските држави. Како што потенцира Гестетнер, политичарите на наследничките држави биле сосема неискусни во водењето на економијата, а од друга страна,на економијата ѝ се давало „правец апсолутно спротивен од нивната природна структура“. Се одело кон тоа дотогашната традиционална „размена на стока помеѓу главните индустриски држави Австрија и Чехословачка и претежно земјоделските држави Унгарија, Југославија и Романија“, да биде елеминирана или намалена. За возврат на тоа, требало

---

[289] Исто, 12.

да се воведат „нови типови производство“,[290] коеимало потреба од „фундаментални промени што бараа државна интервенција“. Во почетокот, трговијата била спречувана со постојани и многу високи даноци, што од своја страна ја отежнувало трговијата. Кога тоа било констатирано, се преминало кон „ексклузивни билатерални трговски договори, компензациски договори, увозни квоти и контроли при размената. Така заштитени и субвенционирани, се појави ’развиено‘ земјоделство на едно место и ’развиени‘ индустрии на друго“. Основната политичка цел била да се ограничи конкуренцијата. Повеќе не станувало збор за намалување на трошоците туку да се зголеми квалитетот на производите и да се зголеми потрошувачката. А за да се постигне тоа се сметало дека треба дасе искористи влијанието на политичарите, односно нивната моќ, за да се добијат „владини декрети направени во нивна користи“ како и нивното сугерирање да се воведат одредени рестрикции спрема „конкурентите или дури нивна елиминација“. Несомнено, сето тоа, како што заклучува Гестетнер, водело кон „пад на бизнис-моралот, голема нееднаквост на приходите, потрошувачка експлоатација и ограничување на потрошувачката“. Несомнено дека таквиот начин на автархија водел кон „дислокација на подунавската економија“.[291] Имено, експериментот направен со Австрија во однос на осамостојувањето во производството на житариците „со алпскиот карактер на земјата“ уште на самиот почеток бил осуден на пропаст, што резултирало со жртвување на извозната индустрија и меѓународната трговија.

[290] Исто, 13.
[291] Исто, 14.

Како последица  на тоа дошло до зголемување на цените на храната, што најмногу ги погодило селаните.

Поради таквата состојба во економијата, веќе во триесеттите години на XX век станало сосема јасно дека „економскиот развој на земјите по Подунавието запаѓа во ќор-сокак“. Авторитативниот систем во подунавските држави бил воведен неколку години пред да бидат ограничени политичките слободи. Тоа како последица го имало „разлабавувањето на врските меѓу Малата антанта“, како и помеѓу Австрија и Унгарија бидејќи „иако повремено на зборови зборуваат за соработка, а економски работат едни против други“.[292]

Несомнено дека во такви услови се случува и засилување на политичката изолација. Методите што се обидоа да наметнат автархија беа моделирани според моделот на германската „сива економија“. Сигурно дека отстапувањето од нормалата и обидот да се ограничи сѐ во регионални рамки со големи олеснувања водело кон хаос. Во таква ситуација некои од подунавските држави барајќи излез се обиделе да воведат „корпоративна држава“, што во основа претставувало „враќање назад кон средновековните гилди, додека другите се вратија во автархија“.[293]

Во таква ситуација Германија се обидела да го искористи економскиот хаос и во 1935 година го започнува „економскиот пробив во Подунавскиот Басен“, а за да се спречи тоа било можно само со елеминирањето на „интердунавските трговски бариери“. Но, таквата идеја била заобиколувана од сите оние што имале свои интереси од даноците и воведувањето на трговските бариери. Политича-

[292] Исто, 16.
[293] Исто.

рите наместо да ја поддржат таа идеја, како што истакнува Гестетнер, биле „на крајот од својата памет". Се нашле во позиција од која и да сакале не можеле да се повлечат, а од друга страна, долго се однесувале потценувачки конгерманската опасност, што ги оневозможувало да преземат заедничка акција против Германија. Таквата состојба им овозможила самите да се залажуваат со лесен оптимизам и нивно опстојување што водело кон „самоубиствена автархија". Од своја страна, сето тоа знаела да го искористи „офанзивната Оска" која имала „огромен успех и германската позиција стана толку доминантна што се сметаше дека на нејзините економски барања не може да ѝ се спротивстави". Оние што на секој начин настојувале или тврдоглаво одбивале да „направат било внатрешни било надворешни отстапки", дошле во ситуација да сметаат дека е „разумно да направат компромис со Хитлер" и со тоа да го прифатат вклучувањето во германскиот „животен простор".[294]

Таквиот развој на настаните во земјите на Подунавието имал свое рефлексија и врз самото население,кое западнало во „еднолична економска мизерија" и било разочарано. Според Гестетнер, борбата за национална независност го изгубила своето значење, а „националниот дух беше парализиран", а од друга страна, се појавила„носталгија за добрите стари денови" кај старата генерација. Не постоела никаква надеж или нешто што можело да ги инспирира младите што биле „израснати помалку во демократски дух и толеранција отколку во омраза". Од своја страна, „државата ги негува националните митови", но никако не можела да се повика на лојалноста на младите кон тие митови. Тие гледале што се случува околу нив со поткупливите политичари и

[294] Исто, 17.

во такви услови не гледале изгледи за подобар живот. За тоа ја обвинувале државата. Препуштени сами на себе младите претставувале лесна мета за разни идеологии кои „се увезуваа од Исток и Запад”, идеологии кои, според Гестетнер, „во државите на Подунавието се споија во еден вид националболшевизам“. Уште повеќе „населението во Подунавието не само што беше поделено – тие повеќе немаа верба во самите себе; им недостасуваше желба да ја одбранат својата независност, тие пасивно го чекаа она што сметаа дека е неизбежна судбина“.[295] Во одредени држави, поради апатијата што ги беше зафатила, на нацистите им се посакувало добредојде, „Австријци, Чеси, Словаци, Унгарци и Романци – никој не се спротивстави на германската окупација“. Единствена која се спротивставила на Германците била Југославија. Тој сметал дека до тоа дошло поради тоа што внатрешните услови во Југославија биле сосема различни од оние кај другите подунавски држави. Сметал дека капитулацијата на Чехословачка била поука за Србите и Хрватите кои на „24 август 1939 година, ѝ признале ’автономен статус‘[296] на Хватска на федерална основа“ и со тоа сметал дека се решил проблемот кој „дваесет години беше главниот проблем во државата“. Во таква ситуација, Југославија успеала да ги одбие непрекинатите обиди на Германија одвнатре да ја ослаби. Гестетнер се надевал дека „старите борбени традиции и љубовта кон слободата...би можеле повторно да се наметнат“ и се надевал дека Србите ќе успеат да се

[295] Исто.

[296] Со донесената уредба, бановина Хрватска добила посебно претставничко тело (Собор) кој бил компетентен за донесување на автономни закони, потоа автономна влада на чело со бан кој бил одговорен на хрватскиот собор.

спротивстават на германскиот напад. Кон ова се надевал дека ќе има свое влијание и обидот на Грците да се спротивстават на Германците, како и нападот на Германија на СССР. Сметал дека „Југославија може да се бори, да се одржи подолго, меѓутоа тоа е невозможно. За разлика од Србија од 1914 година, таа не е само Балкан туку и подунавска земја“.[297] За разлика од Првата светска војна српскиот интерес бил „свртен кон север“, каде што Србија имала отворени граници и во таква состојба „нејзината стратегиска позиција беше безнадежна“. Не можел да ѝ помогне дури обидот за формирање на заеднички балкански фронт, а единствено отпор можело да се пружи на нејзиниот јужен сектор. Единствено одбрана можело да се даде на „целиот подунавски фронт“. Југославија била последната земја од Подунавскиот Басен која била окупирана од Германија. Според Гестетнер „така падна последната од наследничките држави. Никогаш ниту една идеја, предложена со најдобри намери, не водеше толку кон лоши резултати, отколку таа за ’самоопределување‘ на подунавските народи. Следуваше краток период на интоксикација со изолација и автархија, сиромаштија, дезинтеграција и на крајот, потчинување“.[298]

[297] Исто, 18.
[298] Исто, 19.

# ГЕРМАНСКАТА ПОЛИТИКА КОН ПОДУНАВСКИТЕ ЗЕМЈИ

Во „германскиот монструозен план за светска доминација...Подунавскиот Басен е предодреден да игра специјална и првостепено економска улога за снабдување на Рајхот со воени суровини надвор од досегот на блокадите. Унгарија, Југославија и Романија требаше да ги пополнат дупките со обезбедување на житарици, сточна храна и над сè сите масти; Чехословачка и Австрија, помалку ранливи на воздушни напади, требаше да бидат нејзин арсенал; романските нафтени извори требаше да го испорачуваат скапоценото гориво чиј недостиг претставуваше најголема загриженост на германскиот генералштаб. Суровини за производство на замени требаше да се добиваат од подунавските ресурси на дрвена граѓа. Поголемите електрани, преземјаќи го местото на оние во Рур, требаше да ја направат возможна миграцијата на исток на германската индустрија. За да ѝ служи на оваа намена, целиот транспортен систем требаше да биде реорганизиран. Затоа, интересот на нацистите војната да биде што подалеку од оваа област, е разбирлива“.[299]

Идејата на Хитлер била подунавските земји да се освојуваат една по една „одвнатре со итрина и заплашување наместо со војна“. Но, Гестетнер сметал, дека „бескрвните победи над подунавските земји не се должат на моменталните успеси на Хитлер туку на дезинтеграциските процеси на долгорочната политиката“. Нацистите со години припремале терен и за политичката и економската сфера. „Ништо не беше оставено на случајност. Нацистичката дрскост организира сили на злото со германска темелност“.[300]

[299] Исто.
[300] Исто.

Несомнено дека во Подунавскиот Басен постоеле „многу слаби точки за напад“. Разочарувањето што ги зафатило сите оние што излегоа како нови држави и се залагаа за национална независност по конференцијата во Версај било големо. „Милиони го обвинуваа решението од 1919 година за мизеријата во која се најдоа“.

„1.Унгарија го мразеше него поради Тријанон[301],

2. Австрија ја потсетуваше на сите ужаси на невработеноста.

3. На Хрватите, Словаците и другите малцинства, тоа им било кажано со навредливо непочитување“.[302]

Но нацистите не само што ги користеле оние што биле незадоволни од мировните договори туку ги користеле и оние што добиле во територијално проширување со договорите по Версајската мировна конференција. Тоа биле пред сè држави кои сакале да го зачуваат статус квото. Основната цел и главен објект на нацистичката политика кон Подунавието била да се спречи какво било приближување меѓу нив. Нацистите правеле сѐза да ги поделат народите во Подунавието и за да ги спротивстават едни против други. За таа цел нацистите, според Гестетнер, користеле „грст фанатици“ кои биле помагани директно или индиректно и кои требало во рамките на своето дејствување во преден план да ги стават разликите што постоеле меѓу државите и тие да бидат искористени од нацистичка Германија. За таа цел таа ги помагала сите оние групи што

---

[301] Договорот од Тријанон, потпишан во 1920 година, претставува мировен договор со кој биле уредени односите помеѓу сојузничките сили и Кралството Унгарија по Првата светска војна. Со Договорот била уредена независноста на Унгарија и биле утврдени нејзините граници.

[302] Велика Британија и идеите..., 20.

на еден или друг начин можеле да предизвикаат раздор. Како примери Гестетнер ги посочува:

1. Во почетокот, австриската влада одбивала да се договори со работниците и таквата политика од нацистите била осудена како „убијци на работничката класа“. Но кога австриската влада решила да преземе чекор за помирување, нацистите ја нападнале дека таа работи на „вооружување на црвените орди“.

2. Во Југославија, нацистите на секој начин се обидувале да ги привлечат на своја страна српските централисти, а од друга страна постојано ги охрабрувале хрватските екстремисти кон сепаратизам.

3. Во однос на Унгарија, нацистите ја поддржувале во враќањето на секоја педа „од унгарската земја“, а во исто време во договорите со Романија истото ѝ го ветувале и нејзе, дека ниту една педа „од Романија не треба да се отстапи“. Во таква ситуација „arrow cross“[303] во Унгаријаи „романската железна гарда“, и двете поврзани со нацистите, ги држеле на „точка на вриење тензиите помеѓу двете земји“.[304]

Гестетнер бил сосема во право кога констатирал дека нацистите во реализирањето на своите намери се служеле со оние инстинкти „што се просечни во човековата природа – завист, алчност и омраза – и така ги собираа злобните и незадоволни елементи“. Постоеле голем број организирани групи и ќелии кои од страна на нацистите биле чувани во резерва и се помагале едни со други за вршење на политички притисок во случај некоја од организираните групи да затаи во извршувањето на поставените задачи.

---

[303] Партија на вкрстените стрели.

[304] Велика Британија и идеите..., 21.

Нацистичката пропаганда од своја страна применила сосема друг пристап во својата пропаганда со цел да привлече што повеќе незадоволници на своја страна. Имено, таа го користела моментот кога одделни влади од Подунавието немале слух за правата на малцинските групи кои живееле во нив, посебно нивните барања за локална самоуправа. Особено актуелни и игнорирани од подунавските влади биле барањата на судетските Германци, Словаците и Хрватите за самоуправа. Дури и таму каде што ќе се појавело некакво угнетување, нацистите знаеле како да го искористат и се појавувале како „апостоли на слободата“. Исто така, и голем дел од печатот во земјите на Подунавието бил ставен под нацистичка контрола. Биле употребени сите трикови „за да се стави нацизмот на пазар“. Несомнено дека ваквата дволична нацистичка политика „креирала ментална конфузија“.[305]

Како што истакнува Гестетнер, требало да се потенцира и нацистичката акција во економијата. Карактеристично е што Германија од 1925 година постојано настојувала да воведе автархија во земјоделството и постојано забранувала да се внесат во Германија земјоделски производи, дури и оние од земјите на Подунавието. Но ваквата политика, која според Гестетнер во суштина не биланишто друго туку воени подготовки, покажало дека Германија со таква економска политика не може да „се самоподдржува во производство на земјоделски производи“. Во таква ситуација, нацистичка Германија морала да ја промени својата трговска политика особено кон земјите од Југоисточна Европа. Кај нив не постоело никакво сомневање дека тие треба да го „инкорпорираат Подунавскиот

[305] Исто.

Басен во својата ’одбранбена економија“. Од една страна, нацистите го величеле процесот на трговија со народите на Подунавието, а од друга страна тајно ги охрабрувале подунавските народи кон автархија настојувајќи да ја влошат состојбата што е можно повеќе. За нив тоа претставувало „гротескна економска војна“ со земјите кои „евентуално ќе бидат во нејзини раце“.[306]

За Гестетнер, единствено „враќањето на слободната внатрешна подунавска трговија“ била излез и единствен начин „да се ослободи австриската економија од нејзините окови“. Но од ваквата активност била вознемирена пошироката јавност пред сè од преземените автархични мерки од страна на австриската влада која била задолжена со кредити, а исто така, и од активностите на „со нивните небулозни шеми за австро-германски царински унии“. На тој начин му се нанела штета на обидот за воспоставување на слободна трговија по реката Дунав. Но резултат од сето ова било тоа што Германците ја изградиле својата „пропаганда за аншлусот за наводната неспособност на малите држави да продолжат да постојат“.[307] Политички, таквата состојба довело до неможност Чехословачка да ја зацврсти „Малата антанта преку заедничка трговија – така отворајќи пат на ’животен простор‘ кон југоисток“. Од своја страна, нацистите многу успешно ги користеле тешкотиите на чешката индустрија, што резултирало со невработеност на судетските Германци, нешто штосе сметало дека е поттикнато од Прага. Кон сето ова Гестетнер истакнува дека нацистите одржувале врски со „чешките земјоделски лидери“ надевајќи се дека ќе успеат да ги избегнат

[306] Исто, 22.
[307] Исто.

„неопходните реформи на чешката трговска политика преку здружување со автархична Германија“. Таквата состојба имала своја рефлексија во поддржување на нацистичката политика од страна на земјоделските лидери, што го разнишало „единството на Чесите“.[308]

Од друг страна пак, нацистите ги започнале своите активности и во Унгарија, Југославија и Романија откупувајќи ги земјоделските вишоци со многу повисоки цени од светските. Единствената последица од сето ова било што „овие држави станаа зависни од германските долгови“, а како замена, Германија одбрала да им остави покрај „новиот аспирин и застарено оружје“, машини и опрема за фабрики за „индустријализација“. Несомнено дека со германската политика на купување на вишокот земјоделски производи, цените се зголемиле, што предизвикало незадоволство кај потрошувачите.

Презмениот курс на подунавските земји на приближување кон нацистичка Германија, како што истакнува Гестетнер, било фатално за нив и ѝ дало можност на нацистичка Германија „да ги држи подунавските земји слаби и поделени“, образложувајќи го тоа со нивната желба да ја намалат „невработеноста на работничката класа и незадоволството меѓу селаните“. Од друга страна, тие на „бизнис светот“ настојувале да му се претставaт како „добродетели, опремени со грандиозни и очигледно добро обмислени ’градежни шеми‘, а во исто време „фрлајќи магија сѐ повеќе и повеќе врз оние што сѐ уште се колебаа“. Таквата политика на нацистите била многу привлечна за младите бидејќи тие станале „слепи приврзаници преку ветувањето за административни работи дотогаш одржувани

[308] Исто, 23.

од страна на противниците на нацизмот". Нацистите успеале преку внатрешна дезинтеграција подунавските земји поединечно, а потоа и сите заедно да станат „зрели за распад" што во погоден момент било постигнато со притисок однадвор".[309]

Едновремено Германија успеала со својата политика да ги стави под контрола и да ги голтне „сите прехранбени производи и производство" на подунавските земји.

Во ваква ситуација, интересен е ставот на Гестетнер во однос на британскиот став кон подунавските земји. Дотогаш Британија била обвинувана за „британската економска хегемонија" што било резултат на „претераниот национализам во наследничките држави, а потоа и германското мешање". Но од своја страна, населението во Подунавието се надевало дека до подобрување би можело да дојде само кога „ова имагинарно британско влијание ќе се отстрани". Таквиот став бил искористен како пропаганда од страна на Германија која настојувала да ги „задуши надежите дека националната слобода може да се врати преку победа на Британците". А од друга страна, во подунавските земји победите штоги постигнувала Германија биле пречекувани „здраво за готово" и со тоа била „изградена легенда за германската непобедливост". Уште повеќе германските победи биле претставени како победи што биле во „интерес на подунавските народи". Несомнено, пропагандата сакала да покаже дека решенијата донесени на Мировната конверенција во Версај биле донесени од Запад и насочени кон подунавските народи кои истиот тој Запад ги оставил на цедило. Се потенцирало дека во одреден момент Велика Британија можела да покаже интерес кон

[309] Исто, 24.

подунавските народи, но само со цел, во случај да победи во војната, да го „го возобнови статус квото и тогаш уште еднаш ќе ги остави на нивната судбина“ подунавските народи.[310]

Несомнено дека нацистичка Германија, според Гестетнер, со својата пропаганда и политичка рационалност успеала да ги привлече на своја страна обичните луѓе и успеала истото да го искористи како:

1. австрискиот мост меѓу десните и левите,
2. чешката политика на изолација визави другите подунавски земји,
3. ревизионизмот во Унгарија,
4. антиревизионизмот и антиболшевизмот во Романија,
5. српскиот централизам.

Сето тоа се случувало пред очите на подунавското население кое гледало како еден по еден паѓаат соседите под германски притисок. Единствениот спас, политички и економски, можела да биде Велика Британија. Но во тој момент, Британија не ветувала спас за подунавските народи. Својот спас тие го гледале во нацистичка Германија.

Гестетнер истакнува дека таквата политика вродила со плод. Германија знаела како да ги искористи територијалните и малцинските прашања во Подунавието. Според него, врвот бил постигнат со „арбитражата за Трансилванија на 30 август 1940 година“[311] и „со една генијалност, речиси ѓаволска, беше повлечена граница која одговара на

---

[310] Исто, 26.

[311] Во Виена Германија и Италија им излегоа во пресрет на барањата на Унгарија за ревидирање на Тријанонскиот договор од 1920 година со кој Трансилванија и Банат се обединија со Романија.

стратешките потреби на Германија". Со таквата политика на Германија и двете држави, Унгарија и Романија, биле незадоволни. Тоа само го зголемило расколот меѓу самите нив и ја напуштиле неутралноста. По овој настан за нацистичка Германија настапува политичко стагнирање. Како причина за тоа Гестетнер го смета потпишувањето на Српско-хрватскиот договор. Со неговото потпишување, „Германците можеле да работат во Југославија само преку неколку српски квислинзи и хрватски сепаратисти". Исто така, извршениот воен удар во Кралството Југославија им покажало на Германците дека победата над Југославија нема да биде лесна и бескрвна. Но нацистите успеале под свое да ги стават Романија, потоа Унгарија, која, според него,ѝ удрила „нож на Србија во грб", во извршувањето на агресија против Русија. Во игра, исто така биле и територијалните претензии како ветувањето на Романија за враќање на Буковина и Бесарабија, веројатно и со отстапениот дел на Трансилванија.[312]

Со својата политика „еден по еден", а исто така спроведувајќи ја политиката на „подели и владеј" Германците станале неспорни господари на Подунавието и стратегиски, Дунавската Долина им станува отскочна „штица од која Германија ги предизвикува Средниот Исток и Русија".[313]

Гестетнер се осврнува и на политиката на Велика Британија во однос на Подунавието во периодот 1919 − 1939 година. На Конференцијата во Версај бил усвоен принципот на самоопределување на подунавските народи. Меѓутоа, она што останало непознаница било дали тоа

[312] Велика Британија и идеите..., 25.
[313] Исто, 30.

значело „расна или територијална единица“. Принципот на самоопределување, според него, бил „анти хабсбурговски слоган“ кој влијаел како „динамит на веќе од војната умороена монархија“, што како рефлексија го имала слабеењето на Германија. Но со тоа, германскиот милитаризам не бил уништен, туку „му беше дозволено да се сокрие“. Она што ѝ беше дозволено на Германија по поразот во Првата светска војна и Конференцијата во Париз беше, според Гестетнер, тоа што ѝ „беше дозволено да остане обединета под националистите, милитантна и централистичка Прусија; прусијанизмот комплетно ја изгуби поранешната географска конотација и се прошири со уште поголема брзина“. Тој сметал дека со распаѓањето на Хабсбуршката Империја им било дозволено на  центрифугалните сили „слободна игра во таква мерка што ги надмина кај сите најсмелите соништа на ултранационалистите“. И според него „распаѓањето не требаше да се дозволи“ и дека последиците од донесувањето на мировните договори на земјите во Подунавието биле несогледливи. Усвојувањето на принципот на самоопределување, од своја страна, предизикало незадоволство кај одредени држави. Само „Чесите, Србите и Романците беа задоволни со нивниот нов статус“. Унгарците беа незадоволни поради неспорните грешки кои произлегоа како резултат на новите граници, како и Австријците. Исто така, незадоволни беа националните малцинства во сложените држави Чехословачка, Југославија и Романија“. Сметал дека со мировните договори не биле коригирани и „најочигледните гранични неправди“, ниту пак биле „елеминирани внатрешните несогласувања во Чехословачка и Романија; во Југославија договорот помеѓу

Хрватска и Србија бил постигнат до август 1939 година“.[314] Во таква ситуација Велика Британија стоела настрана. А исто така, според Гестетнер, уште поголема грешка од политичката било целосното непочитување на економските фактори „на кои требаше да се смета пред да бидат формирани новите држави“. Според Гестетнер, основните причини за немирите во Подунавието, од политички и економски аспект, не биле отстранети, а дури ниту признати дека постојат како проблем.

За Британија, Подунавскиот Басен претставувал „буре барут“, кое можело во секој момент да се запали од некоја искра однадвор. Во таква ситуација, според Гестетнер, Германија се претворила во „предатор чиишто очи беа насочени кон подунавските земји“. Од своја страна, нацистите успеале да го убедат германскиот народ дека тие во текот на Првата светска војна војнички останале непобедени, дека во суштина ја добиле војната, но дека поради „ударот од грб на фронтот“ – изгубиле. Во 1942 година, на Гестетнер, кога ја прави анализата, веќе му било сосема јасно дека амбицијата на Хитлер била многу голема, но во триесеттите години се верувало дека неговата главна цел е да добие обесштетување за „неправдите од Версај“. Имено и „британската десница и британската левица манифестираа сентиментален поглед во однос на германските работи“.[315]

Користејќи ја британската попустливост и „Хитлеровото коцкање со англискиот дух за фер-плеј“ нацистите барале на населението што зборува германски во Подунавскиот Басен да му се дозволи „самоопределување“, бидејќи

[314] Исто, 32.
[315] Исто, 35.

во рамките на Австроунгарската Империја тоа не можело да се реализира. Од своја страна, Британците сметале дека со давањето можност на Хитлер да ги оствари „најголемите германски неправди“ германскиот експанзионизам ќе биде задоволен. Меѓутоа, како што потенцира Гестетнер „неговиот апел до англиската совест, се покажаа како добра калкулација“.[316]

Но за жал,британските калкулации не се оствариле. Наместо пацифицирање на нацистичка Германија по аншлусот на Австрија, Германците ја свртеле својата воена машинерија кон Чехословачка. Со тоа судбината на Чехословачка била запечатена. И по ова „се веруваше дека уште еднаш Хитлер може да се пацифизира со исполнување на неговото ’последно територијално барање“. Гестетнер бил сосема во право кога констатира дека „не е сосема необјасниво што народот во Британија беше вовлечен во емоционални фрази на пангерманската нацистичка пропаганда и падна во трагични грешки гледајќи во заземањето на Австрија и Судетската Област како чекори кон мирот“. Хитлер кој бил доследен на принципите запишани во „Мајн кампф“ (*Мојата борба*), и имајќи ги предвид неговите интерпретации изложени во книгата, успеал „да направи и неговите нелегитимни барања да изгледаат оправдани“. Но сигурно дека најголемиот дел од британската јавност која и не многу ја интересирале „централноевропските тензии“, верувале дека „аншлусот и Минхенскиот договор претставуваат напредок од настаните од 1919 година; дека принципот на ’самоопределување‘ на крајот беше спроведен во Подунавскиот Басен“. Она што е интересно е фактот што на Хитлеровите барања никој не гледал од „стратешки и

[316] Исто.

економски агол“. А уште на 1 април 1936 година, сер Остин Чемберлен потеницрал во Долниот дом дека: „Независноста на Австрија е клучна. Ако Австрија исчезне, Чехословачка станува неодбранлива. Тогаш целиот Балкан ќе биде потчинет на огромното ново влијание. Тогаш стариот германски сон, Централна Европа да биде управувана од и потчинета на Берлин, ќе стане реалност од Балтикот до Средоземното и Црното Море со жалосни последици не само за нашата земја, но за нашата цела империја“.[317] И бил сосема во право.

Според Гестетнер „Окупацијата на Австрија иницираше страшен редослед на настаните во Централна и Источна Европа. Чешката дефанзивна бариера во Судетските Планини беше заобиколена, а истото се случи и со линијата Мажино. Австрија формира мост кон Словачка-Полска на север, Унгарија на југ беше фатена во клешти. Стратегиски, Југославија директно и Романија индиректно, беа загрозени; Унгарија беше направена беспомошна со германската окупација на Австрија. Едновремено, Германците добија директни контакти со Италија преку преминот Бренер. Важноста на ова беше да се стави јасно на знаење дека Хитлер ќе ја држи Италија под своја контрола, дека испрати свои поздрави до Либија и го принуди целиот превоз до британската армија на Средниот Исток да кружи 12 000 милји околу Цапе“. Но веќе во март 1938 година, Черчил во својот говор се залага дека е потребно Велика Британија да преземе одлучна политичка акција со цел да дојде до обединување на подунавските и балканските држави „од кои сите имаа силни армии, кои вкупно изнесуваа 75 000 000 луѓе, кои имаа неколку милиони

[317] Исто, 38.

обучени борци, кои имаа големи ресурси, и сите сакаат да живеат во мир во рамките на нивните држави, кои индивидуално можеби се скршени од поразот и опљачкани, но обединети, претставуваат голема  сила на отпорот“. И клучните прашања што го поставува Гестетнер: „Дали овие држави сфатија дека само единството може да ги заштити? Дали ако соработката меѓу Британија и Франција против агресијата беше договорена порано отколку што беше, судбината можеби можеше да биде спречена?”. Одговорот пристигнал само една година подоцна кога германските воени единици влегле во небранетата Прага, и тогаш конечно било сфатено дека:„обединувањето на сите Германци“ и комерцијалната надмоќност во Југоисточна Европа не било нивна цел.„Потчинувањето и искористувањето на народите на Подунавието беше оценето како чекор кон европска хегемонија“.[318]

Во таква ситуација, Британија за првпат се обидела да ја преземе иницијативата и со цел да ја сопре агресијата на нацистичка Германија ѝ дава гаранции на Романија. Но, според Гестетнер, „во тоа време германската ерупција не можеше повеќе да се задржи“.[319]

[318] Исто, 40.
[319] Исто.

# БРИТАНСКАТА ПОЛИТИКА КОН ПОДУНАВСКИТЕ ЗЕМЈИ

Гестетнер ја анализирал британската позиција во однос на Германија и сметал дека по Версајскиот мировен договор Британија успеала да ја „спречи првичната цел на нацистите да воспостават господство во подунавските земји“, но, според него, таа самата,со кредити, учествува во издигнувањето на Германија, која ги користи „за непречен развој на нивната воена економија“, и го прави тоа „сè додека не се создадоа услови да се сврти кон Запад“. Од друга страна пак,Германија воопшто не се надевала дека една „*дегенерирана* Британија ќе се придружи кон гаранциите дадени на Полска“, бидејќи со тоа, според Гестетнер, Втората светска војна „почна предвреме“ како за Велика Британија, исто така и за Германија. Но, во предност била нацистичка Германија бидејќи „британската воена акција беше едвај изводлива во регион толку недостапен, додека економскиот контраудар како право на предност нудеше сè помалку и помалку шанси за успех во однос на германската супериорна позиција“.[320]

Единствено што можело да влијае врз развојот на настаните во подунавските земји, била политичка акција и политичка војна. Требало да се крене духот „на отпор во Подунавието“ и едновремено да се воспостави заеднички фронт од подунавските земји што ќе се спротивстави на нацистите. Фронтот требало да биди воспоставен помеѓу „Унгарија, Југославија и Романија“ и „другите загрозени балкански држави“. Тој бил сосема убеден дека „симпатиите на народите на Подунавието беа со Британија“ и дека земјите од „целиот Подунавски Басен – Австријците, Чехословаците, Југословените, Унгарците и Романците“ ја задржале својата „сентиментална приврзаност кон Брита-

[320] Исто, 41.

нија за време на повоените години, како ’победници‘ и ’поразени“.[321] Во основа, Британците ја базирале целата својата политка „на тие симпатии“.

Гестетнер се осврнува на обидите на Винстон Черчил од 1938 година да го убеди британскиот политички естеблишмент дека само формирање на заеднички фронт може да ги „спаси народите на Подунавието и Балканот“. Но како што заклучува, во тој момент, британскиот политички естаблишмент не се согласувал со концепцијата заговарана од страна на Черчил. Во таква ситуација, наро-дите на Подунавието не можеле да стекнат впечаток дека Велика Британија настојува да го  употреби „своето влијание да ги помири народите на Подунавието и да го зголеми чувството на солидарност меѓу нив“.[322]

Она што настојувала да го направи Велика Британија, бил обидот да ја избегне грешката направена за време на Првата светска војна „од хипотекарен мир со разни ветувања“. Во новонастанатата ситуација таа, како што заклучува Гестетнер, настојувла да се воздржи од какви било обврски „за време на војната“. Таквиот став Британците го промениле кога владите на Полска и Чехословачка, кои се наоѓале во егзил во Велика Британија,ги истакнале на „11 ноември 1940 година нивните заеднички мировни цели“ Ваквиот став на овие две влади, Британците ги одобриле со, според Гестетнер, една единствена цел „да ги помири овие словенски народи и да ги елиминира нивните долгогодишни разлики“.[323] Ваквата декларација уште на самиот почеток предизвикала реакција меѓу народите на Подунавието, пред

[321] Исто.
[322] Исто, 42.
[323] Исто, 44.

сè поради фактот дека зад таквата идеја „лежи формирање на *западнословенска држава*“. Но, како контра акција од страна на нацистичка Германија, случајно или намерно, „Германија го одбра овој момент да ги убедува Унгарија, Романија и словачките марионетски влади да го стават својот потпис на Тројниот пакт на 22, 23 и 24 ноември“. Гестетнер сметал дека потписите биле изнудени од страна на нацистите „поради плашењето со *Голема Полска*“. Во таква ситуација,според него, Велика Британија морала да направи обид „да се спречат народите од Подунавието да соработуваат со Германците“.[324]

Гестетнер сметал дека британското прифаќање на идејата за полско-чешка соработка во основа имало тенденција да се прави разлика помеѓу таа идеја и подунавските народи, што во основа значело напуштање на идејата на Черчил да се обединат сите подунавски народи во заеднички фронт. Исто така, преовладувало и мислењето дека оние што во текот на Првата светска војна ги помагале Британците и „се сметаа за 100% пробританци“, а дека другите, ништо не можело да ги спречи да „бидат прогерманци“. Во таква ситуација, сигурно дека атмосферата во Подунавието не одела во корист на „развој на духот на отпор против нацистите“, напротив дури и оние што биле пробритански настроени, поради пасивниот британски став и ставот што бил граден само на ветувања без практична реализација сметале дека во такви услови било подобро да бидат во добри односи со Германија. Дури и оние што биле фаворизирани од Британија, биле ставени на искушение да размислуваат да влезат во разговори и договори со Хитлер,

[324] Исто, 45.

со цел да преживеат.[325] Гестетнер потенцира дека не само политичките аспекти туку и економските играле голема улога во односите помеѓу подунавските народи од една страна и Германија и Велика Британија од друга.

Несомнено дека за Подунавието Британците не понудиле никакви алтернативни планови во однос на „нацистичките економски планови и политички изгледаше како да не сака да направи разлика меѓу пријателите и непријателите и меѓу подунавските народи како нации". Но од своја страна, нацистичка Германија била многу брза во однос на дезинтеграцијата на подунавските земји со цел „да се искористи секоја можност за да предизвика раздор и недоверба кон Британија". Од своја страна, Гестетнер сметал дека „Британија требаше да работи за реинтеграција, покажувајќи им на народите на Подунавието дека нејзина цел е да ги обедини нив". Сметал дека „Хитлер немаше ништо да им понуди на Британците, Норвежаните, Холанѓаните и на Белгијците, кои погледнато назад со децении, ако не и векови, живееја независен богат живот. Тие немаа потреба да им биде кажано за што се борат, ниту имаа потреба Полјаците, Грците и Србите, чиј патриотизам се шири во сите делови на населението".[326] Гестетнер бил сосема во право со својата анализа кога потенцира дека земјите што ја добиле независноста по мирот во Версај, морале да ја загубат само по дваесет години опстојување. Сето тоа од своја страна предизвикало одредени областида бидат намалени „до бедна сиромаштија". Тие биле сосема свесни дека не можеле да опстојуваат во изолација. Хитлер, според него, „понуди безбедност ако еден пороби друг и

[325] Исто, 46.
[326] Исто, 49.

апелот од ова беше опасно потценет во Британија“. Смета дека ако во каков било случај подунавските народи решат да се борат против нацистите, Британците требало да им дадат надеж на тие народи дека „по победата на Британија...би биле способни да го живеат пристојно својот национален живот“.[327]

Основното прашање што го поставува Гестетнер е: „што направи Британија за да обезбеди, преку дипломатски канали, заеднички подунавски фронт?“.[328] Неговиот одговор е дека нема да биде познато „до подоцна“, имајќи го предвид фактот што статијата Гестетнер ја пишува во текот на војната. Она во што бил сигурен Гестетнер е дека причината за неформирање на заеднички фронт лежи пред сè во „недостиг на единство“ на народите на Подунавието. Во неговите анализи за тоа што би се случило доколку Британија имала подинамична политика „барем по Минхен, би ја довело Романија во ситуација да истапи против германските барања; дека унгарското пријателство со Англија сепак би било во можност да ја одврати да ја отфрли нејзината фикс-идеја да ја возобнови Унгарија од 1914 година; дека Југославија,ако се ослободеше од своите квислинзи порано, ќе имаше повеќе време за мобилизација и да ги координира одбранбените планови со Грција; дека тогаш помошта со која Британија се обврза со ветување и чест да ја снабди Грција, можеби би била успешна и воената ситуација во пролетта 1941 година можеби ќе беше убедливо подобра“. Но, и со право заклучува дека не би требало да „се потцени итрината и ефикасноста на непријателот, туку да се признае неуспехот...“ и потенцира дека

[327] Исто, 50.
[328] Исто.

„во тоа време сите одлучувачки фактори беа против Британија“.[329]

Спротивно на вообичаените факти дека Минхенскиот договор ја определува судбината на подунавските народи, Гестетнер смета дека тоа се случило со „нацистичкото господство на Виена“ што од своја страна „само стави крај на сонот за помирување во Западна Европа“. Со аншлусот на Австрија „Хитлер доби отскочна штица кон север, исток и југ“ и во тој момент на секој што и малку ги разбирал политичките констелации му било сосема јасно дека подунавските и балканските држави не можеле да бидат заштитени од Велика Британија „најголемата светска, најмоќна армија и најсилната авијација“. Треба да се има предвид дека на дипломатски план сето она што било постигнато со Версајскиот мировен договор од 1919 година, било срушено, а и она што можело да се направи било лимитирано.  Помошта што можела да ја даде Велика Британија, сметал Гестетнер, на „потенцијални пријатели“ во својата основа требало да претрпи коренити промени, односно да воведе нова политика и да го преземе „идното водство таму“. Но во тој контекст, тој нагласува дека Британија, во воспоставувањето на односите, ќе треба  „да го одвои принципот на нивната сувереност кој таа самата го имаше признаено. Исто така, беше многу неверојатно дека таква согласност би била дадена од бугарската, југословенската и романската влада. До последниот момент тие се држеле за своите илузии за неутралност, да уживаат во имунитетот кој беше нивна декларирана политика на почетокот на војната и британската политика беше оставена на колебањето да се оди над решенијата на овие влади“.

[329] Исто, 50.

Исто така, во овој контекст треба да се истакне и германската економска предност каде што Германија „ја доби трката за вишоците“, а Велика Британија „пропушти да спонзорира, уште додека беше изводливо, економска програма која ќе биде дизајнирана во корист на подунавските народи“.[330.]

Гестетнер е сосема во право кога ќе заклучи дека „во воено време беше тешко да се демонтираат грешките на политиката на ’чекај и гледај‘ која се водеше дваесет години. Тоа на крајот ја спречи Велика Британија да постигне дипломатска победа со обединувањето на југоисточните европски народи и што можеше да има единствено контрабаланс, голем расчекор во областа. И покрај тоа што југословенското востание и сојузничкиот отпор во Грција и Крит му украдоа на Хитлер некои скапоцени денови и најверојатно ја задржа германската кампања против Русија, битката за Балканот беше изгубена“.[331]

Она што е посебно интересно во анализата на Гестетнер е фактот што тој смета дека „начинот на кој ’самоопределувањето‘ беше имплементирано во мировните договори беше самото по себе погрешно“ и дека тој систем на давање „безрезервна независност на националните држави“ по распаѓањето на Хабсбуршката Монархија бил исполнет „со цела низа грешки“ и е дециден дека „договорите направени за Подунавието во 1919 година целосно се погрешни“.

Сметал дека:

---

[330] Исто, 51.
[331] Исто, 53.

- Подунавскиот Басен е заедница јасно разграничена на запад, север и исток.

- Само природните поделби, предложени од поголемите водотеци, не може да служат како политички граници.

- Природните бариери во рамките на Подунавскиот Басен никогаш не се поклопуваат со државните граници.

- Расните или лингвистичкие граници, бидејќи се преклопуваат, не може да се фиксираат и постоењето на „помали лингвистички џебови и острови" биле „директна или индиректна последица на отоманската инвазија".[332]

Несомнено дека во рамките на Хабсбуршката Империја слободното движење било непречено и тоа овозможувало секој да бара работа слободно и да работи онаму каде што ќе ја најде. Тоа, од своја страна, водело кон постојано мешање и размена на населението и склопување на мешани бракови. Поради таквиот начин на живот, населението било билингвално и сметал дека каков било „попис на националноста ќе може лесно да се разбере како неверодостоен, дури и ако се спроведе под гаранции на целосна слобода". Од тие причини тој се залага за принципот на трансфер на населението „како целисходен за да се постигне хомогеност". Истакнува дека за „да се направат повеќето држави 'похомогени' требало да се случат масовни движења, кои поради различни „стратешки, историски или географски причини" морале да бидат напуштени или населени од одделни националности. Но, според него, многу тешко било да се утврди „кои се карактеристиките според кои може да се утврди

[332] Исто, 53.

националноста?“.[333] И уште повеќе, сметал дека кога биле во прашање „германско-говорните групи... движењето на населението ќе биде еднонасочно“ бидејќи „емиграцијата на германското малцинство од Чехословачка, Југославија, Унгарија и Романија не може да се балансира со повратно движење од Германија, бидејќи ниту една од овие држави нема националности на располагање за размена од таму“ и таквиот еднонасочен трансфер „на една категорија без можност од соодветна замена ќе ги уништи економските врски, лишувајќи ги сличните продуктивни области од пазари и извори за снабдување“. Исто така, сметал дека принудното иселување ќе водело кон „несовладливи раздори меѓу соседните држави“, додека „доброволната емиграција на индивидуи е можна, но не може да има голем трансфер“ бидејќи сметал дека сето тоа има „мирис на хитлеризам во однос на иселување на цели народи што доведува до огромна беда“[334] и поради тоа морало да се најде друго побезболно решение.

Сигурно дека Гестетнер како добар познавач на политичката ситуација во Подунавието сметал дека идејата за формирање „еднонационални“ држави во Подунавието требало да се одбие целосно. Според неговите анализи, „географијата и етнографијата одредува дека народите на Подунавието мора на еден или на друг начин да продолжат да живеат заедно – имајќи го предвид фактот што тие живееле така со илјадници години“, и покрај одредените расправи што ги имале меѓу себе тие „рамо до рамо, ... го бранеа Басенот од надворешните напади“. Го поставува прашањето:што е причината за судирот? И одговорот го

[333] Исто, 54.
[334] Исто, 56.

дава самиот дека причината за тоа лежела во националната идеја, која „во модерна смисла, се рашири помеѓу народите на Подунавието“. Во својата анализа истакнува дека политиката на унификација била отфрлена во 1867 година со што „Австриската Империја и Унгарското Царство станаа, секоја во своите историски граници, две одделни тела“ и дека врските се одржувале единствено преку императорот кој се поврзал со „најјаките национални елементи: во ’Австрија‘ со населението кое зборува германски и со Полјаците (на кои им беше даден голем степен на самоуправа во Галиција), и во Унгарија со Унгарците и Хрватите, чија автономија и историски права беа признаени“.Но со текот на времето, опозицијата станувала сè појака против дуалистичкиот систем на Австрија и Унгарија од таканаречените „неисториски националности“. Како пример ја наведува Унгарија каде што „унгарскиот шовинизам и тврдоглавото одбивање да го прекине дуалистичкиот систем ја погоди растечката национална свест на неунгарците“.[335] Монархијата, за целото време на своето постоење, не успеала да најде решение за опстојување на дуалистичкиот систем и не успеала да обезбеди „целосна еднаквост на сите свои народи“.Сето тоа, според Гестетнер, водело кон зголему-вање на јазот со што „ставовите на разните националисти се закоравија“ и веќе имаа свои држави и беа надвор од Австро-Унгарија и веќе „гледаат преку границата, процес што го направија Италијанците, Србите и Романците“.[336] А од друга страна се наоѓала империјалистичка Русија која го ширела панславизмот.

[335] Исто, 58.
[336] Исто.

Гестетнер истакнува дека по Конференцијата во Версај од 1919 година и воспоставувањето на „новиот поредок" европските политичари се обиделе националниот проблем да го решат со самоопределување. И самиот заклучува дека мирот од 1919 година единствено што донел било само „предизвикување на промени". Тоа биле радикални промени бидејќи во тој процес на формирање на национални држави и нации самите тие како на пример „Чесите, Србите и Романците... се јавуваат како освојувачи на другите подунавски народи". Гестетнер, државите како Чехословачка, Југославија и Романија, ги смета за „сложените држави" кои според законот, „секоја национална група и расно малцинство" требало да има исти политички права. Но тој закон единствено се применувал во Чехословачка и тоа до одреден степен, не целосно. Имено, за тоа дава и еден пластичен пример. Тој смета дека национализмот самиот по себе бил „едностран по карактер". Секој поединец, кој не припаѓал на доминантната нација, сфатил дека влегувањето во државна служба било многу тешко, дури, понекогаш и потполно невозможно. И оди понатаму, истакнувајќи дека „таков еден поединец е ставен во непријатна ситуација дури и заработувајќи за егзистенција под контрола на државата која се меша во секојдневниот живот на сите, може економски да фаворизира еден дел и да одбива работа од другите". Таквата нееднаквост по војната довела до „раздор и исцрпеност, повторно предизвикувајќи надворешно влијание и предизвикувајќи катастрофа".[337]

Обидот направен во 1867 година по еволутивен пат политички да се поврзат подунавските земји, завршил со неуспех. Затоа Гестетнер сметал дека „разликата меѓу наци-

[337] Исто, 59.

ите и националните делови во Подунавскиот Басен беше и е кардинална грешка која мора да биде коригирана еднаш и засекогаш“ и „никогаш повторно да не дојде до уште еден пресврт во однос на расниот статус“. Сметал дека не треба да се дозволи во иднина пројавениот национализам на „еден подунавски народ да има за своја цел постигнување на супериорност над другите и намалување – или дури и потиснување – на нивните права“. Посебно го осудува менталитетот „најголем авторитет“ и „помал авторитет“. Се залагал за создавање на „комплетно нова атмосфера; мора да се гарантира целосна слобода и еднаквост на сите подунавски народи како: Чесите, Словаците, Србите, Словенците, Австријците, Унгарците, Романците и на сите други. Поимот ’малцинство‘ треба да падне целосно во заборав. Правотона еднаквост мора да биде основата на новата подунавска политика“. Според него, иднината на подунавските земји лежела во организирањето на државите од тој регион на поширока основа, пред сè поради нивните специфични услови. Се застапува за „барање федерација во која било форма“, што сметал дека е „единствениот начин за просперитетно меѓусебно живеење за различните нации“. Таа идеја, според него, не било нешто ново за тие народи бидејќи таа била предлагана, но потисната, меѓутоа никогаш „не беше заборавена“.[338]

Според неговите замисли, федерацијата требало да биде така уредена што требало да биде „компатибилна со цврстата независност на многуте народи“ и сите оние што би биле дел од таква федерација требало да ги имаат предвид „нивните заеднички интереси“. Внатрешната администрација требало да биде „децентрализирана што е

---

[338] Исто, 60.

можно повеќе преку локална или регионална самоуправа". Посебно нагласува дека „секој народ, секој дел, мора да биде обезбеден со комплетна слобода и автономија во лингвистички, културни, образовни и во печатени работи". Гестетнер, сигурно дека бил во право во својот теоретски пристап во уредувањето на федерацијата на подунавските држави. Тој сметал дека давањето на тие услови се „најскапоцени и со постојана вредност за секоја етничка група" и дека тие биле многу важни за „нивната индивидуалност и нивната традиција" кои требало да бидат зачувани. Сметал дека со таквите промени „ќе се развие меѓусебно почитување за одредени основни принципи и толеранција...без кои здружувањето на подунавските народи е незамисливо".[339]

Затоа сметал дека со таквите „децентрализирани реформи проблемот на самоопределување ќе биде решен со внатрешната политика". Но во однос на надворешната и одбранбената политика на подунавските народи, сметал дека тие ги надминувале „сите локални партиски и класни лојалности" и дека тие прашања требало да се третираат различно. Нивното решение го гледал во централизацијата со единствена цел во тие две области да нема разлики меѓу подунавските држави. Дури смета дека би било „погрешно читање на историјата, сегашноста и минатото, ако националните држави повторно имаат сопствени армии, свои министерства за надворешни работи". Тоа го образложува со констатацијата дека кога подунавските држави биле изолирани едни од други биле многу слаби за да можат да им се спротивстават на „големите континентални сили" и дека „зачувувањето на слободата и независноста против

[339] Исто, 61.

опасноста мора да најде израз во заедничката надворешна и одбранбена политика“. И затоа неговиот заклучок е дециден дека „дејствувајќи во единство кон надворешниот свет, овие народи ќе бидат во состојба да спречат Подунавието повторно да биде воено поле на странски борби. Преку нивната заедничка сила, тие ќе бидат во можност погласно да бидат слушнати во Европа и на тоа да му дадат нова и поприродна рамнотежа“.[340]

Во својата анализа, Гестетнер се навраќа на периодот до 1914 година, кога подунавската економија, без разлика дали индустријата или земјоделството, се развивала таму каде што природните услови биле најповолни. Но исто така, сметал дека поради заедничката економска политика, заедничкиот транспорт и постоењето на „соодветна законска регулатива и надлежност“ резултирало до релативно богатство на народите на Подунавието. Земјите што биле дел од Австроунгарската Монархија заостанувале во споредба со западните економии поради „последиците од турската инвазија“ кои сѐ уште биле видливи и дека „економските и социјалните интереси трпеа од борбата меѓу националностите“. Но земјите на Подунавието имале стандард којшто бил многу повисок од оној на Балканот, на Полска под руска управа и Италија“. Според него, со распаѓањето на Австро-Унгарија било изгубено единството, а со тоа и просперитетот на подунавските земји, а „меѓувоениот период покажа дека не можат да егзистираат независни економски единици во Дунавската Долина“. Било многу очигледно дека обидите на секоја од наследничките држави да се обиде да изгради сопствен систем на развој, а подоцна да се заштити против паѓањето на сметка на некоја друга

[340] Исто, 61.

држава, довело до општо опаѓање во Подунавскиот Регион. Затоа тој смета дека „денес најмалку едно нешто е сигурно – не може да има враќање на австриската, чехословачката, југословенската, унгарската и романската автархија“.[341]

Во однос на економијата, тој сметал дека подунавските држави ја изгубиле својата независност и дека за нацистите тие претставувале „голем простор за економија“.Имено, според таа теорија, Југоисточна Европа претставувала „земјоделска сфера во потрага по индустриски производи“, а од друга страна, Германија била „индустриска сфера во потрага по земјоделски производи“. Било сосема очигледно дека „германската експанзија во Дунавската Долина е природен феномен“ и сметал дека таа експлоатација на подунавските држави била неопходна во време на војна но,дека тоа ќе трае кратко.[342] Во Велика Британија преовладувало мислењето дека поразот на Германија и Мировниот договор им овозможиле на Германците да ја преземат предоминантната улога во Подунавието и дури обидот да влезе во економски сојуз со подунавските држави, што можело да биде предност и за Германија и за подунавските држави. Според Гестетнер, првиот впечаток бил дека тоа можело да претставува атрактивно решение при што „земјоделскиот Подунавски Басен и ’врвно индустриската‘ Германија меѓусебно ќе се надополнуваат една со друга“.[343] Но сметал дека таквиот пристап морал да биде осуден како „погрешно упростување“ на работитеи дека таквата унија во основа го загрозувала идниот развиток на Подунавската Долина. Сметал дека малите народи што биле

[341] Исто, 62.
[342] Исто.
[343] Исто, 63.

дел од Подунавието, ќе бидат зависни од еден купувач, а дека „интензивирањето на примарното производство, што е во интерес на Германија, е правец кој апсолутно не одговара на подунавскиот земјоделски селанец“. Селанецот, во такви услови, ќе останал со заостаната положба, пред сè поради фактот што „примарното производство не вработува голем број“ луѓе.[344]

Според неговите анализи „економската унија, сосема независно од политичките влијанија“ во која морало постојано да се вложува, не можела да има каква било предност за подунавските народи.

Она за што се залага Гестетнер било царинска унија на подунавските држави, унија штоби овозможила просперитет на истите и можност „за правилна употреба на подунавските природни богатства и вештини од страна на нејзиното индустриско население“, а дека идниот економски систем повеќе не можел да биде изграден врз база на поранешните економски стандарди. Она што за него било прифатливо во однос на економијата, бил фактот што идниот систем требало да им одговара на „темпераментот на подунавските народи и да ја усогласи слободата со државната контрола во економијата“ бидејќи „јавните комунални и социјални услуги не можат да се направат без организирачката моќ на државата“. Она што, според него, му е потребно на Подунавието било „енергија, ефикасност, имагинација, флексибилност и обновување на индивидуалните одговорности“. За да се реализира тоа, требало јавноста да биде добро обучена за економските работи, за да може да прави разлика помеѓу законските и незаконските интереси од „трговските здруженија на селаните и на

[344] Исто.

работниците“. Се застапувал за конструктивна критика, која од своја страна можела да прави споредби помеѓу сопствениот интерес и општото добро и дека како во политиката така и во економијата „слободниот печат и слободата на говорот се неопходни за расудување“.[345]

Затоа подунавската царинска унија отворала огромни простори бидејќи трговијата можела да се одвива непречено и немало да се формира затворен пазар кој би бил одделен од надворешниот свет. Во оваа трговска рамка, според него, требало да се развиваат односите помеѓу Германија и Подунавието, „не како еднострано хранење на германската воена машинерија, туку кон заедничка корист на двете страни како еднакви партнери“. На тој начин подунавската царинска унија би била поврзана со светските пазари, а Подунавието, кое би било организирано како голема регионална група, „ќе најде место во меѓународната трговија и во системот на цени што ќе биде формиран од шампионите на слободата на меѓународната трговија – САД и Британскиот комонвелт“.[346]

Според неговите анализи, во „новиот подунавски ред“ сите подунавски народи би требало да имаат еднакви права, заедничка одбрана и надворешна политика и царинска унија. Сметал дека ако Австроунгарската Империја се трансформирала во федерален систем, „можеби немаше да има војна во 1914 година“ и уште повеќе „ако Вилсоновите точки беа вистински аплицирани, подунавската заедница сè уште ќе беше зачувана и Централна и Југоисточна Европа ќе беа *сигурни за демократија*“.[347]

---

[345] Исто, 74.
[346] Исто, 75.
[347] Исто.

Во однос на неговите размислувања за тоа кои решенија би биле применливи во Подунавскиот Регион, сметал дека првото решение некои го гледале во „во здружување по расни основи“ и дека во Британија лесно било да се убедат лаиците дека „е чувствително да се обединат расно поврзани групи, но во Подунавскиот Регион, повеќе од каде и да било, верноста кон религијата, кон класата, кон професијата вреди повеќе отколку некое теоретско сродство – тие се *земјоделци,*[348] *работници* или римокатолици на прво место. Некои народи од Централна или Источна Европа би можеле да бидат меѓусебно поврзани преку расата или јазикот, но поделени преку религијата или историјата, тие се различни според националниот карактер, изгледот и социјалните и економските стандарди. ’Силен економски повик‘ би можел да ги зближи во момент на национален восхит, но наскоро тој би исчезнал со враќањето во секојдневната реалност. Затоа, екпериментите направениспоред расна основа помеѓу Чесите и Словаците во Чехословачка и Србите и Хрватите во Југославија завршиле неуспешно, имале негативен епилог“. И бил сосема во право кога потенцирал дека постоел „чешки и словачки, но не и чехословачки национализам, српски и хрватски, но не и југословенски национализам“. Сметал дека повторувањето на експериментот преку „поврзување на Чесите и Слова-ците со Полјаците, и веројатно Србите и Хрватите со Бугарите, едноставно би претставувало впуштање во нови илузии“.[349] Но и обединувањето, кое би било диктирано однадвор за „конфедерација на Полска и

[348] Поимите земјоделци и работници се однесуваат за членови или симпатизери на Земјоделската или Работничката партија.

[349] Велика Британија и идеите..., 76.

Чехословачка“, и „голема јужнословенска федерална земјоделска држава“ според него, би било неуспешно, би било само залажување. „Покрај тоа, кога расата ќе стане критериум би била сметана за неопходна за да се направат овие словенски држави’похомогени‘; и покрај убедливиот доказ за невозможноста за реализација на нивните масовни трансфери на малцинствата кои ќе се обидат да ги направат во Подунавскиот Регион“. Поради расните мотиви, Австрија, Унгарија и Романија не биле вклучени во овие шеми. И сметал дека „комбинациите со ’западните Словени‘ и ’јужните Словени‘ изгледаат безнадежно нереални“.[350] Во таква ситуација било „колебливо предложено да се комбинираат сите држави помеѓу Германија и Русија од Балтикот до Јад-ранското, Егејското и Црното Море, во една голема конфедерација“. Но Гестетнер сметал дека при разгледу-вањето на овој предлог требало да се биде внимателен во смисла дали било „мудро веднаш да се создаде голема унија од сите држави од Централна Европа, или поточно, од Централноисточна Европа“. Тој бил скептичен во однос на тоа дали таквата унија можела да „обезбеди правда за секој народ што ќе учествува во неа − да им помогне да постигнат еднаквост и да ја насочи економската реконструкција во вистинската насока?“ Одговарајќи на поставените прашања, тој истакнува дека практично било многу тешко да се формира „во еден замав голема конфедерација составена од хетероген збир на држави. Нации врз кои царистичката, хабсбуршката и османлиската администрација оставиле свој белег, би биле собрани на куп. Историските здружувања меѓу нив имаат недостатоци, барем во современиот период; не постои

[350] Исто таму, 77.

еднаквост во нивниот развој; тие сè уште се странци меѓу себе. И покрај бројните расни и лингвистички афинитети, постои јасна дистинкција помеѓу северниот, централно-европскиот, средишниот и југоисточниот дел". Исто така, границите на северниот дел на таквата конфедерација биле нејасни. Постоеле „комплицирани прашања при исцртувањето на надворешните граници на Полска и кон Германија (Познан, Шлезија, Поморже,[351] Данцинг,[352] Источна Прусија) и кон Русија". Фундементално биле различни прашањата „што чекаат разрешување во Централна Европа, исто така и во југоисточниот дел". Несомнено, на прво место биле прашањата меѓу подунавските и балканските народи. Исклучувањето и трансферот на германските малцинства би го нарушил внатрешниот баланс на така замислената конфедерација, а Словените „со скоро две третини бројна надмоќ, би станале предоминантни. Во такви услови, конфликтите меѓу Словените и Унгарците, Романците и Унгарците, па дури и оние меѓу самите Словени, не би можеле да се разрешат на задоволително ниво".[353] Сметал дека доколку таа предложена централно-источна европска конфедерција биде направена „не помеѓу оние што беа лојални и оние што беа квислинзи, туку помеѓу тоа кој е Чех или Србин и кој Унгарец или Романец, не би имало мир во Подунавието, ниту пак конфликтите меѓу балканските народи би можеле да бидат разрешени на таквaоснова.Внатрешно слаба, поради нејзините различни незадоволни партнери, оваа централноисточна европска конфедерација би била конфронтирана од голема Германија

[351] Померанија.
[352] Гдањск.
[353] Велика Британија и идеите..., 78.

(зачувана преку аншлусот со Австрија, ако не, исто така, и преку судетските Германци). Таа би била неизбежно насочена во руската орбита. Оттука моменталното создавање на централноисточна европска конфедерација неминовно би довело до идни компликации на континентот“.Исто така, сметал дека доколку царинската унија била создадена на брзина од своја страна како рефлексија би имала „преплавување на поразвиените држави со евтина работна сила“[354] и уште повеќе би го намалил нивниот стандард. Сметал дека не треба да се брза во однос на формирањето на унија или конфедерација, пред сѐ да не биде повторена грешката што била направена со мирот во Версај. Според него, доколку би се формирала „итна унија на сите централноисточни европски држави, би бил создаден блок со најмалку 110 милиони жители, политички кревки и економски тешки за управување, во голема мерка неурамнотежени кон земјоделската страна и целосно зависни од надворешна помош. Експериментирајќи со оваа супер структура пред да бидат воспоставени основите, би ја минирала целта за создавање на идна централноисточна европска конфедерација, загрозувајќи ја реконструкцијата во тој дел и со тоа најдобрите намери за политичко помирување и заедничка одбранбена стратегија“.[355] Но исто така, сметал дека не би се постигнало ништо доколку се формирале два конфедерациски блока наместо една голема конфедерација. Во едниот блок, централно европскиот, требало да влезат Полска, Чехословачка, Австрија и Унгарија, а додека вториот, балканскиот, требало да биде составен од Југославија, Грција, Албанија, Бугарија и веројатно Турција.

[354] Исто, 84.
[355] Исто, 86.

Единствена непознаница била кон кој блок од овие два би се приклучила Романија,а било оставено отворено прашањето за Австрија. Гестетнер, од своја страна, неможел да одгатне од кои причини било предложено постоењето на два блока. Според него, со тоа не било постигнато ништо. И ги поставува прашањата: „Штое тогаш основниот политички мотив кој стои зад упадливата сугестија да се исцрта арбитрарна линија на поделба преку долината на Дунав? Дали оваа поделба е навистина неопходна за хармонична соработка меѓу засегнатите нации? Дали нејзината причина, по малку, е спротивна од намерата на промотерите, настрана од заштитата на нивните држави од германската агресија, да надвладеат одредени послаби учесници во двете комбинации со што би постигнале превласт врз нив?“. Сметал дека тие два блока имале многу сличности со Малата антанта и Балканската антанта кои, „безуспешно, обидувајќи се да создадат ’безбедносен систем‘ против Австрија, Унгарија и Бугарија, не успеаја да ја сопрат германската агресија“.[356]

Како добар познавач на политичките и економските услови потенцира дека: „не би можел да биде воспоставен федерален систем во Централноисточна Европа врз расна основа, врз бројчена супериорност на одредени учесници, ниту пак врз краткотрајни политички интереси. Доколку треба да трае, федерацијата мора да има морална основа. Единствено преку коректно почитување на еднаквоста меѓу нив, централноисточните европски нации би можеле да го докажат своето право да живеат и да постигнат слобода и безбедност, за кои сите тие имаат аспирации. Единствено кога тие ќе се откажат од спроведувањето на екстрава-

[356] Исто, 88.

гантните политики, би можеле, како нивна заслуга, да сметаат на почитта од големите сили за нивниот интегритет. Во новото уредување на Централноисточна Европа, географијата, историјата, традициите, религиските убедувања, економските реалности, образовните и социјалните стандарди и, не и најмалку важно, еднаквостите во начинот на живот на обичните луѓе, не би требало повеќе да бидат занемарени на сметка на расниот и партикуларистичкиот национален критериум. Некакво групирање на малите држави што се наоѓаат помеѓу Германија и Русија, несомнено, ќе се покаже како неопходно во една организација која треба да биде формирана одоздола, а не одозгора“.[357]

Исто така, за постигнување на „политичка стабилност во Централноисточна Европа“, препорачува на почетокот да се „создадат низа федерации, поточно, северноисточна, централноевропска и југоисточна, според наведениот редослед. Таквите регионални федерации ја имаат најдобрата шанса за постигнување на внатрешна рамнотежа, за промовирање на вистински сојуз помеѓу овие нации, словенски или несловенски. Тие, исто така, би овозможиле самоопределување преку децентрализација на образовните, културните и административните прашања“,  а додека одредени  потешкотиите од материјална природа би биле минимизирани.[358]

Бил сосема во право кога заклучува дека кога „Германија ќе биде безопасна, воената моќ на Велика Британија, САД и Русија со текот на годините ќе стане најрелевантна реалност на континентот и реконструкцијата ќе има при-

[357] Исто, 89.
[358] Исто 89-90.

оритет пред надворешната и одбранбената стратегија во Централноисточна Европа“.[359]

Од друга страна, за подунавската група сметал дека идеалното јадро би требало да го сочинуваат Австрија, Чехословачка и Унгарија „поточно Централна Европа во нејзина потесна смисла“. И покрај тоа што сметал дека таквото ограничување на држави кои можеле да влезат е застарено, неговото размислување е дека „вклучувањето на Романија и несомнено на Југославија во федерација на сите подунавски држави, би се покажало, уште на самиот почеток, како суштинско. Ова измешано и забележливо различно население би се балансирало меѓусебно во својата различност. Во оваа подунавска зона, двете големи области, земјоделската и индустриската, од чијашто соработка зависи реконструкцијата во голема мера, тогаш би биле интегрирани од самиот почеток“.[360]

Според него, по промените што би се случиле, политички и економски, би можело да дојде до соработка меѓу трите зони и само во таква ситуација можело да се направи процена „до кој степен е практично да се насочи извозната трговија на североисточната зона кон југ, и онаа на југоисточната зона кон север“. Затоа сметал дека „вообичаените трговски канали мораат да бидат задржани и поттикнати. Централноисточните европски држави ниту имаат ресурси, ниту влијание да спроведат централизирана индустриска стратегија. Не е во нивни интерес да се обединат во еден или два самозадоволувачки блока, на тој начин да се претворат во обврска за англоамериканскиот свет. Секоја од нив мора да настојува да стане економски силна и како

[359] Исто, 90.
[360] Исто, 91.

капитал во меѓународната трговија да биде заживеана во што е можно поширок размер“. Во такви „регионални федерации, централноисточните европски нации на крајот би го пронашле внатрешниот мир. Кога условите во трите групи ќе бидат консолидирани, би можело со сигурност да се направи обид тие да се обединат во една голема политичка конфедерација со заедничка надворешна и одбранбена политика. Еднаквата надворешна и внатрешна трговска стратегија, која би произлегла од условите на самоодржливоста, не претставува есенцијален услов ниту за економски прогрес, ниту за политичка стабилност. Би можело и би требало да постојат три регионални економски федерации во рамките на конфедерацијата на централноисточните европски нации“.[361] Во таква ситуација сигурно дека „заедничкиот интерес за одржување на нивниот политички интегритет и индивидуалност најдобро би служел доколку тие ја координираат воената одбрана, надворешната и економската стратегија со онаа на Британскиот комонвелт, САД и Русија“. Сметал дека „Пољаците и Чесите со својата западна цивилизација би претставувале мост, кој недостасуваше досега, помеѓу Русија и англиско говорниот свет“. Исто така, сметал дека „слободата и просперитетот на негерманското говорно население од Подунавието ќе биде најдобриот доказ за Германците од Рајхот дека и тие можат да достигнат слобода и просперитет преку мирољубива соработка со другите народи од Европа, наместо преку создавањето на пруски военоапсолутистички центар на моќ“.[362]

[361] Исто, 93.
[362] PROFO 371/33134 R 6423/43/67.

Размислувањата на Гестетнер го привлекле вниманието на скспертите на Форин офис. На 21 јули 1942 година, еден од експертите ќе истакне дека студијата „претставува многу импресивен документ“ и дека Гестетнер „се залага за повторно создавање на нешто како старата Австроунгарска Империја. Затоа тој е против предложената полско-чешка конфедерација и уште повеќе против обидот да влезат во конфедерација Пољаци, Чеси, Унгарци и Словаци“.Економските аргументи што ги дал Гестетнер, изгледале многу разумни за предвидените конфедерации.

И експертот Робертс, од Министерството за надворешни работи, на 10 август 1942 година, истакнал дека „документот на г. Гестетнер ме восхити како сосема компетентна презентација на случајот за реставрација на политичката единица толку слична на старата Австро-унгарска Империја“. Тој сметал дека „од гледна точка на британскиот интерес и европската безбедност, колапсот на Австроунгарската Империја беше голема несреќа“ и бил сигурен дека формирањето на подунавска федерација „ќе има економски и дури и политички предности“, но самиот гледал мала надеж во нејзиното реализирање.

И покрај фактот што имало економски и политички тешкотии за полско-чешката и грчко-југословенската федерација, сметал дека нивните темели веќе постоеле и врз тие темели требало да се гради „многу поамбициозна подунавска федерација составена врз еднакви основи од поранешните сојузници и поранешните непријатели“. Спо-ред него, целта на Велика Британија во таква ситуација би била да „изградиме некоја единица потенцијално способна да ја држи Германија под контрола со помош на големите сили“ и уште повеќе се застапувал за градење на конфе-дерации

со „нашите словенски сојузници отколку на сомни-телни елементи како Австрија, Унгарија и Романија“.[363]

На 21 јули 1942 година, Гестетнер испраќа писмо до заменик-секретарот на државата во кое дава некои појаснувања во однос на своите идеи. Во тој контекст, тој потенцира: „една од аномалиите изведени од подунавскиот економски национализам беше дека информациите што доаѓаат до Британија за земјите претежно со индустриски карактер, се добиени од земјоделски извори; извештаите за земјите со претежно земјоделски карактер доаѓаат од индустријалците. Како резултат на ова, се вкоренија овде заблуди, кои подоцна водеа кон сериозни погрешни проценки за кризата во овие земји“.[364] Според него, чехословачката политика на земјоделска самоодржливост водела кон „криза во индустрискиот Судетски Регион – сосема независно од неискрениот став на Рајхот. Меѓутоа, земјоделската политика што произлегува од извештајот на лорд Рунциман, никогаш не беше сфатен дека беше главната причина за падот на Судетите, така што лекот се виде во отстапување на Германија“.[365]

На 5 декември 1942 година, професорот Лафан од службата за надворешни истражувања и печат при Кралскиот институт за меѓународни односи од Балиол Колеџ од Оксфорд, го известува Роуз од Министерството за надворешни работи дека материјалот на Гестетнер бил разгледан од „неекономските експерти...кои...сметаа дека, иако на некои места беше чуден и преувеличувачки, документот во целост е стабилен и разумен“. Меѓутоа „Фишер, нашиот

[363] Исто, 67.
[364] Исто.
[365] Исто.

економски првенец, сепак, го врати со жестоки критики; критики кои на Макартни и на мене ни изгледаа претерани, па го повикавме Фишер на состанок во врска со темата“. На состанокот, економскиот експерт доследно се држел до своите ставови и се сложил само да модифицира некои точки од своите забелешки. Фишер, како што истакнува Лафан, бил „толку опседнат од потребата за нагласување на виталната потреба на Подунавието за економски односи со надворешниот свет, што тој не би ги признал предностите од создавањето на единствена економска зона во Подунавието“.[366]

Сигурно дека идеите за федерации, конфедерации и унии на Балканот и Југоисточна Европа до крајот на војната ги преокупирале експертите на Велика Британија, СССР и САД, но развојот на настаните на фронтовите и новата состојба што се создала, ги принудило во од да ги менуваат своите ставови со цел да ги зачуваат своите стратегиски цели на Балканот и во Југоисточна Европа. Но, сигурно дека во овие идеи може да се види и нацртот на денешната Европска Унија.

[366] Исто.

## ИНДЕКС НА ГЕОГРАФСКИ ПОИМИ


**А**

Австрија 13, 14, 19, 26, 45, 71, 103, 117-119, 121-123м 127, 128, 138, 139, 146, 150, 159, 161-164, 167
Австро-Унгарија 14, 46
Албанија 11, 12, 19-21, 40, 53-55, 58, 60-63, 68, 99, 100, 103-105, 162
Америка 14
Анкара 33, 108

**Б**

Балкан 3, 5, 7, 10-13, 15-18, 20, 24-26, 32, 34, 36, 37, 40-42, 47, 48, 52, 58, 59, 65-67, 69-72, 75-77, 82, 86-89, 93, 106, 107, 109-113, 118, 142, 147, 155, 169
Балтик 59, 60, 89, 96, 139, 159
Бесарабија 21, 63, 72, 104, 105, 135
Битола 5
Блискиот Исток 12
Босилеград 5
Бугарија 10-12, 21-24, 28, 29, 31-33, 35-37, 40, 44, 47, 48, 52, 63-66, 68, 70-72, 76, 82, 88, 95, 96, 99, 103-105, 107, 113, 114, 162, 163

**В**

Варна 5
Варшава 118
Велика Британија 5, 6, 9, 12, 13, 15, 22, 24, 25, 29, 38, 39, 41, 45, 51, 55, 75, 81, 82, 86, 90, 95, 99, 110, 115, 118, 134, 136, 137, 140-144, 146, 147, 155, 164, 167, 169
Версај 117, 119, 128, 133, 135, 151
Виена 118, 146

**Г**

Германија 5, 14-16, 19, 26, 32, 34, 35, 37, 56, 57, 60, 64-66, 70, 84, 88, 89, 97, 100-102, 107, 108, 117, 118, 124, 126, 129-138, 140, 141, 143, 144, 147, 149, 155-157, 159-161, 163, 164, 167, 168
Грција 5, 9, 11-13, 18, 20-24, 30, 32, 34, 36, 38, 40, 42-46, 52, 54, 57-59, 61-63, 69, 71, 81-84, 87, 89, 92, 99, 101, 104, 105,

107, 110, 111, 113, 146, 147, 162

**Д**

Данцинг 160
Добруџа 11, 40
Доденканез 99
Дунав 96, 99, 100, 119

**Е**

Европа 7, 9, 12, 15-18,25, 30, 32, 56, 59, 66, 74, 83-86, 90, 92, 93, 94, 96, 97, 99, 101, 154, 166
Европа, западна 146
Европа, источна 13, 115, 116, 139, 140,158
Европа, југоисточна 1, 5-7, 9, 13, 15, 16, 42, 43, 64, 65, 72, 91, 95, 103, 109, 110, 117, 131, 155, 158, 169
Европа, средна 13
Европа, централна 57, 102, 115, 116, 139, 158, 160, 164
Европа, централноисточна 163, 164
Егејско Море 159

**И**

Источна Прусија 103, 136, 160
Италија 5, 20, 57, 60, 61, 100, 101, 106, 117, 118, 140, 155

**Ј**

Јагодина 9
Југославија 5, 9-13, 15, 18, 19, 24-40, 42-48, 52, 54, 57-59, 62-67, 69-71, 81-89, 92, 95, 96, 98, 101, 104, 105, 113, 117, 121, 122, 125-127, 129, 132, 135, 137, 139, 142, 146, 149, 151, 159, 162

**К**

Карловац 6
Кипар 99
Крит 147
Кубишев 75, 86

**Л**

Лозана 9
Лондон 5, 9, 48, 57, 67, 69

**М**

Македонија 9, 11, 23, 25, 32, 40, 59, 68, 100, 107, 114

Медитеран 18, 19, 59, 60, 84, 99
Морава 32
Москва 6, 27, 33, 36, 48, 63, 72

**Н**
Нови Сад  5

**О**
Оксфорд 167
Османска Империја 14

**П**
Париз 10, 136
Подунавие 34, 117, 118, 121-125, 128-131, 133, 135-137, 140-150, 154-157, 161, 166, 168, 169
Познан 160
Полска 5, 26, 28, 29, 31, 32. 44, 57, 88, 89, 92, 94, 101, 103, 105, 108, 115, 116, 118, 139, 141-143, 155, 159, 160, 162
Поморже 160
Прага 118

**Р**
Рајна 117
Романија 11, 12, 14, 18, 21, 30, 32, 40, 59, 63, 65, 71, 72, 75, 76, 82, 88, 89, 94, 96, 103-106, 108, 109, 113, 117-119, 121, 122, 127, 129, 132, 134, 135, 137, 139, 140, 142, 143, 145, 149, 151, 159,162, 164, 167
Рур 127
Русија 5, 28, 29, 31, 33, 35, 37, 57, 64, 66, 67, 70, 84, 93, 97, 100-103, 105, 108, 110, 135, 136, 147, 151, 159, 163, 164, 166

**С**
Северен  Епир 20, 21, 61
Северна Буковина 21, 63, 104, 135
Скопје 23, 116, 118
Скутари 21, 53-55, 61, 62
Словенија 18, 41, 59, 64, 95, 96, 106, 108
Словенија 18, 41, 64, 96, 106
Соединети Американски Држави (САД) 6, 15, 24-26, 91, 33, 54, 74, 76, 83, 90-92, 258, 164, 166, 169
Србија 5, 23, 24, 32, 95, 107, 114, 126, 135, 137
СССР 6, 13, 15, 16, 20, 21, 23, 24, 27, 28, 36, 36, 63, 64, 72, 74, 77, 93, 93, 94, 110, 113, 126, 169

**Т**
Тракија 23
Трансилванија 11, 18, 40, 59, 68, 89, 105, 106, 135
Тријанон 127
Трст 5
Турција 5, 12, 22-24, 30, 32, 44, 51, 57, 65, 68, 71, 72, 74, 77, 82, 84, 85, 100, 101, 107, 109-112, 162

**У**
Унгарија 14, 135

**Х**
Хрватска 18, 41, 59, 95, 106, 108, 126, 137

**Ц**
Црна Гора 14
Црно Море 23, 87, 139, 160

**Ч**
Чехословачка 5, 28, 88, 92, 105, 122, 125, 127, 132, 137-139,151, 159, 164

**Ш**
Шлезија 160

## ИНДЕКС НА ЛИЧНИ ИМИЊА


**А**
Авировиќ, д-р Ирена 116, 117
Адамиќ, Луј 26
Александар 37
Антоанеску 89
Ататурк 37

**Б**
Бејкер, Ноел 92
Бенеш, 85
Богомолов 86
Борис III 70, 88, 97, 98

**В**
Вишински 75, 86

**Г**
Гестетнер, Лео 116, 118, 125-127,129-131, 133-135, 138-140, 142-147, 149, 151, 152, 154, 156, 159,166-168

**Д**
Диксон 41, 42, 83, 85

**Ѓ**
Ѓорѓе, крал 81

**И**
Идн, Антони 9, 14, 38, 45, 52, 74, 92, 93, 97

**Ј**
Јовановиќ 70

**К**
Кадоган, Александар 74
Караѓорѓевиќ, Петар II 34, 81, 83, 86
Крек 95
Крњевиќ 86

**Л**
Лафон 167, 168

**М**
Макартни 167
Мекдугал 90, 91
Миловановиќ, Владимир 35
Михајловиќ 70
Молотов 36, 37, 72

**Н**
Недиќ 95, 97
Николова, Соња 2-4
Нинчиќ, Момчило 9,10, 11, 27, 31-33, 36, 38, 39, 41, 44, 46-48, 52, 55, 69, 71, 77, 94, 97
Нуман 109, 110

**П**
Petranović, Branko 6
Петар Велики 109

**Р**
Рендел, Џорџ 9, 10, 35, 38, 63-65, 67, 70, 94, 95, 97, 108, 114
Ресел, д-р Томас 92
Ретингер 93
Рибентроп 63
Робертс 166
Роуз 39, 41, 168
Рузвелт, Франклин Делано 6
Рунциман, лорд 167

**С**
Сарачоглу 108, 109
Сарџент, Орме 12, 35, 36, 43, 47, 109, 111, 113, 114
Сикорски, генерал 93
Симовиќ, Душан 31, 48, 97
Симопулос 74
Спаак 93
Сталин 26-28, 30, 72, 85
Стамболиски, Александар 88
Стојадиновиќ 32

**Т**
Тодоров, Коста 10
Тојнби, Арнолд 15, 62, 98, 115

**Ф**
Фишер 167

**Х**
Хагесен, Начбул 108-111
Хауард, Даглас 97, 98, 108

Хитлер 5, 15, 34-36, 56, 124, 127,128, 138-140, 144-147

**Ц**
Цудерос, Емануел 39, 41-46, 51, 52, 73, 76, 78, 111

**Ч**
Чепреганов, Тодор 2-4, 23, 116, 117
Черчил, Винстон 6, 7, 140-143, 169

**Џ**

Џинго, д-р Теон 116, 117
Đuretić, Veselin 15, 26

**Ш**

Шрамек 85

СОДРЖИНА

Вовед ……………………………………………………..5

Југословенската иницијатива…………………..9

Британските идеи за федерации………………..17

САД и идеите за федерации………………………29

СССР и идеите за федерации………………………32

Југословенското приближување кон Грција………45

Грчката реакција најугословенскиот предлог…......55

Британската анализа на грчко-југословенскиот предлог за федерација……………………………........61

Британските планови за подунавска федерација…127

Германската политика кон подунавските земји….141

Британската политика кон подунавските земји….157

Индекс на географски поими…………………….. 187

Индекс на лични имиња ………………………..191

# БРИТАНСКИТЕ ПЛАНОВИ ЗА ПОВОЕНОТО УРЕДУВАЊЕ НА БАЛКАНОТ И ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА 1941-1945

д-р Тодор Чепреганов
д-р Соња Николова

За издавачот:

Рецензенти:

Лектор:
Валентина Великова

Печатница: